# СТЕКНУВАЊЕ ПРИЈАТЕЛИ ЗА БОГА

## Радосни што учествуваме во Неговата мисија

БИБЛИСКА ДОКТРИНА
јули, август, септември 2020

**СТЕКНУВАЊЕ ПРИЈАТЕЛИ ЗА БОГА**
Автор: *Марк Финли*
Број 3/2020

**Поуки од Библијата - издание за возрасни**

Поуки од Библијата - изданието за возрасни го подготвува Одделението за црковна служба при Генералната конференција на адвентистите на седмиот ден.

Поуките се подготвени под надзор на проширениот одбор за саботношколска поука чиишто членови се консултативни уредници. Печатената библиска поука е придонес на одборот и затоа не мора секогаш да се бара дозвола од писателот.

*Издава:*
**АИК „Знаци на времето“**
Одделение за саботна школа

*Подготовка:*
**Мелита Томовска**

*Коригирал:*
**Томе Трајков**

*Одговара:*
**Томе Трајков**

*За издавачот:*
**Михајло Гурев**

СОДРЖИНА:

1. Зошто треба да сведочиме? ........................................................ 7

2. Сведочење што придобива: моќта на личното искуство ...... 14

3. Да гледаме на луѓето со Исусови очи ..................................... 21

4. Силата на молитвата: посредување за другите ..................... 28

5. Сведочење во силата на Духот ............................................... 35

6. Неограничени можности.......................................................... 42

7. Објавување на Речта ............................................................... 49

8. „Служење по угледот на Исус“ ................................................ 56

9. Изградување став кој освојува ............................................... 63

10. Возбудлив начин да се вклучиме .......................................... 70

11. Ширење на веста за Исус......................................................... 77

12. Порака која вреди да се објавува........................................... 84

13. Чекор во верата........................................................................ 91

**Додаток**

Утрински стихови - јули ............................................................ 98

Утрински стихови - август........................................................... 99

Утрински стихови - септември.................................................. 100

Секојдневно читање на Библијата............................................ 102

Текстови за вечерно Богослужение...........................................103

Табели за почеток на саботата во Македонија................... 104-106



# ВОВЕД

## Радосни што учествуваме во Неговата мисија

Има моменти кога една единствена мисла предизвикува длабока промена во нашиот живот. Пред неколку години седев на проповедничкиот состанок со некои свои колеги. Разговорот се сврте кон тоа како со другите да ја споделуваме нашата вера, за сведочењето и евангелизирањето. Еден од моите пријатели ја изнесе следната мисла: „Мисијата првенствено е Божје дело. Тој ги ангажира сите ресурси на небото за да ја спаси нашата планета, а нашиот дел во работата е радосно да соработуваме со Него во Неговото дело на спасување на изгубените“. Одеднаш ми се причини дека тежок товар падна од мојот грб. Значи, мојата работа не е да го спасувам изгубениот свет! Бог го прави тоа. Мојата одговорност е само да соработувам со Него во она што Тој веќе го презема.

Таа идеја – дека мисијата е Божје дело – јасно се провлекува низ целото Писмо. Соломон тоа го изразува на следниот начин: „Им ја всадил вечноста во нивните срца“ (Проповедник 3,11); или според српскиот превод на Библијата, „Во срцето им ја ставил мислата за вечноста“. Кога личноста ќе се роди на овој свет, Бог тој копнеж за вечност го всадува во самото ткиво на нејзиното битие. Како што и Августин во една прилика рекол: „О Господи, Ти си нè создал за Себе, и нашите срца немаат спокој, дури не го најдат во Тебе.“ Во Евангелието според Јован, Исус е светлината која го осветлува секој оној што ќе се роди на овој свет (Јован 1,9). Бог не само што во секого од нас всадил копнеж за Него, туку го испраќа и Светиот Дух да нè привлекува кон Него.

Секоја желба да правиме добро, секое осведочување за гревот, се поттикнати од Светиот Дух. Секоја желба за добрина, како и склоност кон љубезност и несебичност, најпрвин се поттикнати од Светиот Дух. Иако тоа можеби не го разбираме и не го увидуваме во потполност, Светиот Дух дејствува во нашиот живот за да нè привлече кон Исуса (Јован 16,7-5). А самиот Исус е најголемиот од сите дарови.

Кога човечкиот род бил безнадежно изгубен поради гревот, осуден на вечна смрт, Божјата љубов ја презела иницијативата. Лука пишува: „Зашто Човечкиот Син дојде да го бара и да го спаси изгубеното“ (Лука 19,10). Апостолот Павле додава: „Но Бог ја покажа својата љубов кон нас со тоа, што Христос умре за нас, додека уште бевме грешници“ (Римјаните 5,8) Бог ја презел иницијативата за нашето спасение. Христос ја напуштил славата и сјајот на небесата и дошол на овој од грев помрачен свет во искупителска мисија.

*„На небесниот совет, дури и пред светот да биде создаден, Отецот и Синот се заветувале еден на друг дека Христос – кој е едно со Отецот, ако човекот се покаже неверен кон Бога, ќе го заземе местото на престапникот за да ја претрпи казната која, според барањата на правдата, мора да падне врз Него.“*

Пред ние да го преземеме и најситниот чекор кон Него, Бог направил еден џиновски скок кон нас. Пред ние и воопшто да Му го предадеме својот живот, Тој со сопствената смрт обезбедил спасение за нас. Ние сме биле Негови непријатели, но Тој бил наш пријател. Му го бевме свртеле грбот, но Тој го сврте своето лице кон нас. Слабо се грижевме за Него, но Тој неизмерно се грижеше за нас.

Во 15. глава од Евангелието според Лука, Тој е опишан како добар пастир кој неуморно трага по својата изгубена овца, како жена која очајнички ја бара изгубената сребрена паричка од својот мираз, како остарениот татко кој беспоштедно трча во пресрет на својот изгубен син. Елена Вајт ја изнесува ова прекрасна забелешка и навистина заслужува да размислиме за неа: „Големиот план на спасение бил донесен пред основањето на светот. Христос не стоел сам во тој чудесен потфат за откупување на човекот. На небесниот совет, дури и пред светот да биде создаден, Отецот и Синот се заветувале еден на друг дека Христос – кој е едно со Отецот, ако човекот се покаже неверен кон Бога, ќе го заземе местото на престапникот за да ја претрпи казната која, според барањата на правдата, мора да падне врз него“ (The Advent Review and Sabbath Herald, November 15, 1898).

Размислувајте околу ова за момент. Ние имаме неверојатна привилегија и огромна одговорност, но и вечна радост во учествувањето и соработката со Христа во Неговата мисија. Тоа е она со што ќе се занимаваме во овие лекции во текот на целото ова тримесечје.

*Родум од Конектикат, САД, Марк Финли, меѓународно признат евангелист, бил потпретседател на Генералната конференција од 2005 до 2010. Откако се пензионирал, станал помошник на претседателот на Генералната конференција. Пасторот Финли и неговата сопруга Ернестина имаат три деца и пет внучиња.*

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 1**
**Од 27 јуни до 3 јули 2020**

# ЗОШТО ДА СВЕДОЧИМЕ?



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јаков 5,19.20; Лука 15,6; Софонија 3,17; Јован 7,37.38; 1. Тимотеј 2,3.4; 2. Коринќаните 5,14.15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ова е добро и угодно пред Бога, нашиот Спасител, кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината“** (1. Тимотеј 2,3.4).

Бог длабоко копнее сите луѓе, на секое место, да одговарат на Неговата љубов, да ја прифатат Неговата благодат и да бидат спасени за Неговото царство. Нема нешто што Тој би го сакал повеќе од нашето спасение. Неговата љубов е безгранична. Неговата милост е неизмерна. Неговото сочувство е бескрајно. Неговото проштавање е неисцрпно. Неговата сила е бесконечна за разлика од паганските богови кои барале да им се принесуваат жртви, нашиот Бог сам принесол врвна жртва. Колку и да сакаме да бидеме спасени, Бог уште повеќе сака да нè спаси. „Ова е добро и угодно пред Бога, нашиот Спасител, кој сака сите луѓе да се спасат и да дојдат до познавање на вистината“ (1. Тимотеј 2,3.4). Неговото срце копнее за вашето и моето спасение.

Сведочењето во потполност се однесува на Исуса. Тоа се сведува на приказната за тоа што сторил Тој за да нè спаси, како го променил нашиот живот, колку величествена вистина се Неговите зборови кои ни зборуваат кој е Тој и ни ја откриваат убавината на Неговиот карактер. Значи – зошто да сведочиме? Затоа што, еднаш кога ќе сфатиме кој е Тој, кога ќе ја доживееме убавината на Неговата благодат и силата на Неговата љубов, ние не можеме да молчиме. И повторно – зошто да сведочиме? Затоа што, соработувајќи со Него, влегуваме во неговата радост, додека гледаме како Тој ги откупува луѓето со својата благодат и ги преобразува со Неговата љубов.

## БОГ: КУС ПОГЛЕД НА СОЗДАВАЊЕТО

На луѓето ширум светот Бог секојдневно им пружа прилика да Го запознаат. Со посредство на Светиот Дух, Тој делува на нивното срце. Тој се открива преку убавината и сложеноста на светот на природата. Огромното пространство, сеопштиот ред и симетријата на вселената зборуваат за еден вечен Бог со неограничена мудрост и бескрајна сила. Преку своето провидение, Тој ги уредува околностите во нашиот живот за да нè привлече кон себе.

Иако Бог ни се открива себеси преку сведочењето на својот Дух, убавината на природата и делата на провидение, сепак најјасното откровение на Неговата љубов го наоѓаме во животот и службата на Исуса Христа. И затоа, кога на другите им зборуваме за Исуса, ние им пружаме најдобра прилика за спасението.

**Прочитајте го стихот Лука 19,10 и споредете го со стиховите во Јаков 5,19.20. Што можеме да научиме од Евангелието според Лука во врска со целта на Христовото доаѓање на Земјата? Како ние соработуваме со Христа во Неговото дело за спасение на изгубените?**

___

Според апостол Јаков, „нека знае дека оној, кој ќе го врати грешникот од неговиот заблуден пат, ќе ја спаси неговата душа од смрт и ќе покрие мноштво на гревови“ (Јаков 5,20). Посланието до Римјаните дополнително ја нагласува оваа мисла. Во 1. и 2. глава од посланието до Римјаните гледаме дека и паганите кои го гледаат Божјето откровение во природата и Евреите кои го примиле Божјето пророчко откровение преку Светото писмо – се подеднакво изгубени без Христа. Од 3. до 5. глава во посланието до Римјаните, апостолот открива дека спасението се добива врз основа на благодатта, исклучиво со вера. Од 6. до 8. глава во посланието до Римјаните се наведува дека благодатта е таа која го оправдува секој верник, а едновремено е и благодат која посветува. Во 10. глава апостолот тврди: „Бидејќи секој кој ќе го повика името Господово, ќе биде спасен“ (Римјаните 10,13), а потоа истакнува дека никој не може да го повика доколку не верува, а повторно – не може да верува ако не слушнал, ниту пак може да слушне доколку некој не му каже (Римјаните 10,14.15). Според тоа, ние сме алки во планот на спасението преку кои Бог досегнува до изгубените луѓе со својата слава и евангелие.

**Ние не сведочиме за на луѓето да им пружиме единствена, туку – најдобра прилика за спасение. Значи, каква е нашата улога во Божјиот план на откупување на човечкиот род? Размислете и за следното: колку луѓе слушнале за евангелието од вашата уста?**

## КАКО ДА ГО ИЗРАДУВАМЕ ИСУСА?

Дали некој ве прашал: „Како се чувствувате денес?“, „Дали денеска кај вас е сè како што треба?“ А што ако вие на Бога му го поставите ова прашање: „Боже, како се чувствуваш денес?“ Што мислите, каков одговор би добиле? Можеби некој како што е овој: „Денес имав особено тежок ден. Солзи ми надојдоа кога ги видов бројните кампови полни со бегалци, со деца кои плачат, се смрзнуваат и гладуваат. Минував по улиците од пренаселените градови насекаде во светот и тагував со бездомниците и сиромашните. Срцето ми се крши поради измачените жени и деца кои се продаваат како сексуално робје. Присуствував на воени пустошења, разорни последици од природни катастрофи, и агонија од исцрпувачки и смртоносни болести“. Дали тогаш би Му возвратиле со прашањето: „Боже, дали постои нешто што би можело да те израдува? Дали има нешто што носи радост во Твоето срце? Постои ли нешто што би те натерало да запееш?“

**Прочитај ги следните текстови: Лука 15,6.7.9.10.22-24.32. На кој начин секоја од тие приказни завршува и што ни кажуваат тие завршетоци за Бога?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Целото небо се радува кога оние кои се изгубени ќе се пронајдат. Во светот полн со болести, несреќи и смрт, ние можеме да донесеме радост во Божјето срце делејќи ја „добрата вест“ на спасението со другите. Еден од најсилните поттици за споделување на Христовата љубов е сознанието дека сведочењето донесува радост во Божјето срце. Секојпат кога зборуваме за Неговата љубов, целото небо пее.

**Прочитајте го стихот Софонија 3,17. Како нашиот Господ реагира кога ние ќе ја прифатиме Неговата спасоносна благодат?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

**Замислете ја следната сцена: како резултат на вашето сведочење некој човек, или жена, или момче, или девојче го прифаќа Исуса како свој личен Спасител. Исус се радува. По целото небо одекнува прекрасната песна, а нашиот моќен Спасител се радува за тие души и пее. Што може да ви донесе поголема награда, поголемо исполнување од сознанието дека во овој свет на тага вашето сведочење влева радост во Божјето срце?**

## РАСТ ОВОЗМОЖЕН СО ДАВАЊЕТО

Мртвото Море има најмала надморска височина на земјата. Со површина на водата од околу 430,5 метри под морското ниво, претставува најниското море на светот. Реката Јордан извира од Галилејското Море и тече низ Јорданската долина со своето устие во Мртвото Море.

Топлата сува клима со интензивна сончева светлина и пустински услови, доведува до тоа водата доста брзо да испарува. Бидејќи содржината на солта и минералите во Мртвото Море изнесува 33,7 проценти, многу малку жив свет може да преживее во неговата вода. Тука нема ниту риби, ниту пак билки, само некои микроби и бактерии на дното.

Така е и во нашиот христијански живот – ако Божјата благодат се влева во нашиот живот но не тече кон другите, ние стануваме застоени и безживотни како Мртвото Море. А тоа не е начинот на кој ние, како христијани, би требало да живееме.

**Прочитајте ги текстовите Јован 7,37.38 и Лука 6,38. Наспроти искуството кое потсетува на Мртвото Море, до какви резултати природно доаѓа кога верниците примаат освежувачки млазови жива вода од Христа?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Бог би можел да ја постигне својата цел: да ги спаси грешниците без наша помош; но, за да развиеме карактер сличен на Христовиот, мораме да учествуваме во неговата работа. За да учествуваме во неговата радост – во радоста да ги видиме душите откупени со неговата жртва - мораме да учествуваме во неговите напори за нивниот откуп“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 142 оригинал).

„Оние кои сакаат да победат, мораат да се откажат. И единственото нешто што може да го оствари ова големо дело е длабоката заинтересираност за спасението на другите“ (Ellen G. White, *Fundamentals of Christian Education,* p. 207).

Ние растеме кога на другите им зборуваме што сторил Христос во нашиот живот. Со оглед на сè што сме примиле од Христа, што освен грубата себичност би можело да нè спречи со другите да го споделиме она што сами сме го примиле? Во меѓувреме, ако не зборуваме за својата вера, нашиот духовен живот ќе стане застојан како Мртвото Море.

**Какви се вашите искуства кога станува збор за сведочењето на другите, молитвата со другите и служењето на потребите на другите? Како тие искуства влијаат на нашата вера во нашето одење со Господа?**

# ВЕРНОСТ КОН ХРИСТОВАТА ЗАПОВЕД

Преданоста кон Христа бара посветеност во извршувањето на Неговата волја. Тоа нужно подразбира послушност на Неговите заповеди. Како резултат на тоа, срцето почнува, напоредно со Неговото срце, да чука за спасение на изгубените. Приоритет ни станува она на што Тој му дава приоритет.

**Прочитајте ги текстовите 1. Тимотеј 2,3.4 и 2. Петрово 3,9. Што ни говорат тие текстови за Божјето срце? На што Тој дава приоритет?**

_______________________________________________________________

_______________________________________________________________

Бог со длабок стремеж се зазема за спасението на луѓето. Нему ништо не му е поважно од тоа. Негов длабок копнеж е „сите“ да се спасат и „да дојдат во познавањето на вистината“ (1. Тимотеј 2,4). Тој, „Господ... не сака некој да пропадне, туку сите да дојдат до покајание“ (2. Петрово 3,9). Во врска со овој стих, адвентистичкиот библиски коментар истакнува дека тука е употребен грчкиот збор *boulomai,* кој изразува „наклонетост на умот, како што се ‘може’ или ‘сака’“. Понатаму во коментарот се изнесува дека проникливото забележување се однесува на зборот „него“. Грчкиот збор за „него“ е alla. Овој збор овде е употребен „за да се нагласи спротивноста помеѓу погрешното сфаќање на Божјата природа – како Тој да сака некои да загинат, и вистината дека Тој всушност сака сите да се спасат“ (The SDA Bible Commentary, vol. 7, p. 615). Христовата заповед е упатена до секој од нас, да земеме учество во Неговата мисија како сведоци на Неговата љубов, благодат и вистина, всушност произлегува од Неговата желба да се спаси целото човештво.

**Прочитајте Дела 13,47 и споредете го со стихот Исаија 49,6. На кого првично се однесувал овој стих? А како го користи апостол Павле?**

_______________________________________________________________

Понекогаш старозаветните пророштва имаат повеќе од една примена. Овде апостол Павле зема едно пророштво кое се однесувало најпрво на Израел, а во посебна смисла на Месија (види Исаија 41,8; Исаија 49,6 и Лука 2,32), и го применува на новозаветната црква. Ако црквата ја занемарила Христовата заповед или го намалила нејзиното значење, би ја промашила целта на своето постоење, и не би успеала да одговори на својот пророчки позив во светот.

**Во каква опасност може да се најде црквата, дури и локалната црква, ако стане толку насочена кон себеси и да заборави која е нејзината цел на прво место?**

## МОТИВИРАНИ ОД ЉУБОВТА

Оваа седмица посветивме внимание на изнаоѓањето одговори на прашањето: „Зошто да сведочиме?“ Така откривме дека, додека ја делиме верата, доживуваме радост од соработката со Бога во Неговата мисија за овој свет. Нашето сведочење за Неговата љубов им пружа на луѓето поголема шанса за спасение, бидејќи им помага појасно да ја согледаат Неговата благодат и вистина.

Во исто време, сведочењето е и еден од Божјите методи за духовен раст. Пропуштањето да зборуваме за она што Христос го направил за нас и да им служиме на другите, го гуши автентичниот духовен живот.

Сведочењето нè доведува во допир со срцето на Оној кој копнее да се спаси целото човештво. Тоа е одговор на послушноста на Неговата заповед. Во денешната поука ќе ги испитаме највважните од сите причини за сведочење.

**Прочитајте ги следните стихови: 2. Коринќаните 5,14.15.18-20. Што го поттикнало Павле да помине низ сите тие искушенија, неволји и тешкотии поради евангелието? На кој начин истите причини можат и нас да нè поттикнат да му служиме на Христа?**

___________________________________________________________________

___________________________________________________________________

Апостол Павле бил поттикнат од љубовта. Има работи кои вие би ги направиле од љубов и поради ништо друго. Со зборовите „љубовта Христова нè гони“, апостолот ја изразил вечната вистина. Зборот „гони“ значи „поттикнува, присилува, контролира или високо мотивира“. Христовата љубов управувала со Павловите постапки и го поттикнувала да сведочи. Храбар и решителен, тој зборувал за планот на спасението по целиот Медитеранскиот свет.

„Љубовта треба да живее во срцето. Побудите на вистинскиот христијанин се наоѓаат во коренот на длабоката љубов кон својот Учител. Од длабочината на неговата љубов кон Христа извира несебичниот интерес кон неговите браќа“ ( Ellen G. White, *The Adventist Home,* p. 425).

Кога навистина ќе ја сфатиме огромната жртва што Христос ја принел за нас, ние стануваме совладани од Неговата љубов и присилени на другите да им зборуваме за она што Тој го направил за нас.

**Оној кој создал сè што постои (галаксии, ѕвезди, чети од ангели, целата вселена и други светови) е истиот Оној кој умрел на крстот за нас. Како таа вџашувачка вистина да не потикне во нас љубов кон Бога и желба да зборуваме за таа љубов?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте ја главата под наслов „Бог има цел за својата црква“, од книгата *Делата на апостолите* од Елена Г. Вајт, стр. 9-16 оригинал, и извадокот од нејзината книга *Копнежот на вековите*, од 822 до 828 стр. од оригиналот.

На новозаветната црква ѝ се заканувала опасност погрешно да ја сфати целта на своето постоење. Елена Вајт ја опишува таа опасност: „Прогонствата, на кои била изложена црквата во Ерусалим, во голема мера го засилиле делото на евангелието. Успесите што го придружувале проповедањето на евангелието во тој град биле толку големи, што постоела опасност учениците тука премногу да се задржат, заборавајќ и го налогот на Спасителот да одат по цел свет. Губејќи го од вид фактот дека силата на отпорот против злото најдобро се стекнува токму во напад, тие мислеле дека нивна најважна задача е црквата во Ерусалим да ја штитат од нападите на нејзините непријатели. Наместо да ги поучуваат новообратените како да им го проповедаат евангелието на оние кои уште не го чуле, тие се наоѓале во опасност да тргнат по пат на кој сите би биле задоволни со она што е постигнато“ (*Делата на апостолите,* стр. 105 ориг.).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Обрнете внимание на претходниот цитат од книгата на Елена Вајт, а посебно на последната реченица. Зошто мораме, дури и денес да водиме сметка за истата потенцијална опасност? Со оглед на мисионските предизвици кои се пред нас, зошто таквиот став бил страшно, па дури и трагично погрешен?**
2. **Зошто, според ваше мислење, сите Евангелија завршуваат со сличен налог? Прочитајте Матеј 28,18-20, Марко 16,15.16, Лука 24,46-49 и Јован 20,21. Што значело тоа за верниците во првиот век, и што би требало да значи тоа за нас денес?**
3. **Може ли сведочењето и службата понекогаш да се сфатат како замена за вистинската духовност? Ако можат, на кој начин доаѓа до тоа и како ние да не паднеме во таа стапица?**
4. **Разговарајте во класата за својот одговор на прашањето од крајот на проучувањето за вторник – како влијаат сведочењето и службата на нашиот духовен раст. Што од она што сте го научиле може да им користи на другите? Кои грешки сами сте ги направиле, а кои би можеле да им помогнат на другите да ги избегнат?**
5. **Размислувајте за восхитувачкиот факт дека Бог го сака секој од нас поединечно. Како да разбереме што значи тоа? Како таа, веројатно најважна вистина во вселената, би требало да влијае на нашиот начин на живот?**

Поука 2
4 - 10 јули 2020

# СВЕДОЧЕЊЕ ШТО ПРИДОБИВА – МОЌТА НА ЛИЧНОТО ИСКУСТВО



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 5,15-20; Марко 16,1-11; Дела 4,1-20; 1. Јованово 1,1-3; Галатјаните 2,20; Дела 26,1-32.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Зашто, ние не можеме да не зборуваме за она, што сме го виделе и чуле“ (Дела 4,20).**

Личното искуство има необична моќ. Кога Христовата љубов ќе ни го загрее срцето и кога ќе се промениме со Неговата благодат, ние имаме нешто значајно да кажеме за Него. Едно е кога зборуваме што Исус направил за некој друг, а сосема нешто друго е кога можеме да кажеме што направил за нас лично.

Тешко може да се даде приговор за личното искуство. Луѓето можат да се расправаат за вашата теологија, за вашето толкување на одреден текст, или дури и да ѝ се потсмеваат на религијата воопшто. Но кога поединецот може да каже: „Порано немав надеж, но сега ја имам“; „Ме мачеше чувство на вина, но сега го најдов својот мир“; „Мојот живот немаше смисла, но сега имам своја цел“ – дури и скептиците го чувствуваат влијанието на силата на евангелието.

Иако некои луѓе доживуваат изненадно, драматично обратување како Павле на патот за Дамаск, до обратувањето често доаѓа така што личноста сè повеќе станува свесна колку Исус ѝ е скапоцен, сè подлабоко ја дели Неговата чудесна благодат и чувствува сè поголема благодарност поради спасението што Тој бесплатно го нуди. Христос радикално го насочува нашиот живот. Тоа е сведоштво за кое светот копнее и кое очајно му е потребно.

## СВЕДОЧЕЊЕ НА ОНИЕ ОД КОИ ТОА НАЈМАЛКУ СЕ ОЧЕКУВАЛО

**Прочитајте го текстот Марко 5,15-20. Што мислите, зошто Исус го испратил овој човек во Десеттоградието да им сведочи на своето семејство и пријателите, наместо да ја негува неговата новопронајдена вера држејќи го покрај себе?**

---

Зборот Десеттоградие потекнува од два збора: *deka*, што значи „десет“ и *polis*, што значи „град“. Во областа Декапол во првиот век се наоѓале десет градови сместени долж брегот на Галилејското море. Тие градови биле заемно поврзани со заеднички јазик и култура. Овој опседнат човек им бил познат на многумина во таа област. Им задавал страв со своето непредвидливо и насилно однесување. Меѓутоа, Исус во него видел човек кој копнее за нешто подобро, и затоа на чудесен начин го ослободил од демоните кои го мачеле.

Кога жителите на овие градови слушнале дека Исус им дозволил на демоните да го запоседнат нивното крдо од свињи и дека свињите се стркалале по стрмнината в море, дошле да видат што се случува. Евангелието според Марко забележува: „И кога дојдоа при Исуса и го видоа бесниот – во кого беше Легионот – како седи облечен и умен, се уплашија“ (Марко 5,15). Човекот бил целосно излечен – физички, ментално, емотивно и духовно. Суштината на евангелието е во тоа на луѓето скршени од гревот да им го обнови целокупниот живот за каков што Исус ги создал.

Имало ли попогодна личност која би допрела до срцата на луѓето во тие десет градови на Декапол од овој преобразен човек, кој можел да го сподели своето искуство со целиот регион? Елена Вајт добро забележала: „Како Христови сведоци треба да го кажеме она што го знаеме, она што самите сме го виделе, што сме го чуле или почувствувале. Ако постојано сме го следеле Исуса, ќе имаме нешто одредено да кажеме за начинот на кој нè водел. Можеме да кажеме како сме го провериле неговото ветување и сме утврдиле дека е вистинито. Можеме да посведочиме за она што го знаеме за Христовата милост. За такво сведоштво Господ нè повикува, сведоштво од чијшто недостиг светот гине“ (*Копнежот на вековите,* стр. 340 ориг.). Бог често користи необични сведоци – луѓе кои се променети со Неговата благодат, за да поттикнат промена во нашиот свет.

**Каква е вашата лична приказна, односно вашето искуство на обратување? Што им зборувате на другите за тоа како сте ја прифатиле верата? Што имате да понудите некому кој не е обратен, а кој би можел да има корист од вашето искуство?**

## ОБЈАВУВАЊЕ НА ВОСКРЕСНАТИОТ ХРИСТОС

Било недела рано наутро кога двете Марии брзајќи се упатиле кон Христовиот гроб. Не планирале ништо да бараат од Него. Што воопшто и можел да им пружи мртов човек? Последен пат кога Го виделе, телото Му било крваво, избодено и скршено. Сцената со крстот се врежала длабоко во нивниот ум. Сега едноставно сакале да ја извршат својата должност. Со длабока тага чекореле кон гробот за да го балсамираат Неговото тело. Обесхрабреноста ги фрлала своите мрачни сенки над нивниот живот. Иднината им изгледала неизвесна и им пружала малку надеж.

Меѓутоа, кога стигнале до гробот, се исплашиле кога го затекнале празен. Матеј со следните зборови ги опишува настаните во врска со тоа утро на воскресението: „Тогаш ангелот проговори и им рече на жените: 'Вие не бојте се! Зашто знам дека Го барате распнатиот Исус. Го нема тука, зашто воскресна, како што рече! Дојдете и видете го местото каде што лежеше'“ (Матеј 28,5.6).

Жените сега ги преплавила радост. Темните облаци на тага исчезнале пред блесокотната светлина на утрото на воскресението. Ноќта проникната со тага поминала. Радост ги огреала нивните лица и жалопојките биле заменети со славопојки.

**Прочитајте го текстот Марко 16,1-11. Како Марија реагирала кога открила дека Исус станал од мртвите?**

---

Откако се сретнала со воскреснатиот Христос, Марија истрчала да им јави на сите. Добрата вест треба да се сподели со другите, и таа не можела да молчи. Христос е жив! Неговиот гроб е празен и светот мора тоа да го дознае! Така и ние, кога на својот животен пат ќе се сретнеме со воскреснатиот Христос, мораме да побрзаме тоа да го објавиме, бидејќи добрите вести треба да продолжат да се споделуваат понатаму.

И просто е неверојатно, но – и покрај сите оние прилики во кои им зборувал дека тоа ќе се случи, дека ќе биде убиен и дека ќе воскресне – оние кои Исус посебно ги одбрал одбиле да поверуваат на сведочењето на Марија. „А тие, кога чуја дека е жив и дека таа Го видела – не поверуваа“ (Марко 16,11). Значи, ако ни самите Исусови ученици не поверувале истиот момент, не треба ни нас да нѐ зачуди тоа што луѓето не ги прифаќаат веднаш нашите зборови.

**Кога последен пат сте доживеале вашето сведочење да наиде на остар отпор? Како сте реагирале, и што сте научиле врз основа на тоа искуство?**

## ПРОМЕНЕТИОТ ЖИВОТ ВНЕСУВА РАЗЛИКА

**„Кога ја видоа Петровата и Јовановата смелост и забележија дека се некнижевни и неуки луѓе; се чудеа; ги препознаа дека беа со Исуса“ (Дела 4,13).**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Новозаветната црква имала експлозивен раст. Три илјади луѓе биле крстени на Денот Педесетница (Дела 2,41). Уште илјади други се придружиле кон црквата неколку седмици подоцна (Дела 4,4). Наскоро и властите зебележале што се случува. Тие новозаветни верници биле со Христа. Нивниот живот бил променет. Биле преобразени од Неговата благодат и не можеле да молчат.

**Прочитајте Дела 4,1-20. Што се случило овде? Што се случило кога властите се обиделе да ги замолчат Петар и Јован? Каков бил нивниот одговор?** __________________________________________

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Тие верници доживеале обновување во Христа и морале да ја изнесат својата приказна. Петар, рибар и галамџија, бил преобразен со Божјата благодат. Јаков и Јован „синовите на громот“, кои тешко го контролирале својот темперамент, биле преобразени од Божјата благодат. Неверниот Тома е преобразен со Божјата благодат. Сите ученици и членови на првата црква имале сопствена приказна и не можеле да молчат. Обрнете внимание на моќните зборови на Елена Вајт во книгата *Патот кон Христа*: „Штом некој ќе дојде кај Христа, во неговото срце се раѓа желба да им објави на другите каков драгоцен пријател стекнал во Исуса; спасоносната и посветувачка вистина не може да остане затворена во него вото срце“ (стр. 78 оригинал).

Исто така, забележете што изјавиле верските водачи во текстот Дела 4,16. Морале да ја признаат реалноста на направеното чудо, бидејќи исцелениот човек стоел тука пред нив. А сепак, не сакале да го променат својот став. Но, ни Петар и Јован, и покрај отвореното противење, не сакале да се откажат од своето сведоштво.

**Како е поврзано познавањето на Христа со сведочењето за Христа? Зошто е толку многу важно личното познавање на Христа за да можеме да сведочиме за Него?**

## ДЕЛЕЊЕ НА НАШЕТО ИСКУСТВО

Во 26. глава на Делата апостолски го затекнуваме апостол Павле како стои како затвореник пред царот Агрипа. Обраќајќи му се директно на царот, Павле го изнесува своето лично искуство и отворено зборува за својот живот – не само за времето кога ги прогонувал Исусовите следбеници, туку и за периодот по своето обратување, кога станал сведок на Исусовите дела и ветувања за воскреснувањето на мртвите (Дела 26,8).

Додека се наоѓал на патот за Дамаск, нашиот Господ му се јавил на Павле со зборовите: „Но стани и застани на своите нозе; зашто затоа ти се јавив, за да те назначам за служител и за сведок како за ова што го виде, така и за она во кое ќе ти се објавам“ (Дела 26,16). Делењето на нашата вера со другите секогаш е динамично искуство. Ние зборуваме што Исус направил за нас во минатото, што Тој прави во нашиот живот денес, и што ќе оствари за нас во иднина.

Кога го изнесуваме своето сведоштво, тука никогаш не станува збор за нас. Секогаш станува збор за Него. Тој е Бог кој ги простува нашите гревки, ги лечи нашите болести, нè венчава со милост и ни го дава она што е добро (Псалм 103,3-5). Кога сведочиме, ние едноставно го изнесуваме нашето лично доживување на Неговата восхитувачка благодат. Тоа е искуство на нашата лична средба со Бога, кој е полн со чудесна благодат.

**Прочитајте го текстот 1. Јованово 1,1-3 и споредете го со Галатјаните 2,20. Кои сличности ги воочувате? Во што е Јовановото искуство слично со искуството на Павле?**

---

Иако имале различни животни искуства, и Јован и Павле доживеале лична средба со Исуса. Меѓутоа, тоа нивно искуство не било нешто што се случило во одреден момент во минатото и тука се завршило. Тоа било трајно, секојдневно искуство на радување во Неговата љубов и одење во светлината на Неговата вистина.

Дали обратувањето некогаш е само работа на минатото? Разгледајте ја следната изјава на Елена Вајт во врска со оние кои сметаат дека нивното искуство на обратување во минатото е единствено што е важно: „Штом еднаш дознале нешто за религијата, се чинело како повеќе да немаат потреба од секојдневно обратување. Меѓутоа, секој од нас има потреба од секојдневно обратување“ (Manuscript Releases, vol. 4, p. 46).

**Какви и да се вашите искуства од минатото, дури и ако се многу впечатливи и драматични, зошто сепак е важно од ден на ден да одржувате лична заедница со Господа – секојдневно да ја искусувате реалноста на Неговото постоење, Неговата добрина и сила? Изнесете го својот одговор во класата.**

# МОЌТА НА ЛИЧНОТО ИСКУСТВО

Повторно да го погледнеме Павле кој се наоѓа пред Агрипа. Апостолот Павле стои пред тој човек, последниот во низата еврејски цареви, Макабејците, од домот на Ирод. Агрипа се претставувал како Евреин, но во срцето бил Римјанин (видете: The SDA Bible Commentary, vol. 6, p. 436.). И така тој стои тука – остарениот апостол, измачен од своите мисионерски патувања, полн со лузни здобиени во борбата меѓу доброто и злото, но со срце полно со Божја љубов и насмеано лице од Божјата добрина. Без оглед на сè што му се случувало во животот, на сите прогонства и тешкотии што ги пребродил, сè уште е подготвен да објавува колку е Бог добар.

Од друга страна, Агрипа е циничен, скептичен, закоравен и навистина рамнодушен кон каков било вистински вредносен систем. Наспроти него, Петар е полн со вера, посветен на вистината, непоколеблив во одбраната на праведноста. Контрастот меѓу нив двајца не можел да биде поочигледен. Додека му се суди, Павле бара да зборува и добива дозвола од Агрипа за тоа.

**Прочитајте Дела 26, 1-32. Како Павле му сведочел на Агрипа? Што можеме да научиме од неговите зборови?**

___

___

Љубезноста ги отвора срцата, додека грубоста ги затвора. Павле овде е неверојатно благонаклонет кон Агрипа. Дури и го прогласува за стручњак за сите „јудејските обичаи и нивните препирки“ (Дела 26,3). А потоа се впушта во расправа околу своето обратување.

**Прочитајте го искуството на Павле во обратувањето во текст од Дела 26,12-18, а потоа внимателно разгледајте како тоа влијаело на Агрипа, што го наоѓаме во текстот Дела 26,26-28. Што мислите, зошто Агрипа реагирал на таков начин? Што во сведочењето на Павле оставило таков впечаток на него?**

___

Сведочењето на Павле за тоа како Исус го променил неговиот живот оставило силен впечаток на тој безбожен цар. Ниедно сведоштво не е толку успешно како променетиот живот. Искуството на вистинското обратување има неверојатно влијание на другите. Дури и безбожните цареви стануваат трогнати од животот кој е преобратен од благодатта. Иако нашето искуство можеби и не е толку драматично како Павловото, и ние би требало да умееме на другите да им зборуваме за тоа што значи да се познава Исус и да се биде искупен од Неговата крв.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Делата на апостолите* од Елена Вајт прочитајте ја главата со наслов „Уште малку, па ќе ме наговориш“, стр. 433 – 438 ориг.

Суштината на христијанскиот живот е меѓусебниот однос со Исуса, кој е толку богат и потполн што не можеме а да не зборуваме за него. Колку и да е важна доктрината, таа не може да го замени животот преобразен од благодатта и обновен од љубовта. Елена Вајт на едноставен начин зборува за тоа: „Спасителот знаел дека никаков доказ, колку и да е логичен, нема да ги смекне тврдите срца ниту да ја пробие кората на себичноста и световноста. Знаел дека неговите ученици мора да добијат небесно завештание и дека евангелието ќе има влијание само тогаш ако го проповедаат со сето срце и со усни загреани со живо познавање на Оној кој е ‘пат, вистина и живот’“ (*Делата на апостолите,* стр. 31 оригинал). Во Книгата *Копнежот на вековите*, таа ја изнесува оваа силна мисла: „Христовата прекрасна љубов ќе ги смекне и ќе ги потчини срцата, додека само со повторување на учењето не може ништо да се постигне“ (стр. 826 оригинал).

Има и такви кои сметаат дека изнесувањето на личното искуство подразбира убедување на другите да ги прифатат вистините кои тие ги пронашле во Божјата Реч. Иако е важно правовремено да се изнесуваат вистините на Божјата Реч, нашето лично сведочење многу повеќе се однесува на слободата од вината, на мирот, милоста, проштавањето, силата, надежта и радоста кои ги пронаоѓаме во дарот на вечниот живот што Исус толку обилно ни го нуди.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Што мислите, зошто нашето лично сведочење толку силно влијае на другите? Како искуствата на другите влијаеле на вас и на вашето лично искуство?**
2. **Разговарајте во класата за својот одговор на последното прашање од отсекот за среда. Зошто секојдневното искуство со Господа е толку важно не само за нашето сведочење, туку и за нашата лична вера?**
3. **Секако, моќното искуство може да биде многу убедливо. Зошто побожниот живот едновремено претставува и важен дел од нашето сведочење?**
4. **Изнесете го своето лично искуство во класата. Зборувајте за тоа што направил Исус за вас и што Тој ви значи денес. Што се променило во вашиот живот благодарение на Исуса?**

**Поука 3**
**11 - 17 јули 2020**

# ДА ГЛЕДАМЕ НА ЛУЃЕТО КАКО ШТО ИСУС ГЛЕДАЛ НА НИВ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Марко 8,22-26; Јован 4,3-34; Јован 1,40.41; Марко 12,28-34; Лука 23,39-43; Дела 8,26-38.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Па им рече: ‘Дојдете по Мене и Јас ќе ве направам рибари на луѓе’“ (Матеј 4,19).**

Исус е стручњак во придобивање на душите. Гледајќи го начинот на кој Тој работел со луѓето, ние учиме како да ги водиме другите кон спознанието за спасението преку Исуса Христа. Патувајќи со Него по преполните улици на Ерусалим, по прашливите патеки на Јудеја и тревните ридови на Галилеја, ние дознаваме како Тој на гладните души им ги откривал принципите на Небесното царство.

Исус на секоја душа, било маж или жена, гледал како такви кои можат да се придобијат за Неговото царство. На сите гледал со очите на божествената сомилост. На Петар не гледал како на груб и бучен рибар, туку како на моќен проповедник на евангелието. Во Јаков и Јован не видел гневливи и избувливи бунтовции, туку одушевени заговорници на Неговата благодат. Забележал длабок копнеж за прифаќање и искрена љубов во срцето на Марија Магдалена, жената Самарјанка и жената болна од течење на крв. На Тома не гледал како циничен сомневач, туку како таков кој поставува искрени прашања. Без оглед на тоа дали станувало збор за Евреин или за паганец, за маж или жена, за разбојникот на крстот, римскиот капетан или човекот опседнат од демони, Исус во нив го препознал од Бога дадениот потенцијал и гледал на нив низ очите на спасението.

## ВТОР ДОПИР

Има само едно чудо во целата Библија коешто Исус го остварил во две фази. Тоа е исцелувањето на слепиот човек во Витезда. Таа приказна ѝ дава безвременски поуки на денешната христијанска црква. Таа го илустрира Божјиот план секој верник да го употреби за да може да доведе некој друг кај Исуса. Писмото објавува:

„И дојдоа во Витсаида. И Му доведоа еден слеп и Го молеа да го допре“ (Марко 8,22). Овде имаме два клучни збора – „доведоа“ и „молеа“. Слепиот човек не дошол сам. Пријателите ја виделе неговата потреба и го довеле. Тој можеби немал доволно време, но тие го имале. Верувале дека Исус ќе го излечи овој човек од слепилото.

Во Новиот завет се споменуваат приближно 25 различни чуда на исцелувања што Исус ги направил. Во повеќе од половина случаи, некој роднина или пријател довел поединец за Исус да го исцели. Многу луѓе никогаш нема да дојдат кај Исуса доколку не ги доведе некој што има вера. Значи, нашата улога е да станеме „доведувачи“ и луѓето да ги запознаваме со Исуса.

Другиот збор, кој вреди да се разгледа во текстот Марко 8,22, е зборот „молеа“ кој може да значи „да моли, преколнува или поттикнува“. Тој подразбира понежно, пољубезно, пообѕирно обраќање во однос на гласно и бучно барање. Пријателите на овој човек му се обратиле на Исуса љубезно верувајќи дека Тој има и желба и моќ да му помогне. Тој човек можеби не верувал дека Исус може да го исцели, но неговите пријатели верувале. Понекогаш мораме другите да ги доведеме кај Исуса на крилата на сопствената вера.

**Прочитајте Марко 8,22-26. Што мислите, зошто Исус го излечил овој човек во две фази. Кои поуки ги има за нас овој настан, како денешни Исусови сведоци?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Дали е можно и ние да не ги гледаме луѓето јасно? Дали понекогаш повеќе гледаме како „дрво кое оди“ во вид на нејасни сенки, наместо како кандидатите за Божјото царство? Што мислите, зошто понекогаш не ги гледаме луѓето јасно?

**Освен очигледната поука за тоа како Бог нè користи за да допреме до луѓето, што уште можеме да научиме од тоа сторија? Што може да нè научи, на пример, за тоа како и медицината и духовноста можат да имаат подеднакво учество во лечењето и служењето на изгубените?**

## ПОУКА ЗА ПРИФАЌАЊЕТО

Покажувајќи, на пример, што значи да се гледа на секој поединец од нова перспектива, Исус ги учел своите следбеници на луѓето да гледаат со очите на небото. Неговото видување на луѓето било сосема поинакво. Тој не гледал на нив такви какви што се, туку какви би можеле да бидат. Во сите свои контакти со луѓето, кон нив се однесувал со достоинство и почит. Често ги изненадувал учениците со начинот на кој постапувал кон луѓето. Тоа посебно се однесува на Неговата средба со жената Самарјанка.

Во една книга, која се занимава со библиска археологија, се изнесува забелешка за односот меѓу Евреите и Самарјаните: „Јазот меѓу Самарјаните и Јудејците потекнува од раниот период. Според текстот 2. Царевите 17, Самарјаните биле потомци на месопотамските народи кои асирскиот цар, по прогонството од 722 година пред Христа, принудно ги населил на територијата на северен Израел. Тие го споиле обожавањето на Јахве со идопоклоничките обичаи“ (The Archeological Study Bible; Zondervan Publishing, 2005, p. 1727). Освен тие идолопоклонички обичаи, воспоставиле и ривалско свештенство и подигнале нов храм на гората Геризим. Со оглед на таквите теолошки разлики помеѓу нив и Самарјаните, учениците мора да биле збунети кога Исус го избрал патот до Галилеја кој водел преку Самарија. Ги изненадило и тоа што Тој не дозволил да биде вовлечен во религиозна дебата, туку директно се позанимавал со потребата на жената Самарјанка за прифаќање, љубов и проштавање.

**Прочитајте го текстот Јован 4,3-34. Како Исус ѝ пристапил на жената Самарјанка? Каква била реакцијата на жената на Христовиот разговор со неа? Каква била реакцијата на ученикот на тоа искуство, и како Исус им ги проширил видиците?**

______________________________________________________________

______________________________________________________________

______________________________________________________________

Поуката за сите времиња, која Исус копнеел да им ја пренесе на своите ученици но и на секој од нас, едноставно гласи: „Оние што го имаат Христовиот Дух, ќе гледаат на сите луѓе со очите на божественото сочувство“ (Ellen G. White, The Signs of the Times, June 20, 1892).

**Кои се луѓето на кои, под влијание на сопственото општество и култура, сте склони да гледате со презир или со недоволна почит? Зошто морате да го промените својот став и како може да дојде до таа промена?**

## ПОЧНЕТЕ ОД ТАМУ КАДЕ ШТО СЕ НАОЃАТЕ

Некој со право рекол: „Единственото место во животот од каде што може да се тргне, е токму она каде што се наоѓате, бидејќи нема место од кое би можело да се почне“. Исус го нагласил тој принцип во текстот Дела 1,8, каде вели: „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата.“

Исусовата порака на неговите ученици е премногу едноставна за да може погрешно да се разбере: почнете таму каде што се наоѓате. Сведочете тука каде што Бог ве поставил. Наместо да сонувате за некои подобри прилики, почнете во своето опкружување. Гледајте со божествени очи на можностите кои ви се најблиску!

Не мора да бидете најобразованата личност на светот, ниту пак најкрасноречивата, ниту најталентираната. Колку и да се корисни некои од тие ваши дарови кога правилно се користат, на крајот единствено ви е потребна љубовта кон Бога и љубовта кон душите. Ако сте подготвени да сведочите, Бог ќе ви го отвори патот тоа и да го направите.

**Прочитајте: Јован 1,40.41; 6,5-11; 12,20-26. Што ни кажуваат за тоа каков бил духовниот вид на Андреј и неговиот пристап на сведочење?**

---

Искуството на Адреј ни зборува многу. Тој почнал во сопственото семејство. За Христа најпрво му зборувал на својот брат Петар. Подоцна воспоставил срдечен однос со едно момче, кое потоа на Исуса му дало материјал за едно од неговите чуда. Освен тоа, знаел што точно да прави со Грците. Наместо да се расправа околу теологијата, ја забележал нивната потреба и ги запознал со Исуса.

Вештината за успешно придобивање на душите е умешност да се градат позитивни и грижливи односи. Сетете се на своите најблиски кои можеби не го познаваат Исуса. Дали тие забележуваат дека во вашиот живот постои некој кој е сочувствителен и грижлив? Дали во вас гледаат мир и чувство за смислата по која копнеат? Дали вашиот живот е добра реклама за евангелието? Ние стекнуваме пријатели за Бога така што зборуваме за Исуса. Тие најпрво стануваат христијански пријатели и со текот на времето, слушајќи ја нашата порака за библиската вистина за последното време, тие можеби ќе се решат да станат христијани адвентисти.

**Зошто понекогаш е толку тешко да се водат членовите на своето семејство и роднините кај Христа? Дали сте имале успех во сведочењето за Исус кај кој било член од своето семејство или близок пријател? Изнесете кое било начело кое би можело да биде од полза во класата.**

# ИЗЛЕГУВАЊЕ НА КРАЈ СО ТЕШКИТЕ ЛУЃЕ

Исус бил стручњак за излегување на крај со тешките луѓе. И со зборовите и со постапките, Тој јасно покажувал дека ги прифаќа. Сочувствително слушал што ги мачи, им поставувал прашања и постепено им ги откривал божествените вистини. Го препознавал внатрешниот копнеж и најзакоравените срца и видел потенцијал дури и кај најлошите грешници. Според Исусовото сфаќање, никој не бил надвор од досегот на евангелието. Тој несомнено верувал дека „Никој не паднал толку ниско, никој не е толку лош за да не може да најде ослободување во Христа“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите*, стр. 258 ориг.). Исус гледал на луѓето со поинакви очи во однос на оние со кои ние гледаме на нив. Во секое човечко суштество видел одраз на славата на првобитното Создавање. Ги издигнувал нивните мисли за да сфатат што можат да станат, и многумина навистина успеале да се издигнат и да ги исполнат Неговите очекувања во својот живот.

**Прочитајте ги следните текстови: Матеј 4,18.19; Марко 12,28-34 и Лука 23,39-43. Каква сличност гледате во Христовото обраќање до Симон Петар и Андреј и до неименуваниот книжевник и разбојникот на крстот? Внимателно проучете го пристапот што Христос го имал кон секој од нив. Што посебно би издвоиле тука?**

---

Каде и да одел, Исус гледал духовни можности. И во најбезнадежните околности, Тој видел потенцијални кандидати за Божјето царство. Ние за таа способност би рекле: Имал „осет за раст на црквата“ (во оригиналот „око за раст на црквата; заб. прев.). „Осет за раст на црквата“ е стекната способност на луѓето да гледаат онака како што на тоа гледал Исус – како на оние кои е можно да се придобијат за Божјото царство. Исто така, постои и „слух (уши) за раст на црквата“, што има врска со наслушувањето на неискажаните потреби на оние кои нè опкружуваат. Тоа подразбира наслушување на желбите на нивното срце за нешто што не поседуваат, дури и кога тие не зборуваат отворено за тоа.

Барајте од Господа да ве направи чувствителни за службата на Светиот Дух во животот на другите. Молете се да го доживеете тој Божји „втор допир“, кој ќе ви ги отвори очите за духовните прилики во кои Тој секојдневно ве води за да ја споделувате својата вера со другите. Барајте од Бога око кое гледа, осетливо срце кое слуша и подготвеност да им зборувате на другите за Христа каков што го познавате и сакате, и – ќе се најдете на највозбудливото патување во својот живот! Животот ќе ви поприми една потполно нова смисла. Ќе имате чувство на задоволство и радост каква што никогаш порано не сте искусиле. Само оние кои работат за душите го познаваат задоволството кое тоа го донесува.

## ЗАБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ПРИЛИКИТЕ ШТО НИ ГИ ПРУЖА ПРОВИДЕНИЕТО

Книгата Дела на апостолите е полна со приказни за тоа како учениците ги користеле приликите за ширењето на Божјето царство што им го пружало провидението. Од почетокот до крајот на книгата читаме восхитувачки извештаи за раната црква и за нејзиниот раст, и покрај предизвиците со кои се соочувала однадвор и однатре.

Во 2. Коринќаните 2,12.13, на пример, апостолот Павле го изнесува искуството што го имал во Троада: „Кога дојдов во Троада да го проповедам Христовото Евангелие, и кога ми се отвори вратата во Господа, немав мир во својот дух, зашто не го најдов својот брат Тит, и затоа откако се простив од нив, отидов во Македонија“. Бог на чудесен начин ја отворил вратата за да може Павле да го проповеда евангелието на европскиот континент, а тој знаел дека вратата која Бог денес ја отвора, утре може да биде затворена. И така, бидејќи ги согледал можностите, ја зграпчил приликата и веднаш отпловил кон Македонија.

Бог на Новиот завет е Бог на отворените – Бог кој ни пружа можности да ја делиме нашата вера. Во целата книга Дела на апостолите, Бог е на дело. Отворени се вратите на градовите, провинциите, земјите, и што е најважно на човечките срца.

**Прочитајте Дела 8,26-38. Што ни зборуваат тие стихови за отвореноста на Филип за Божјето водство и за неговата подготвеност да ги искористи укажаните прилики?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

„Ангелот го одвел Филипа кај човек кој ја барал светлината и кој бил подготвен да го прими евангелието. И денеска ангелите управуваат со чекорите на работниците кои му дозволуваат на Светиот Дух да го посвети нивниот јазик, да ги исчисти и облагороди нивните срца. Ангелот, кој му бил пратен на Филипа, можел и сам да го изврши ова дело за Етиопјанецот, но тоа не е начин на кој работи Бог. Негов план е луѓето да се заложуваат за своите ближни“ (*Делата на апостолите,* стр. 109 ориг.).

Ако имаме уши да слушнеме и очи да видиме, и нас ќе нè водат невидливите ангели за да можеме со вистината за Царството да допреме до оние кои трагаат по вистината.

**Забележете колку Светото писмо е битно во оваа приказна. Забележете, исто така, колку било важно во тој момент некој кој го познава Писмото да прифати да го толкува. Кои поуки тука се кријат за нас?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Делата на апостолите* од Елен Вајт, прочитајте ја главата под наслов „Евангелието во Самарија“, стр. 103 – 111 оригинал.

Насекаде околу нас луѓето трагаат по она што е вечно. Како што некогаш забележал Исус: „Тогаш им рече на Своите ученици: ‘Жетвата навистина е голема, а работници малку’“ (Матеј 9,37). Проблемот не бил во жетвата. Со своите божествени помазани очи, Исус видел богата жетва таму каде што учениците гледале само спротивставување. Какво било Исусовото решение за тој проблем? „Молете Го тогаш Господарот на жетвата да испрати работници во Својата жетва“ (Матеј 9,38). Решението е да се молиме и нас Бог да нè испрати во жетва.

Зошто не би се молеле вака: „Господе, подготвен/подготвена сум да ме употребиш за ширење на Твоето царство. Отвори ги моите очи, за да можам да ги согледам приликите кои провидението ми ги пружа секој ден. Научи ме да бидам осетлив/осетлива за потребите на луѓето во моето опкружување. Помогни ми да изговарам зборови на надеж и охрабрување, да ја делам Твојата љубов и вистина со оние со кои доаѓам во допир секој ден?“ Ако се молите така, Бог ќе направи нешто извонредно во вашиот живот.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Ако сте работеле на тоа да доведете души кај Исуса, тогаш едно знаете – тоа не е секогаш лесно, зар не? Да, секако, Бог е тој што го преобратува срцето, но Тој во својата мудрост одлучил да нè употреби нас како дел од тој процес. Дури и работата за само една душа, бара време, напор, трпение и љубов родена одозгора. Кои одлуки треба да ги донесете кои ќе ви помогнат да се откажете од себеси за да бидете успешен сведок за Христа?**
2. **Кои се луѓето со кои доаѓате во допир, а кои не го познаваат Господа? Што сте направиле или правите, или би требало да правите, за да им сведочите?**
3. **Сетете се на Савле од Тарс. Тој бил некој од кого најмалку се очекувало да стане преобратен! А сепак, знаеме што му се случило. Што би требало тоа да ни каже за опасноста во која можеме да се најдеме, имено, дека премногу брзо им судиме на другите врз основа на тоа како ни изгледаат?**
4. **Имајќи ја на ум приказната за Савле, како да се однесуваме кон текстовите како што е Матеј 7,6; „Не давајте им го она што е свето на кучињата; ниту фрлајте ги своите бисери пред свињите, за да не ги изгазат со своите нозе, и да се завртат и да ве раскинат?“**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 4**
**18 - 24 јули 2020**

# СИЛАТА НА МОЛИТВАТА – ПОСРЕДУВАЊЕ ЗА ДРУГИТЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Откровение 12,7-9; Ефешаните 6,12; Евреите 7,25; Ефешаните 1,15-21, Даниел 10,10-14, 1. Јованово 5,14-16.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И така, исповедајте си ги гревовите еден на друг и молете се еден за друг, за да оздравите! Делотворната молитва на праведникот има голема сила“ (Јаков 5,16)**.

Членовите на новозаветната црква чувствувале потреба за молитва. „А кога се помолија, се стресе местото каде што беа собрани. И сите се исполнија со Светиот Дух и смело го проповедаа Божјото Слово“ (Дела 4,31). Забележете, учениците најпрво се молеле. Потоа биле исполнети со Светиот Дух, а потоа ја изнесувале Божјата Реч решително и со доверба.

Постоела директна врска меѓу нивните молитви, исполнетоста со Светиот Дух и моќното објавување на Божјата Реч. „Учениците ... не барале благослов само за себе. Ги притискал товарот за спасување на душите. Знаеле дека евангелието треба да му се однесе на светот и се моллеле за силата што им ја ветил Христос“ (Елена Г. Вајт, *Делата на апостолите,* стр. 37 оригинал).

Кога го бараме Бога и посредуваме за другите, Бог дејствува на нашето срце за да нè привлече поблиску до себе, и ни дава божествена мудрост за да допреме до другите за Неговото царство (Јаков 1,5). Тој моќно дејствува и во животот на другите луѓе за да ги привлече кон себе, и тоа на начини кои ние не можеме да ги видиме, ниту пак во потполност да ги разбереме (1. Јованово 5,14-17).

## КОСМИЧКАТА БОРБА

**Споредете ги текстовите од Откровение 12,7-9, Ефешаните 6,12 и 2. Коринќаните 10,4. На кој начин овие текстови влијаат на нашето разбирање на посредничката молитва?**

---

Библијата ја подига завесата меѓу видливиот и невидливиот свет. Постои борба меѓу доброто и злото, меѓу силата на праведноста и силата на темнината, меѓу Христа и сатаната. Во тој космички судир, Бог ја почитува човековата слобода. Тој никогаш не манипулира со нашата волја, ниту пак врши насилство над совеста. Тој го испраќа Светиот Дух да ги убеди мажите и жените во божествената вистина (Јован 16,7.8). Небесните ангели влегуваат во таа битка за да вршат влијание на луѓето кое ќе се одрази на вечноста (Евреите 1,14). Освен тоа, Бог со дејствувањето на провидението влијае на настаните во животот на човекот, кои ги водат кон Него.

Но она што Бог нема да го направи, тоа е да врши насилство над совеста. Насилството е во спротивност со законите на Божјето царство. Принудата е туѓа за начелото на љубовта, начело кое претставува основа на Неговото владеење. Затоа молитвата е толку значајна. Иако Бог прави сè што е во Неговата моќ за да допре до луѓето и пред ние да се помолиме, нашите молитви ја ослободуваат Божјата голема сила. Тој ја почитува нашата слободна волја кога се молиме за другите и, во светлината на судирот меѓу доброто и злото, може да направи повеќе кога се молиме отколку кога не се молиме.

Внимателно разгледајте ја следната изјава: „Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Г. Вајт, *Големата борба,* стр. 525 оригинал). Во големиот конфликт меѓу доброто и злото, молитвата може многу нешта да промени. Кога се молиме за луѓето кои не го познаваат Христа, тоа ги отвора каналите преку кои божествениот благослов влијае на нивниот живот. Бог ја почитува нашата одлука да се молиме за нив и дејствува со уште поголема сила во нивна полза.

Сепак, кога се занимаваме со прашањето за посредничката молитва, би требало понизно да признаеме дека не го разбираме во потполност начинот на кој Бог дејствува. Тоа сепак не би требало да нè спречи да уживаме во благословите кои молитвата ни ги пружа и нам и на другите луѓе.

**Што мислите, зошто Бог дејствува со повеќе сила кога се молиме отколку кога ја занемаруваме молитвата? Дури и ако не разбираме во потполност како сето ова дејствува, зошто библискиот совет да се молиме за другите би требало просто да нè натера тоа и да го правиме?**

## ИСУС – МОЌЕН ПОСРЕДНИК

**Прочитајте ги следните текстови: Лука 3,21; Лука 5,16 и Лука 9,18. Што ни зборуваат овие текстови за односот меѓу Исусовиот молитвен живот и Неговата успешност во службата?**

---

Исусовиот живот бил живот на постојано заедништво со неговиот Отец. Во моментот на своето крштавање, кога ја започнал неговата месијанска служба, Тој се молел за божествена сила за да може да ја оствари намерата на небото. Светиот Дух го оспособил да ја изврши волјата на својот Отец и да ја оствари задачата што била пред Него. Без разлика дали хранел пет илјади луѓе, лечел лепрозни или спасувал опседнати, Исус увидувал дека, во борбата помеѓу доброто и злото, молитвата претставува моќно оружје за одбивање на нападите на силата на темнината. Молитвата е начин што небото го одредило за здружување на нашата беспомошност и слабост со Божјата неограничена сила. Тоа е начин да се издигнеме кон Бога, кој единствено може да ги допре срцата на оние за кои се молиме.

**Прочитајте ги текстовите Лука 22,31-34 и Евреите 7,25. Какво ветување му дал Исус на Петар за да го подготви за искушенијата со кои ќе се соочи во блиска иднина? Какво ветување Тој ни дава на секој од нас кога се соочуваме со искушенија?**

---

Оние кои се успешни во придобивањето на души се мажи и жени на молитвата. Исус се молел за Петар по име. Го уверувал дека во мигот кога на него ќе навали најголемо искушение, ќе се моли за него. Сатаната мошне добро го разбрал потенцијалот на Петар за ширење на Божјето царство. Затоа планирал да направи сè што е во неговата моќ за да го уништи познатото позитивно влијание на Петар во христијанската црква. Но, во сите искушенија на Петар, Исус се молел за него и молитвите на Учителот биле услишени. Колку е прекрасно сознанието дека Спасителот на ист начин се моли и за нас. Тој нè повикува да Му се придружиме во посредничките молитви и луѓето да ги издигнуваме пред Неговиот трон спомнувајќи ги по име.

Нашата истрајност во молитвата покажува дека сме свесни за нашата потполна зависност од Бога во намерата да допреме до личноста за која се молиме.

**За кого се молите во овој момент? Зошто е толку важно никогаш да не се откажете, колку и да ни изгледа ситуацијата тешка?**

## ПОСРЕДНИЧКИТЕ МОЛИТВИ НА ПАВЛЕ

Посредничката молитва е втемелена на Библијата. Во текот на целата своја служба, Павле се молел за новите обратеници во црквите што ги основал на своите евангелски патувања. Тој верувал дека, благодарение на неговите молитви, ќе се случи нешто што инаку не би се случило кога не би се молел. Иако физички бил одвоен од оние кои ги сакал, сфатил дека тие можат да бидат соединети во срцето кога се молат едни за други.

**Прочитајте го текстот Ефешаните 1,15-21. На линиите во продолжение наведете ги различните барања коишто Павле му ги упатил на Бога во врска со Ефешаните. Што тој конкретно барал од Бога за нив?**

___

___

___

Молитвата на Павле за верниците во Ефес е вредна за нашето внимание. Тој се молел Бог да им даде мудрост и духовна проникливост, да го расветли нивниот ум со божествената вистина и да им влее надеж во вечниот живот. Исто така се молел и тие да го доживеат моќното дејствување на Божјата сила во својот живот. Тој Бог е толку силен, толку моќен, го подигнал Исуса од мртвите, што претставува темел на нивната надеж во вечниот живот со Него. Павле заклучува во својата молитва со потсетување на „богатството на славата од наследството Негово“. Христијаните во Ефес сигурно биле мошне охрабрени што знаеле дека не само што Павле се моли за нив туку и за што се моли тој.

**Прочитајте Филипјаните 1,3-11 и забележете го тонот на Павловата молитва. Да сте биле член на црквата во Филиба и да сте примиле такво писмо од Павле, во кое тој вели дека не само што се моли за вас туку ја открива и содржината на својата молитва, како би се чувствувале и зошто? Кои ветувања се наоѓаат во зборовите на таа молитва? Во исто време, кои совети се исто така дадени тука?**

___

___

___

Тоа се некои од зборовите на Библијата кои најмногу издигнуваат и охрабруваат – полни со ветувања, како и повикот да се исполниме со љубов, знаење и проникливост која произлегува од познавањето на Исус, за да можеме да бидеме сè она што Бог сакал да бидеме во Него.

## НЕВИДЛИВИТЕ СИЛИ НА ДЕЛО

Посредничката молитва е моќно оружје во судирот меѓу доброто и злото кое ние го нарекуваме „голема борба“. Едно од најјасните откровенија на таа борба го наоѓаме во 10. глава од Книгата на пророкот Даниел.

Ќе се сетите дека пророкот Еремија предвидел дека Евреите ќе поминат седумдесет години во вавилонско ропство. Пред крајот на животот на Даниел, тој пророчки период се ближел кон крајот. Меѓутоа, Даниел бил загрижен, бидејќи видел малку докази дека зборовите на Еремија се исполнуваат. Неговиот народ сѐ уште не бил ослободен.

Вавилон го освоиле Медите и Персијците, но Евреите и понатаму биле во ропство. Даниел постел и се молел три седмици. Сесрдно посредувал за својот народ. А потоа, на крајот од третата седмица, едно блескаво ангелско суштество ќе се појави пред него.

**Прочитајте Даниел 10,10-14. Кога Даниеловата молитва била услишена и што привремено го забавило нејзиното исполнување?**

___

Тоа е фасцинантен текст. За да можеме во потполност да го разбереме, ајде да ги препознаеме некои од личностите. Кој е кнезот на персиското царство? Сигурно не Кир. Тој бил цар на Персија. Изразот „кнезот на персиското царство“ најверојатно се однесува на сатаната. Исус исто така го нарекувал „кнез“ или „владетел“ на овој свет (Јован 12,31; 14,30). Павле го прогласил за „кнез на воздушните сили“ (Ефешаните 2,2). Ако персискиот кнез го претставува сатаната, кој е тогаш Михаил? Изразот „Михаил“ се користи пет пати во Библијата (Откровение 12,7; Јуда 9; Даниел 10,13.21 и Даниел 12,1). Внимателното проучување ни открива дека „Михаил“ (што значи „кој е како Бог“), всушност е уште едно име за Исус, со кое Тој се опишува како Заповедник на сите ангели во директен конфликт со сатаната. Христос е вечниот, прапостоечкиот, семоќниот Божји Син. Една од Неговите улоги како Заповедник на сите ангели е да го порази и конечно да го уништи сатаната.

Десеттата глава од Книгата на пророкот Даниел ја повлекува завесата на страна и ја открива таа борба меѓу доброто и злото. Кога Даниел се молел, Михаил, семоќниот Исус, се спуштил од небото за да ја одбие силата на темнината. Иако ние тоа не го гледаме, Исус исто така работи на услишувањето на нашите посреднички молитви. Тој е моќен Спасител. Ниедна од нашите молитви не поминува незабележано.

**Како ја согледувате реалноста на големата борба која се одвива во вашиот личен живот? Што ви зборува реалноста на таа борба за тоа какви одлуки би требало да донесувате?**

## СРЖТА НА МОЛИТВАТА

Во целата Библијата, се става акцент на одреденоста и конкретноста во молитвата. Молитвата не е некоја нејасна желба на душата. Таа пред Бога изнесува сосема посебни и одредени барања. Исус се молел посебно за своите ученици. Апостол Павле се молел посебно за христијаните во Ефес, Филипи и Колос. Се молел и за своите млади соработници како што биле Тимотеј, Тит и Јован Марко.

**Прочитајте ги текстовите во 1. Самоилова 12, 22-24 и Јов 16,21. Што е заедничко во овие два текста? Што ни кажуваат тие за посредничката молитва?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Самоил и Јов ја нагласуваат потребата за сериозно, сесрдно и одредено посредување. Самоиловите зборови се мошне силни. Тој решително изјавува: „А нека биде далеку од мене за да Му згрешам на Господа, прекратувајќи да молам за вас и да ве упатувам на добар и чесен пат" (1. Самоилова 12,23). А во зборовите на Јов како речиси да го слушаме одекот на Самоиловата молитва: „О, кога некој би можел да се застапи за човека пред Бога" (За Јов 16,21, превод од англиски). Според тоа, нашата работа е да се молиме за мажите и жените кои не го познаваат Христа.

**Прочитајте го текстот 1. Јованово 5,14-16. Што се случува кога посредуваме за другите?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Кога се молиме за другите, ние стануваме канали на Божјите благослови. Бог преку нас ја излева на нив реката на водата на животот што извира од небесниот престол. Целата сатанска војска трепери пред звукот на сесрдната посредничка молитва. Елена Вајт ја опишува силата на молитвата со овие значајни зборови: „Сатаната не може да поднесе ние да му се обраќаме на неговиот моќен противник, бидејќи стравува и трепери пред Неговата сила и величество. Целата сатанска војска трепери пред звукот на огнената молитва" (Testimonies for the Church, vol. 1, p. 346). Молитвата нè поврзува со Изворот на божествената сила во борбата за душите на изгубените мажи и жени.

**Прочитајте ги стиховите Матеј 18,18.19. Во каква врска е тој текст со посредничката молитва и како тој нè охрабрува да се молиме со другите за спасение на оние кои не го познаваат Господа?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Патот на Христа* од Елена Вајт прочитајте ја главата под наслов „Предимство да се молиме“, стр. 93-104 оригинал. Ако сте во можност прочитајте го и следното: Testimonies for the Church, vol. 7, „Work for Church Members“, pp. 19-24 („Работа за членовите на црквата“, Сведоштва за црквата, книга 7, стр. 19-24 оригинал).

Кога се молиме за другите, Бог нашата верност и потпирањето на неговата сила ја наградува со тоа ги ангажира сите ресурси на небото за да го преобрази животот на луѓето. Кога нашите молитви ќе се издигнат до Неговиот престол, ангелските суштества, на Негова заповед, веднаш стапуваат во акција. „Ангелите кои служат, чекаат околу престолот за веднаш да ја следат заповедта на Исуса Христа да одговорат на секоја молитва упатена со ревносна, жива вера“ (Ellen G. White, *Selected Messages,* book 2, p. 377). Имаме сигурно уверување дека ниедна молитва не е изгубена, ниедна не е заборавена од Бога. Тие се „складиште“ на небото, за да бидат услишени во време и на место за кое Тој смета дека е најдобро. „Молитвата упатена со вера никогаш не е изгубена. Сепак, тврдењето дека на неа секогаш и во секоја подробност ќе биде одговорено онака како што очекуваме, е обична дрскост“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 1, p. 231). Какво охрабрување ни дава тоа што се молиме за своите сопружници, за своите синови и ќерки, роднини, пријатели и колеги кои не го познаваат Христа. Ниедна искрена молитва никогаш не е изгубена. Можеби нема секогаш да видиме непосредни одговори во животот на оние за кои се молиме, но Бог дејствува на нивното срце на начин кој ќе го разбереме дури во вечноста.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Прочитајте ги следниве текстови: Филипјаните 1,19; Колошаните 4,2.3 и 2. Солуњаните 3,1.2. Какво охрабрување доживеал Павле благодарение на молитвите на Филипјаните? Од која причина барал од Колошаните и Солуњаните да се молат за него? Каква поврзаност постои меѓу тие посреднички молитви и придобивањето на душите?**
2. **Размислувајте за реалноста на големата борба и за тоа дека таа претставува голем наратив што постои во задината на светот во кој живееме. Како сознанието за таа борба ви помага да ја увидите важноста на молитвата? Да, Исус ја добил војната, и ние знаеме дека Неговата страна на крајот ќе победи. Но, зошто е толку важно во меѓувреме да се молиме и да вложуваме сесрдни напори за да му останеме верни Нему и да работиме на спасението на другите?**
3. **Кои пречки постојат за поуспешно посредување во молитвата? Каков изговор користите (ако тоа го правите) за да избегнете повеќе да се молите за оние на кои тоа им е потребно?**

Поука 5
25 - 31 јули 2020

# СВЕДОЧЕЊЕ ВО СИЛАТА НА ДУХОТ





**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 15,26.27; Дела 2,41.42; Дела 8,4; Евреите 4,12; Дела 17,33.34; Дела 18,8.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А кога се помолија, се стресе местото каде што беа собрани. И сите се исполнија со Светиот Дух и смело го проповедаа Божјото Слово“ (Дела 4,31).**

Кога Исус им наложил на раните верници: „И им рече: „Одете по целиот свет и проповедајте го евангелието на секое создание“ – тоа сигурно им се чинело како невозможна мисија (Марко 16,15). Како воопшто можеле да одговарат на толку огромен предизвик? Ги имало толку малку на број. Нивните можности биле ограничени. Тие сами биле група главно необразовани, обични верници. Но, имале необичен Бог, кој ги оспособил за нивната несекојдневна мисија.

Исус рекол: „Туку ќе примите сила кога Светиот Дух ќе слезе на вас и ќе Ми бидете сведоци како во Ерусалим, така и во цела Јудеја, и во Самарија, и сè до крајот на земјата“ (Дела 1,8). Спуштањето на Светиот Дух ги оспособил учениците да ја објавуваат пораката за крстот со сила која го менувала животот, па и целиот свет. Светиот Дух го направил нивното сведочење делотворно. За само неколку децении, евангелието извршило влијание на целиот свет. Во *Дела на апостолите* се вели дека тие рани верници „го превртеа наопаку целиот свет“ (Дела 17,6). Апостол Павле додава дека евангелието било проповедано „на целото создание под небото“ (Колошаните 1,23).

Во поуката за оваа седмица, во центарот на нашето внимание ќе биде улогата на Светиот Дух, кој му дава сила на нашето сведочење за Христа.

## ИСУС И ВЕТУВАЊЕТО НА СВЕТИОТ ДУХ

Со ветувањето на Светиот Дух Исус ги смирувал учениците кои биле загрижени затоа што Тој се подготвувал да ги напушти и да оди на небото. „Сепак, Јас ви ја кажувам вистината: подобро е за вас, Јас да си отидам; зашто ако не си отидам, Утешителот нема да дојде при вас; ако пак заминам, ќе ви Го испратам“ (Јован 16,7). Грчкиот збор за „утешител – помошник“ е параклетос. Овој збор се однесува на „личност која стои зад некого“ со цел да помогне. Една од главните улоги на Светиот Дух е да биде со секој верник, да му дава сила и да го води во неговото сведочење. Според тоа, кога сведочиме за Исуса, ние не сме сами. Светиот Дух е покрај нас за да нè води кај оние кои се со искрено срце. Тој ги подготвува нивните срца пред ние да се сретнеме со нив. Духот управува со нашите зборови, донесува осведочување во умот на трагачот и му дава сила да одговори на Неговите поттици.

**Прочитајте ги стиховите Јован 15,26.27 и Јован 16,8. Што ни кажуваат тие за улогата на Светиот Дух во сведочењето?**

---

Светиот Дух сведочи за Исуса. Неговата крајна цел е што повеќе луѓе да донесе кај Исуса. Неговата мисија е да го прославува Исуса. Во таа улога, Тој го осведочува секој верник дека негова должност е да зборува за својата вера. Тој ги отвора нашите очи за да ги согледаме можностите кај луѓето од своето опкружување, и да делува зад сцената за да може да создаде услови за евангелската порака да наиде на добар прием.

Евангелието според Јован јасно ни го предочува тоа: „А кога ќе дојде Тој, ќе го увери светот за грев и за правда и за суд“ (Јован 16,8). Со други зборови, Тој делува на срцата за да изгради свест за сè поголемата отуѓеност од Бога и потребата за покајание. Тој исто така ќе го укори светот „за правда“. Светиот Дух не само што го открива гревот туку и нè упатува на праведност. Тој ја открива спротивноста меѓу Исусовата праведност и нашата извалканост. Меѓутоа, улогата на Светиот Дух не е само да истакне колку ние сме лоши, туку и да открие колку Исус е добар, благ, сочувствителен и полн со љубов, а потоа да нè обликува според Неговиот лик.

Сведочењето е едноставно соработка со Светиот Дух во прославувањето на Исуса. Во силата на Светиот Дух, и под Негово водство, ние сведочиме за величествениот Христос што го преобразил нашиот живот.

**Зошто во нашата желба да работиме за душите мораме секогаш да имаме на ум дека сами не сме во состојба никого да преобратиме и дека тоа може да го стори само Светиот Дух?**

# ЦРКВА ПОЛНА СО СИЛА

Книгата *Дела на апостолите* со право ја нарекуваат „Дела на Светиот Дух“. Тоа е возбудлива авантуристичка приказна за сведочењето, за објавувањето на евангелието и растот на црквата. *Дела на апостолите* се извештај посветен на верниците полни со Свети Дух, кои извршиле големо влијание на светот во Христово име. Тие во потполност се потпирале на Светиот Дух за да остварат чудесни резултати. Нивниот пример ни покажува што може да постигне Светиот Дух преку мажите и жените кои во потполност ќе му се посветат.

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 2,41.42; 4,4.31; 5,14.42; 6,7; 16,5. Што остава кај вас најсилен впечаток, кога станува збор за овие текстови? Која порака Лука, авторот на книгата *Дела на апостолите*, сака да ја пренесе известувајќи за наглиот раст на црквата?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Намерата на Лука при пишувањето на книгата *Дела на апостолите* била на секој читател да му ја долови службата на Светиот Дух во раната црква.

Исто така, забележете дека тој не се притеснува да користи бројки за да го мери дејствувањето на Духот во првиот век. Тој всушност ги брои крштавањата. Во текстот Дела 2,41, Лука го нагласува фактот дека 3000 луѓе биле крстени во еден единствен ден. Во текстот Дела 4,4 тој зборува за 5000 мажи кои биле крстени. Во текстот Дела 5,14 големо мноштво доаѓа кај Господа и се крштава.

Па сепак, и кога се работело за поединци, како што биле Лидија, стражарот во Филипи, робинката опседната од зли духови или етиопискиот евнух, Лука забележува и внимателно бележи како Светиот Дух дејствувал на срцето на секој од нив поединечно. Затоа, важно е да се забележи овде дека зад секоја од тие големи бројки се наоѓаат човечки суштества, поединци, а секој од нив е Божје дете за кое Исус Христос умрел. Да, ние сакаме големи броеви, но на крајот на краиштата, сведочењето често пати е потфат „еден на еден“.

За да се олесни брзиот раст на новозаветната црква, основани биле нови цркви. Една од причините што раната црква толку брзо растела била таа дека таа постојано се обновувала со основање на нови цркви. Колку важна порака за нас денес!

**Главната цел на новозаветната црква била мисијата. А како ние да обезбедиме, во сè што работиме во својата локална црква, мисијата секогаш да биде во центарот на вниманието?**

## СВЕТИОТ ДУХ И СВЕДОЧЕЊЕТО

Во целата книга *Дела на апостолите*, Светиот Дух е моќно присутен. Тој им служел на верните, но и преку верните, кои тие сведочеле за својот Господ на многу различни начини. Тој им давал сила да се соочат со искушенијата и предизвиците во една непријателска култура. Тој ги водел кај луѓето кои со искрено срце трагале по вистината. Ги подготвувал срцата на луѓето во некои места уште пред да стигнеле верните до нив. Им ја отворал вратата на можности какви што никогаш и не сонувале, и им давал сила на нивните зборови и постапки.

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 7,55; 8,29; 11,15; 15,28.29 и Дела 16,6-10. Како Светиот Дух им служел на учениците кои сведочеле во секој од настаните наведени во тие библиски стихови? Со други зборови, што сѐ правел Светиот Дух во тие ситуации?**

________________________________________

________________________________________

________________________________________

Разновидната служба на Светиот Дух во првиот век била навистина извонредна. Искуствата наведени во претходните стихови се само мал пример на Неговото дејствување. Тој му дал сила на Стефан да сведочи за својот Господ пред немилосрдната толпа која го каменувала до смрт. На чудесен начин го одвел Филипа до еден влијателен Етиопјанец кој трагал по вистината, за да го подготви африканскиот континент за евангелието. Му пружил на Петар знак како потврда дека и верниците од паганството исто така го примиле дарот на Светиот Дух. Ја обединил црквата во моментот кога лесно можела да се подели по прашањето околу обрежувањето, и направил целиот европски континент да се отвори за проповедање на евангелието преку апостол Павле.

Светиот Дух бил активен во новозаветната црква, а активен е и во животот на црквата денес. Тој копнее да нѐ оспособи, да нѐ зајакне, поучи, води, обедини и испрати во најважната мисија на светот – мисија која ги упатува мажите и жените на Исуса и Неговата вистина. Мораме да имаме на ум дека Тој и денес сѐ уште е активен и на дело, исто како што бил и во времето на апостолите и раната црква.

**Што можеме да правиме од ден во ден за да станеме поотворени и поподложни за дејствувањето на силата на Светиот Дух во нашиот живот? Кои одлуки што ги донесуваме му овозможуваат Нему да работи во нас и преку нас?**

## СВЕТИОТ ДУХ, РЕЧТА И СВЕДОЧЕЊЕТО

Божјата Реч претставувала главен пулс во поглед на сведочењето на новозаветната црква. Петровата проповед на денот Педесетница во голема мера црпела докази од Стариот завет во прилог на тоа дека Христос е Месија. Сведочењето на Стефан пред смртта, меѓу останатото, било осврт на старозаветната историја на Израел. Петар се повикал на „Словото што (Бог) им го испрати на Израелевите синови“ (Дела 10,36), па дури тогаш зборувал со Корнелиј за воскресението. Апостол Павле во повеќе наврати се повикувал на големите старозаветни пророштва за доаѓањето на Месија, а Филип внимателно му објаснил на љубопитниот Етиопјанец за значењето на месијанското пророштво од текстот Исаија 53. Во секој од овие случаи, учениците ја изнесувале Божјата Реч а не својата сопствена. Божествено вдахновената Реч била основа на нивниот авторитет.

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 4,4.31; 8,4; 13,48.49; 17,2; 18,24.25. Каква поука ни даваат овие текстови во врска со односот меѓу Светиот Дух, Божјата Реч и сведочењата на новозаветната црква?**

___

___

Истиот Свети Дух, под чие влијание е напишана Божјата Реч, дејствува преку таа Реч за да го менува животот на луѓето. Во Божјата реч постои животворна сила, затоа што, преку Духот, таа е жива Христова реч.

**Прочитајте ги стиховите 2. Петрово 1,21 и Евреите 4,12. Зошто Божјата Реч има таква моќ за да го менува животот?**

___

„Творечката сила, која ги создала световите, се наоѓа во Божјата Реч. Таа Реч дава сила; таа раѓа живот. Секоја заповед е и ветување. Прифатена со волјата, примена во душата, таа со себе го донесува животот на Бесконечниот. Таа ја преобразува природата и повторно ја создава душата според Божјиот лик“ (Елена Вајт, *Воспитување,* стр. 126 ориг.).

Причината што Библијата има таква моќ да го преобрази животот е таа што истиот Свети Дух, кој најпрво ја вдахнал Библијата, нѐ вдахновува и нѐ менува и нас додека ја читаме. Додека ја споделуваме Божјата Реч со другите, Светиот Дух дејствува така што го менува нивниот живот преку Речта која самиот ја вдахновил. Бог ветил дека ќе ја благослови својата Реч, а не нашите зборови. Силата е во Божјата Реч, а не во човековите нагаѓања.

## СИЛАТА НА СВЕТИОТ ДУХ КОЈ ГО ПРЕОБРАЗУВА ЖИВОТОТ

Внимателното проучување на книгата *Дела на апостолите* ни открива како Бог, со посредство на својот Дух, прави чуда во животот на луѓето. Книгата *Дела на апостолите* претставуваат детален извештај за случаите кои можат да ни помогнат да согледаме како евангелието триумфира над културните предрасуди, како можат да се победат долгогодишните длабоко вкоренети навики и како целото човештво може да се поучи на Христовата благодат и вистина. Светиот Дух ги пресретнува луѓето таму каде што се наоѓаат, но не ги остава тука, туку го преобразува нивниот живот.

**Прочитајте Дела 16,11-15.23-34; 17,33.34; 18,8. Тоа се само некои од искуствата на обратување опишани во Библијата. Што можеме да научиме од тие различни извештаи во врска со Божјата способност да го менува животот на луѓето со различен општествен статус и потекло?**

---

Колку неверојатна разновидност на луѓе! Лидија била богата деловна жена Еврејка, а стражарот од Филипи бил припадник на средната класа и римски државен службеник. Светиот Дух може да допре до сите слоеви на општеството. Неговата преобразувачка моќ допира до мажите и жените, богатите и сиромашните, образованите и необразованите.

Последните две личности од нашата листа подеднакво се вредни за внимание. Текстот Дела 17,34 го спомнува обратувањето на Дионисиј Аеропагит. Атињанските Ареопагити биле припадници на судскиот совет кој ги преиспитувал судските случаи. Тоа биле истакнати и многу ценети припадници на грчкото оштество.

Со силата на Светиот Дух, апотолот Павле преку својата служба допрел дури и до повисоките слоеви на општеството. Крисп (Дела 18,8) бил старешина на еврејската синагога. Тој бил религиозен водич задоен со еврејската старозаветна мисла, но Светиот Дух допрел до него и му го променил животот. Сите тие досиеја откриваат дека Светиот Дух, кога ние сведочиме за Христа и ја споделуваме Неговата Реч со другите, прави извонредни работи во животот на сите типови луѓе со различно потекло, култура, образование и верско определување. Ние не можеме и не смееме да даваме претпоставки за тоа кој може или кој не може да биде допрен. Нашата работа е да му сведочиме на секој оној што ќе влезе во нашиот живот. Господ ќе го направи останатото.

**Христовата смрт била сеопфатна – Тој умрел за секое човечко суштество што некогаш живеело. Како треба оваа клучна вистина да нѐ научи никогаш да не правиме претпоставки за тоа дали некој е надвор од досегот на надежта за спасение?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Делата на апостолите* од Елена Вајт прочитајте ја глава под наслов „Дарот на Светиот Дух“, стр. 47-59 оригинал, а во книгата *Копнежот на вековите* извадокот од главата „Да не се плаши срцето ваше“, стр. 667-672 оригинал.

Светиот Дух соработува со Отецот и Синот во процесот на откупување. Секој пат кога сведочиме, ние Му се придружуваме во Неговото дело за спасување на луѓето. Тој ги осведочува срцата. Тој ја отвора вратата на можностите. Преку својата Реч, Тој го просветлува умот и ја открива вистината. Тој ги раскинува оковите на предрасудите кои нѐ заробуваат, триумфира над културните предрасуди кои го замрачуваат нашето видување на вистината и нѐ ослободува од синџирите на злите навики кои нѐ врзуваат.

Кога сведочиме за Исуса, од пресудна важност е да не заборавиме дека соработуваме со Светиот Дух. Тој бил тука пред нас, подготвувајќи ги срцата да ја примат пораката на евангелието. Тој е тука со нас и дејствува врз умот на другите додека ние правиме некое љубезно дело, го изнесуваме своето искуство, држиме библиски час, делиме литература или учествуваме на кој евангелски состанок. Тој ќе продолжи да дејствува на срцата на некои личности уште долго откако ние ќе одиме, и ќе прави сѐ што е можно за да ги доведе до спознание за спасението.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Со членовите на вашата класа споделете сеќавање на некој момент кога сте почувствувале дека Светиот Дух дејствувал во текот на вашето сведочење.**
2. **Дали некогаш сте се почувствувале непријатно или исплашено кога требало да зборувате за својата вера? На кој начин вашето сознание за службата на Светиот Дух го намалува тој страв и ви влева сигурност додека сведочите?**
3. **Во поуката за оваа седмица зборувавме за активната улога на Светиот Дух во нашето сведочење. Разговарајте за различните начини на кои Светиот Дух соработува со нас во нашите настојувања да им сведочиме на другите. Како Светиот Дух нѐ оспособува да сведочиме и како дејствува на животот на другите додека ние тоа го правиме?**
4. **Исто така, зборувавме и за централната улога на Библијата во нашето сведочење. Зошто Библијата има толку клучна улога и важност за нашата вера и сведочење? Како можеме да ја избегнеме стапицата во која паѓаат оние кои, иако тврдат дека веруваат во Библијата, на суптилен начин го намалуваат нејзиниот авторитет и сведоштво?**

Поука 6
1 - 7 август 2020

# НЕОГРАНИЧЕНИ МОЖНОСТИ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Коринќаните 12,12; Матеј 3,16.17; 1. Коринќаните 12,7; 1. Коринќаните 1,4-9, Матеј 25,14-30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А сè тоа го прави еден и ист Дух, кој разделува секому, како што сака“ (1. Коринќаните 12,11).**

Бог нè повикува да бидеме Негови сведоци (Дела 1,8; Исаија 43,10).

Сведочењето не е некој посебен духовен дар што го поседуваат само неколкумина одбрани. Сведочењето е нешто на што Бог го повикува секој христијанин.

Библијата користи различни изрази за да го опише нашето звање пред Бога. Ние треба да бидеме „светлина на светот“, „Христови пратеници“ и „царско свештенство“ (Матеј 5,14; 2. Коринќаните 5,20; 1. Петрово 2,9). Истиот Бог кој нè повикува да сведочиме и да служиме, исто така нè оспособува за таа задача. Тој на секој поединец му дава духовни дарови. Бог не ги повикува оспособените. Тој ги оспособува повиканите. Токму како што бесплатно им дава спасение на сите што веруваат, исто така бесплатно им ги дава и своите дарови.

Кога потполно ќе му се предадеме на Бога и ќе му го посветиме својот живот во Неговата служба, нашите можности за служба стануваат бесконечни. „Не постојат граници за корисноста на оној кој, оставајќи го на страна своето ‘јас’, прави простор за делувањето на Светиот Дух на неговото срце и води живот на целосна посветеност на Бога“ (Елена Вајт, *Во потрага по подобар живот,* стр. 159 оригинал).

Во поуката за оваа седмица, ќе ги проучуваме неограничените можности за служба преку дарот на Светиот Дух.

## РАЗЛИЧНИ ДАРОВИ – ОБЕДИНЕТИ ВО СЛУЖБАТА

Дали некогаш сте размислувале за тоа колку учениците се разликувале едни од други? Нивното потекло, личноста, темпераментот и даровите во голема мера се разликувале. Меѓутоа, тоа не било пречка за црквата. Напротив, во тоа била нејзината сила. Матеј, собирачот на даноци, бил прецизен, точен, педантен. За разлика од него, Петар често зборувал пренаглено, бил полн со ентузијазам, импулсивен, а имал и природни особини на водач. Јован бил со нежно срце, но исто така и многу директен. Андреј умеел со луѓето, бил извонредно свесен за своето опкружување и чувствителен за потребите на другите. Тома по природа бил склон кон преиспитување и често се сомневал. Секој од овие ученици, иако имале различни личности и дарови, Бог моќно ги употребил во сведочењето за Него.

**Прочитајте 1. Коринќаните 12,12.13.18-22. Што откриваме во овие текстови кога станува збор за потребите на луѓето со различни способности во Христовото тело – црквата?**

---

Бог ужива во тоа да ги повикува луѓето од различно потекло, со различни таленти и способности, за да може да им даде дарови за служба. Христовото тело не е некоја хомогена група луѓе кои меѓусебно се слични. Тоа не е некој кантри клуб со луѓе со иста културна заднина, кои размислуваат на ист начин. Тоа е динамично движење на луѓето од различни таленти, обединети во љубовта кон Христа и Светото писмо, кои се посветени на тоа Неговата љубов и вистина да ја споделат со светот (Римјаните 12,4; 1. Коринќаните 12,12). Членовите на Христовото тело имаат различни дарови, но секој од нив е драгоцен, секој е од пресудна важност за здраво функционирање на Христовото тело. Токму како што очите, ушите и носот имаат различни функции, но се неопходни за телото, така се неопходни и сите дарови (1. Коринќаните 12,21.22).

Ако внимателно го погледнеме човечкото тело, ќе видиме дека и најситните делови имаат клучна улога. Размислете за своите трепки? Што ако немаме нешто така навидум безначајно како што се трепките? Честичките прашина би го замаглувале нашиот вид, а како последица на тоа би можеле да настанат непоправливи оштетувања. Така и членот на црквата, кој навидум е најмалку „значаен“, претставува клучен дел од Христовото тело и е обдарен со Светиот Дух. Кога во потполност ќе ги посветиме тие дарови на Бога, секој од нас може да направи разлика од вечно значење.

**Колку и да сте талентирани, дали забележувате во што, за разлика од другите во црквата, не сте посебно добри? Како би можело тоа да ви помогне да се држите до своето место кое вам ви одговара?**

## БОГ – ДАРИТЕЛ НА СИТЕ ДОБРИ ДАРОВИ

Според текстовите Јаков 1,17; 1. Коринќаните 12,11.18 и Ефешаните 4,7.8, Бог е творец на сите дарови, и „секој совршен дар“ потекнува од Него. Според тоа, можеме да бидеме сигурни дека Тој ќе ни ги даде токму оние дарови на Светиот Дух кои најдобро ѝ одговараат на нашата личност, и дека на најдобар начин ќе ги употреби нашите вештини за да му служиме на Неговото дело и да го прославуваме Неговото име.

**Прочитајте ги стиховите Марко 13,34 и 1. Коринќаните 12,11. Кому Бог му дава духовни дарови?**

---

Библијата е јасна. Бог има посебна задача за секој од нас, кога станува збор за споделувањето на евангелието со другите. Во Исусовата парабола за домаќинот кој заминува од дома и од своите слуги бара да се грижат за домаќинството, гледаме дека на секој од нив му дава определена работа (Марко 13,34). Постои одредена задача за секој од нас посебно, а Бог на сите им дава духовни дарови за да го извршат она за што се повикани. Кога му го предаваме својот живот на Христа и со крштавањето стануваме членови на Неговото тело – црквата, Светиот Дух ни доделува дарови за да можеме да му служиме на тоа тело и да му сведочиме на светот.

Во 1903 година, Елена Вајт му напишала писмо на извесен човек за да го охрабри тој да ги искористи даровите што Бог му ги дал за служба. „Сите ние сме членови на Божјето семејство, на сите нас во поголема или во помала мера ни се доверени од Бога дадени таленти, за чија употреба се сметаме за одговорни. Без разлика дали нашите дарови се големи или мали, ние треба да ги употребиме во Божјата служба, а и на сите други треба да им го признаеме правото да ги користат даровите коишто ним им се доверени. Никогаш не би требало да го потцениме ни најмалиот физички, интелектуален, ниту пак духовен капитал“ (Letter 260, December 2, 1903).

**Прочитајте ги следните текстови: Дела 10,36-38; Матеј 3,16-18 и Дела 2,38-42. Што можеме да научиме од овие текстови во врска со ветувањето за примање на Светиот Дух при крштавањето?**

---

Токму како што Исус бил помазан од Светиот Дух при своето крштевање за да биде подготвен и во потполност оспособен за својата служба во светот, така и на секого од нас ни е ветен Светиот Дух при крштавањето. Бог сакал да бидеме сигурни во тоа дека Тој ја исполнил својата Реч и ни доделил духовни дарови како благослов за Неговата црква и овој свет.

## ЦЕЛТА НА ДУХОВНИТЕ ДАРОВИ

**Прочитајте 1. Коринќаните 12,7 и Ефешаните 4,11-16. Зошто Бог му дава духовни дарови на секој верник? Која е целта на тие дарови?**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Духовните дарови се дадени од повеќе причини. Бог ги дава за да ја подигне и да ја зајакне својата црква да го доврши Неговото дело. Тие се осмислени со цел да создадат единствена црква подготвена да го доврши неговото дело во светот. Библиските писатели ни даваат пример на духовни дарови коишто Бог ѝ ги доделува на својата црква, како што се даровите за проповедање, поучување, охрабрување и давање. Библијата исто така зборува за даровите на гостопримство, сомилост, корисност, ведрина – да спомнеме само некои. За попотполна листа прочитајте Римјаните 12 глава и 1. Коринќаните 12 глава.

Можеби се прашувате каква врска постои меѓу духовните дарови и природните таленти. Духовните дарови се божествени дарувани особини кои Светиот Дух му ги доделува на секој верник за да го оспособи за посебна служба во црквата и во светот. Тие можат да ги опфатат и природните таленти кои се посветени со Светиот Дух и употребени во служба за Христа. Сите природни таленти се од Бога дадени, но не се користат сите во Христовата служба.

„Посебни дарови на Духот не се само талантите споменати во оваа парабола. Со нив се опфатени сите дарови и сите способности, било наследени или стекнати, телесни или духовни. Сите тие мора да се употребат во Христовата служба. Кога ќе станеме Христови ученици, ние му се предаваме нему комплетно, со сè што сме и што имаме. Тие дарови Тој ни ги враќа пречистени и облагородени за да ги употребиме во негова слава и на благослов на нашите ближни“ (Елена Г. Вајт, *Христовите параболи*, стр. 328 оригинал).

Бог обезбедил и посебни дарови, како што е дарот на пророштвото и одредени служби во црквата, вклучувајќи ја и службата на пасторите, старешините и учителите, кои ги обучуваат другите во рамки на Христовото тело, за да го подготват и оспособат секој член за служба (види Ефешаните 4,11.12). Улогата на целото црковно раководство е да им помогне на сите верници во откривањето на нивните духовни дарови и да ги поучи како да ги користат тие дарови за надградба на Христовото тело.

**Кои природни таленти ги поседувате вие, а кои, колку и да се корисни во секуларното опкружување, можат исто така да бидат благослов и за црквата?**

## ОТКРИВАЊЕ НА ВАШИТЕ ДАРОВИ

**Споредете 1. Коринќаните 1,4-9 со 2. Коринќаните 1,20-22. Што ни кажуваат тие текстови за Божјите ветувања, а посебно за духовните дарови пред второто Христово доаѓање?**

___

___

Бог ветува дека Неговата црква ќе ги пројавува сите дарови на Светиот Дух непосредно пред Господовото доаѓање. А Неговите ветувања се сигурни. Тој на секој од нас му дал залог на Светиот Дух во срцето да нè води кон разбирање на даровите што сме ги примиле. Бог е Тој кој ни дава дарови и Тој е оној кој, преку Светиот Дух, ни ги открива.

**Прочитајте ги стиховите Лука 11,13; Јаков 1,5 и Матеј 7,7. Што не повикува Бог да правиме ако сакаме да ги откриеме своите дарови кои ни ги дал на секој од нас?**

___

___

Ние ги примаме даровите на Духот кога ќе му се посветиме на Бога и кога бараме од Него да ни открие кои дарови ни ги дал. Кога нашето срце ќе се испразни од величењето на себеси и наш приоритет ќе стане да му служиме на Исуса, неговиот Дух ќе ни ги открие духовните дарови коишто Тој ги има за нас. „Светиот Дух се излеал откако учениците со вера и молитва целосно се сообразиле со неговото дејствување. И тогаш на Христовите следбеници им биле доверени небесните благослови. Даровите веќе ни се обезбедени во Исуса Христа, но дали навистина ќе ги добиеме, зависи од тоа дали ќе го примиме Божјиот Дух“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 327 оригинал).

Духовните дарови (види 1. Коринќаните 12,4-6) се способности што ни ги дава Бог за да можеме успешно да Му служиме. Различните служби се поширoки области во чиишто рамки можеме да ги изразиме своите дарови, а одредени активности се посебни настани кои ни овозможуваат да ги употребиме своите дарови. Духовните дарови не доаѓаат потполно развиени. Кога Светиот Дух ќе ви открие некоја област на служба, молете се Тој да ве води кон посебни евангелски активности во кои можете да го примените својот дар.

**Кои се вашите посебни дарови, и што е уште поважно, како можете да ги подобрите за Господовата служба?**

## РАЗВИВАЊЕ НА НАШИТЕ ДАРОВИ

**Прочитајте ја параболата за талантите во текстот Матеј 25,14-30. Која е најзначајната мисла за вас во оваа приказна? Зошто Бог ги пофалил првите двајца слуги, а третиот го осудил? Што ни кажува оваа парабола за употребата на нашите таленти? Забележете го посебно стихот Матеј 25,29.**

---

---

Господарот ги поделил талантите меѓу слугите – „секому според способноста негова“ (Матеј 25,15). Секој поединец примил различна сума. Едниот примил пет таланти, вториот два, а третиот еден. Секој слуга можел да бира како ќе ги вложи или употреби талантите што му биле дадени. Клучната мисла овде е дека тоа што им било дадено не им припаѓало ним. Тие таланти му припаѓале на некој друг, на оној што им ги доверил ним.

Господарот не го интересирало кој добил поважни а кој помалку важни таланти. Нему не Му било важно ниту тоа кој колку таланти добил. Она што Него го интересирало било како секој од нив постапил со она што му било дадено.

Павле тоа вака го резимирал во 2. Коринќаните 8,12: „Зашто, ако се има усрдност, таа е мила по тоа што ја има, а не по тоа што ја нема“. За Бога не е толку важно што имате, туку што правите со тоа што го имате.

Бог ги пофалил првите двајца слуги затоа што биле верни во употребата на своите таланти. Нивните таланти се зголемувале со употребата. „Лошиот“ слуга не го користел талантот што му го дал господарот, и тој не се зголемил. Вечната вистина е дека „законот на служење станува алка што нè поврзува со Бога и со нашите ближни“ (Елена Вајт, *Христовите параболи,* стр. 326 оригинал). Неверниот слуга ја пропуштил приликата да служи и на крајот ја изгубил и способноста да служи.

Кога ги користиме даровите коишто Бог ни ги дал на слава на Неговото име, тие ќе се зголемуваат, ќе се шират и растат. Како можете да откриете кои дарови ви ги дал Бог? Понизно побарајте од Бога да ви открие во кои области на службата Тој би сакал да служите. Кога Тој ќе ве осведочи, вклучете се. Вашите дарови ќе се развиваат додека ги користите, а вие ќе пронајдете задоволство во Неговата служба.

**Размислете за оваа парабола и применете ја на својот живот. Што ви зборува таа, ако воопшто и нешто ви зборува, за тоа што правите со она што Бог ви го дал? (Имајте на ум дека сè што поседувате е исто така дар од Бога).**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгата *Христовите параболи* од Елена Вајт, прочитајте ја главата со наслов „Таланти“, стр. 325-326 оригинал.

Правилното разбирање на библиското учење за духовните дарови донесува единство во црквата. Спознанието дека секој од нас е вреден и потребен член на Христовото тело е мисла која обединува. Секој член на црквата е неопходен за остварување на Христовата мисија. Секој член е надарен за служба.

„На сите им е дадена работа што треба да ја извршат за Господарот. На секој Негов слуга му се доверени посебни дарови или таланти. ‘и на едниот му даде пет таланти, на другиот два, на третиот еден, секому според способноста негова.’ На секој слуга му е доверено нешто за што е одговорен, а разновидноста на даровите е сразмерна со нашите различни способности. Кога ги делел своите дарови, Бог не бил пристрасен. Тој ги поделил талантите во согласност со покажаните способности на своите слуги и очекува соодветна добивка“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 2, p. 282).

Исто така имајте на ум дека даровите на Духот се дадени да служат на слава на Бога а не вам. Бог ги дал за да го прослави своето име и да го унапреди своето дело.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Занимавајте се повеќе со мислата дека секој од нас примил дарови од Бога. Кои практични последици би ги имало тоа во вашата локална црква? До какви промени би можела да доведе таа мисла во поглед на вклученоста на секој верник во службата?**

**2. Разговарајте со членовите во својата класа за тоа како можат даровите што ги добива некој верник да служат на благослов за вас. Раскажете во вашата класа како вие сте ги откриле своите духовни дарови. Што мислите кои се вашите дарови и како ги користите за да послужите на благослов на другите?**

**3. Оваа поука го истакнала фактот дека нашите дарови се умножуваат кога ги користиме. Обрнете внимание на сопствениот живот. Можете ли да се сетите на некои дарови што Бог ви ги дал, а кои сте ги зголемиле додека сте ги користеле на слава на Неговото име? Во исто време, поставете си го повторно себеси прашањето што веќе го наведовме на крајот од проучувањето за четврток – колку сте верни во располагањето со она што Бог ви го дал?**

**Поука 7**
**8 - 14 август 2020**

# ОБЈАВУВАЊЕ НА БОЖЈАТА РЕЧ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Псалм 119,105; Еремија 23,29; Евреите 1,1-3; 2. Тимотеј 3,14-17; 1. Јованово 1,7-9; Проповедник 3,1; 2. Тимотеј 4,2.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Така Словото што излегува од Мојата уста не се враќа при Мене без плод, туку го прави она што го сакав и ќе го изврши она заради кое го испратив“ (Исаија 55,11).**

Кога сведочиме, ние зборуваме за Исус. Но, што воопшто би знаеле за Исуса ако ја нема Библијата? Всушност, колку ние би знаеле за големата борба, за Божјата љубов, за раѓањето, животот, службата, смртта, воскресението и враќањето на нашиот Господ кога не би го имале Светото писмо?

Иако природата ни го открива Божјето величие и сила, таа не зборува ништо за планот на спасението. Исус, преку личноста на Светиот Дух, е „вистинска Светлина, која го осветлува секој човек, што доаѓаше во светов“ (Јован 1,9). Па сепак, без Божјата Реч, која во потполност ни ја објаснува божествената вистина, откровението на Светиот Дух во нашето срце би било ограничено. Божјата пишана Реч е најјасно и најпотполно откровение на Исус, живата Реч.

Меѓутоа, и покрај тоа што ја проучувале Божјата реч, многу верски водачи ја промашиле нејзината главна порака. Затоа Исус им порачал: „Ги истражувате Писмата, зашто вие мислите дека во нив имате живот вечен; а токму тие сведочат за Мене“ (Јован 5,39). Кога правилно ќе се разбере, секое библиско учење ја одразува убавината на Исусовиот карактер. Според тоа, кога ја објавуваме Божјата Реч, нашата главна цел не треба да биде докажување дека ние сме во право а дека другата личност греши, туку да го откриваме Исуса во секој аспект на вистината што ја изнесуваме.

## СИМБОЛИТЕ НА БОЖЈАТА РЕЧ

**Прочитајте ги следните текстови: Псалм 119,105; Еремија 23,29; Лука 8,11 и Матеј 4,4 кои пет симболи се употребени во тие текстови за да се опише Божјата Реч? Зошто, според ваше мислење, токму тие пет симболи се употребени за Божјата Реч?**

___

___

Различните симболи, кои се употребени во овие текстови, опишуваат некои од главните улоги на Божјата Реч. Кога на другите им зборуваме за Светото писмо, тоа е како светилка која им го осветлува животот. Исус, „светлината на светот“, се пробива низ темнината на нивните заблуди за Бога и за Неговиот карактер. Умовите помрачени од заблудите за Бога, преку Божјата Реч стануваат осветлени од Светиот Дух.

Според пророкот Еремија, Божјата Реч е како оган и чекан. Таа ја спалува трската на гревот во нашиот живот и ги крши нашите тврди срца. Затоа, кога им помагаме на луѓето за да можат во Светото писмо да ја согледаат Исусовата слава, нивните срца стануваат скршени, а пламенот на Неговата љубов ја спалува трската на себичност, лакомост, страст и сосредоточеност на себеси.

Божјата Реч се споредува и со семе. Клучната карактеристика на семето е оживувањето. На семето му треба време да никне. Не ‘ртат сите семиња во исто време. Не растат сите билки со исто темпо. Но, под соодветни услови никулецот го пробива семето и се пружа на тлото во новиот живот. Кога семето на Божјата Реч ќе го посееме во умот и во срцата на другите, нема секогаш резултати во истиот момент, но семето ‘рти во тишината, и во времето што Бог ќе го одреди, ако луѓето одговорат на поттиците на Светиот Дух, тоа ќе донесе жетва за Божјето царство.

Исус ја споредува својата Реч со хранливиот леб. Како што многумина од нас знаат, малку работи заситуваат така како векна добар леб. Божјата Реч го отстранува гладот, ја храни душата и ги задоволува нашите најдлабоки копнежи. Кога со другите ќе ги делите ветувањата од Божјата Реч и им помагате да откријат дека Исус е таа Реч, нивниот живот ќе биде преобразен од Неговата добрина, а тие ќе бидат восхитени од Неговата љубов, одушевени од Неговата благодат и задоволни во Негово присуство.

**И повторно размислете за вистините кои ни се познати само благодарение на Библијата. Што ни кажува за тоа колку би требало да ги вреднуваме нејзините учења?**

## СОЗДАТЕЛСКАТА СИЛА НА БОЖЈАТА РЕЧ

**Споредете ги следните текстови: Евреите 1,1-3; Евреите 4,12 и Псалм 33,6.9. Што ни зборуваат тие текстови за силата на Божјата Реч?**

---

Божјата Реч е жива Реч. Таа во себе носи сила за остварување на она што го објавува. Човечките зборови можат да говорат за она што е, но Бог зборува за работите кои сѐ уште не постојат, а потоа ги создава со силата на својата Реч. Божјата Реч е Реч која создава. Чујната Реч која излегува од Неговата уста има сила да го создаде сето она што го зборува.

Во извештајот за Создавањето, во 1. глава од 1. Мојсеева, изразот „И Бог рече" се користи во повеќе наврати (1. Мојсеева 1,3.6.11.14.20.24.26.29). Божјите изговорени зборови имале таква сила што, кога Тој проговорил, се појавила сува почва, билките никнале, цвеќето се расцутило, овошките се родиле, а животните се раздвижиле.

За Божјата создателска активност се користи еден интересен еврејски збор во 1. Мојсеева 1 глава. Тоа е зборот *bara*. Во тој конкретен облик, зборот се користел за да се опише Божјата активност при создавањето од ништо. Тој глагол се користел само кога Бог бил субјект. Односно, единствено Бог може да создаде од ништо – *bara*, а Тој тоа го прави со силата на својата изговорена реч.

Бог не само што го создал овој свет со силата на својата реч, туку и на ист начин и го одржува – со својата реч. А истата сила која се наоѓа во Божјата изговорена Реч, се наоѓа и во Неговата пишана Реч. Истиот Свети Дух кој бил активен при Создавањето, бил активен и при пишувањето на Светото писмо. Тој исто така е присутен и кога ние ја читаме Библијата, но и кога на другите им зборуваме за неа. Во Божјата Реч постои создателска сила, сила која дава живот и го менува. „Творечката сила, која ги создала световите, се наоѓа во Божјата Реч. Таа Реч дава сила; таа раѓа живот. Секоја заповед е и ветување. Прифатена со волјата, примена во душата, таа со себе го донесува животот на Бесконечниот. Таа ја преобразува природата и повторно ја создава душата според Божјиот лик" (Елена Г. Вајт, *Воспитување*, стр. 126 оригинал).

Кога ние лично се држиме до ветувањата што ги наоѓаме во Божјата Реч, нашиот живот се менува, а кога им помагаме на другите и тие да ги сфатат и да ги прифатат тие чудесни ветувања, Светиот Дух го менува и нивниот живот.

**Замислете – Бог проговорил и сѐ настанало. Како да разбереме што значи тоа? Што ни кажува таа чудесна реалност за Неговата моќ? Зошто таа вистина за Божјата создателска сила би требало да ни влее утеха?**

## ПОЛЗАТА ОД ПРОУЧУВАЊЕТО НА БОЖЈАТА РЕЧ

Проучувањето на Божјата Реч обезбедува повеќекратни предности. Апостолот Петар ни вели дека врз основа на ветувањата од Светото писмо можеме да станеме „учесници во Божјата природа" (2. Петрово 1,4). Јаков го спомнува „насаденото Слово, кое може да ги спаси вашите души" (Јаков 1,21). Павле ни зборува за „Словото на Неговата благодат, кое е во состојба да изградува и да даде наследство меѓу сите осветени" (Дела 20,32). Целта на Библијата е нашето откупување. Кога ќе го согледаме Исуса во целокупното Свето писмо, ние стануваме променети. Гледајќи Го во Неговата Реч, ние стануваме слични на Него (2. Коринќаните 3,18). „Закон на нашата интелектуална и духовна природа е ние да се менуваме со она што го посматраме. Нашиот ум е проникнат со она со што се занимава" (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 555 оригинал).

**Прочитајте 2. Тимотеј 3,14-17 и Јован 17,14-17. Кои дополнителни предности произлегуваат од проучувањето на Божјата Реч?**

____________________________________________

____________________________________________

____________________________________________

Обраќајќи се до својот млад пријател, Тимотеј, апостолот Павле го поттикнува да биде верен на Писмото и да му зборува за предимствата од проучувањето на вдахновената Реч. Според Павле, Библијата е „корисна за учење". Таа ја открива вистината и ја разнишува заблудата. Таа го открива Божјиот план за спасение на човечкиот род. Таа ги прекорува нашите гревови, го поправа погрешниот начин на размислување и нè поучува на праведноста. Светото писмо ни ја открива Христовата праведност. Тоа нè води од безумието на нашата лична грешност кон убавината на Неговата праведност. Кога ја согледуваме Исусовата несебична љубов во споредба со нашата егоцентрична природа, ние остануваме восхитени. Додека во Светото писмо ја набљудуваме длабочината на Неговото сочувство и грижа, нашиот живот се менува. Кога на другите им ја објавуваме Неговата реч, ние стануваме сè послични на Него. Сведочењето не е изнесување на нашето лично мислење, па дури ни на нашите верувања, туку на вечните вистини кои се наоѓаат во Божјата Реч. Кога Божјата Реч на чудесен начин ќе го благослови нашиот живот, ние со право можеме на другите да им зборуваме за тоа дека таа може да го благослови и нивниот живот.

**Сетете се на некои тешки моменти со кои лично сте се соочиле, а во кои Божјата Реч се покажала како ваша сила. Што сте научиле врз основа на тоа искуство?**

## ПРИМЕНУВАЊЕ НА БОЖЈАТА РЕЧ

Некој во Божјата Реч избројал повеќе од три илјади ветувања. Секое од овие ветувања потекнува од срцето на Бога кој е полн со љубов „кој со Својата сила, што дејствува во нас, може да направи прекумерно над сѐ што ние молиме или мислиме“ (Ефешаните 3,20). Божјите ветувања се завети што Тој ги склучува со секој од нас. Кога со вера се повикуваме на тие ветувања, и кога ги учиме другите луѓе да се повикуваат на нив, небесните благослови се излеваат во нашиот живот. Апостол Павле ја нагласува таа божествена реалност во Римјаните 8 глава: „Оној, кој не Го поштеди ни сопствениот Син, туку Го предаде за сите нас, како не ќе ни подари сѐ друго со Него?“ (Римјаните 8,32). Апостолот Петар го појаснува ова ветување изјавувајќи дека „Неговата божествена сила ни подари сѐ што ни е потребно за живот и побожност“ (2. Петрово 1,3). Со посредство на својата смрт на крстот и победата над сатаната, поглаварствата и силите на темнината, Христос обезбедил сѐ што е неопходно за да живееме побожен, духовен живот. Тој воедно ветува и дека ќе се погрижи за нашите основни физички потреби.

**Споредете ги текстовите: 1. Јованово 1,7-9 и Филипјаните 4,13.19. Иако овие ветувања се сосема различни, што можеме да научиме од нив за Божјиот карактер? Како тие ветувања влијаеле на вашиот живот?**

________________________________________

________________________________________

Секое од ветувањата за коишто читавме во овие стихови зборува за нешто различно, но сите тие ни даваат многу слична слика за Бога. Тие го прикажуваат Бога како некој кој со драга волја простува, кој поседува неограничена моќ и се грижи за нашите основни потреби. Тие ни влеваат сигурност дека Бог е длабоко заинтересиран за нас.

**Прочитајте ги стиховите: Евреите 3,19; 4,1-3 и Матеј 13,58. Што ни кажуваат тие стихови за потребата да веруваме?**

________________________________________

Во Библијата има толку многу прекрасни Божји ветувања. Кога ние со вера се повикуваме на ветувањата од Божјата реч и веруваме во нив затоа што Христос ги дал, благословите поврзани со тие ветување стануваат наши. Меѓутоа, токму недостатокот на доверба во Божјата способност да го оствари она што го ветил во својата Реч, е тоа што го ограничува исполнувањето на Неговите ветувања во нашиот живот. Молете се, за Бог оваа седмица да ве упати кај некој на кого му се потребни ветувања кои влеваат надеж, а се наоѓаат во Божјата Реч.

## ОБЈАВУВАЊЕ НА БОЖЈАТА РЕЧ

Добрите вести треба да се споделуваат. Сетете се на некој момент во својот живот кога ве израдувала некоја добра вест. Можеби тоа било денот на вашата веридба, раѓање на дете, нова работа, купување на автомобил или стан. Сте биле толку возбудени што едвај сте чекале тоа да го споделите со другите.

Прекрасно е кога можеме да ја споделиме својата радост со другите, но најдобрата вест во целата вселена е вистината за Исус. Кога врз основа на Неговите зборови ќе стекнеме нови увиди во врска со спасението во Христа, нашето срце станува преплавено со радост и ние копнееме тоа да го кажеме на некој друг. Кога верските власти се обиделе да ги запрат апостолите во нивното проповедање, Петар изјавил: „Зашто, ние не можеме да не зборуваме за она, што сме го виделе и чуле“ (Дела 4,20).

„Штом некој ќе дојде кај Христа, во неговото срце се раѓа желба да им објави на другите каков драгоцен пријател стекнал во Исуса; спасоносната и посветувачка вистина не може да остане затворена во неговото срце. Ако сме облечени во Христовата праведност, ако сме исполнети со радоста на неговиот Дух кој живее во нас, не ќе можеме да останеме мирни“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 78 ориг.).

Во Римјаните 1,14-16, Павле пишува: „ Јас сум им должник и на Грците и на варварите, и на мудрите и на неразумните. И така, доколку е од мене, готов сум да ви го проповедам Евангелието и вам, кои сте во Рим.Зашто, јас не се срамам од Евангелието, бидејќи тоа е Божја сила за спасение на секој кој верува, првин за Јудеецот, а и за Гркот.“

Апостол Павле никогаш не се уморил прераскажувајќи го своето искуство на обратување. Неговото срце било преплавено со радост во Исуса. Тој сметал дека добрата вест треба да се дели и не можел да молчи.

**Кои клучни принципи во врска со објавувањето на Божјата Реч ги наоѓаме во следните текстови: Исаија 50,4; Проповедник 3,1 и 2. Тимотеј 4,2?**

---

Кога ќе му го предадеме својот живот на Христа и на Неговата служба, Тој ќе ја отвори пред нас вратата на можностите за да им проговориме „некој пригоден збор“ во вистинско време на оние чие срце Тој го отворил. Секој пат кога сведочиме мораме да ги имаме на ум трите библиски принципи: што зборуваме, како зборуваме и кога зборуваме.

**Кои се луѓето со кои доаѓате во допир и како би можеле подобро да им сведочите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Во книгите на Елена Вајт прочитајте ги следните глави: *Патот кон Христа*, „Познавање на Бога“, стр. 87-91 оригинал; *Евангелски работници,* „Читање на Библијата во семејствата“, стр. 192 – 193 оригинал; *Евангелизам*, „Вештината на библиската работа“, стр. 481 – 486 оригинал.

Бог дејствува на човечките срца насекаде околу нас. Ако имаме изострен духовен вид за да воочиме каде Бог веќе работи, редовно ќе забележуваме прилики во кои можеме да им ја изнесуваме Божјата Реч на другите. Кога Бог ќе го подготви теренот на срцето, ние имаме прилика да го сееме семето на евангелието. Светиот Дух го подготвил срцето на Никодима, на жената крај изворот, римскиот капетан, жената што боледувала од течење крв, разбојникот на крстот и многу други, за да можат да ја примат Неговата реч, пред Исус и воопшто да се сретне со тие луѓе. Благодарение на околностите во нивниот живот и дејствувањето на Светиот Дух, тие биле подготвени да ја примат Христовата порака.

Можеби по природа сме такви што се срамиме на луѓето да им предложиме да се молиме со нив, да им зборуваме за библиските ветувања, или да им понудиме некоја литература. Меѓутоа, кога ќе се почувствуваме посебно повикани некому да му зборуваме за нашата вера, тоа е главно затоа што Светиот Дух, кој нè поттикнува, веќе делувал на таа личност да го прифати нашето сведочење.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Ако ви пристапи некој што го мачи длабоко чувство на вина поради нешто, кому му е потребно Божјото проштавање, каков совет би му дале и кои библиски текстови би му ги пренеле? Какво е вашето лично искуство во врска со вината и силата на Божјето проштавање во вашиот живот?**

**2. Понекогаш Бог воведува луѓе во нашиот живот затоа што копнее тие да ја дознаат вистината. Како да станеме претприемачи за Божјето водство?**

**3. Размислете подетално за Божјата сила и за Божјата Реч откриена во извештајот за Создавањето, како и при самото Создавање. Ние едвај успеваме да го сфатиме самиот универзум како поим поради неговото огромно пространство. А Бог, кој го создал, е далеку поголем од својата творба. Како можеме да пронајдеме утеха во сознанието дека Бог, кому му служиме, е толку моќен? И не само што е моќен, туку и нè сака! Колкава надеж ни пружаат сите тие сознанија за Бога? И како тоа знаење ни помага подобро да им сведочиме на другите за Него?**

**Поука 8**
**15 - 21 август 2020**

# ДА СЛУЖИМЕ КАКО ШТО СЛУЖЕЛ ИСУС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Матеј 5,13.14; Филипјаните 2,15; Марко 12,34; Ефешаните 4,15; Матеј 4,23-25; Матеј 25,31-46.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „А кога ги виде мноштвата, беше поттикнат со сожалување за нив, зашто беа изморени и распрснати како овци, кои немаат пастир“ (Матеј 9,36).**

Исус искрено се грижел за луѓето. Повеќе се интересирал за нивните грижи и потреби отколку за своите. Неговиот живот во потполност бил сосредоточен на другите. Неговата служба била служба на љубов и сочувство. Ги задоволувал физичките, умствените и емотивните потреби на луѓето околу себе, и како резултат на тоа, нивното срце се отворало за духовните вистини на кои ги учел. Кога ги лечел лепрозните, им ги отворал очите на слепите и ушите на глувите, ги ослободувал опседнатите од демони, ги хранел гладните и се грижел за оние на кои им била потребна помош, срцата биле допрени а животите променети.

Тоа се случувало затоа што луѓето, кога го виделе Неговата искрена заинтересираност, станувале отворени за духовните вистини што ги изнесувал. „Само Христовата метода ќе донесе вистински успех во нашите напори да им се приближиме на луѓето. Спасителот се мешал со луѓето како Оној кој им го посакува најдоброто. Тој покажувал сочувство кон сите, им служел на нивните потреби и ја стекнувал нивната доверба. И тогаш ги повикувал: ‘Врви по менѐ“ ( Елена Г. Вајт, *Во потрага по подобар живот*, стр. 143). Исус препознал дека на светот му е потребен жив приказ на евангелието подеднакво како и неговото објавување. Живеењето по углед на Христа, посветено на служба на другите, им дава убедливост на нашите зборови и веродостојност на нашето сведочење.

# ИСУСОВИОТ СТАВ КОН ЛУЃЕТО

Исус секогаш го барал доброто во луѓето. Го извлекувал од нив она најдоброто. Една од замерките што му ја упатувале верските водачи во Негово време била таа дека Тој „прима грешници и јаде со нив“ (Лука 15,2). Нив ги загрижувало тоа што Тој се дружел со „безбожните“. Тие религијата ја доживувале повеќе како отуѓување отколку како вклучување. Ги изненадило тоа што Исус рекол за себе: „Но, одете и научете што значи: ‘Милост сакам, а не жртви’; зашто не дојдов да ги повикам праведниците, туку грешниците на покајание“ (Матеј 9,13).

Религијата на „книжевниците“, „фарисеите“ и „садукеите“ се заснована на избегнување. Нивниот начин на размислување бил: „Направи сè што можеш за да избегнеш да се извалкаш од гревот.“ А Исус, иако неизвалкан од гревот, загазил во змиското дувло на овој свет за да го искупи, а не да го избегнува. И токму Тој е „Светлината на светот“ (Јован 8,12).

**Прочитајте ги стиховите Матеј 5,13.14. Кои две слики Исус ги употребил за да ги опише своите следбеници? Што мислите, зошто ги наведува токму тие две илустрации? Исто така погледнете: Јован 1,9; Јован 12,46; Филипјаните 2,15.**

---

Солта била една од најважните суровини во античкиот свет. Била премногу вредна, и римските легии повремено ја користеле и како средство за плаќање. Претставувала симбол на големо богатство. Исто така, се користела и за чување на продуктите и за подобрување на нивниот вкус. Кога ја употребил сликата на солта како симбол за своите следбеници, Исус всушност рекол дека вистинското богатство на овој свет не се неговите најбогати и најмоќни луѓе. Вистинското богатство на овој свет се посветените христијани кои за залагаат за Божјето царство. Нивните дела на несебична служба го чуваат она што е добро во овој свет и ја зачинуваат неговата атмосфера.

Втората илустрација што Исус ја употребил (во текстот Матеј 5,14) била „светлината на светот“. Светлината не ја избегнува темнината. Таа блеска среде темнината. Светлината не се одвојува од темнината. Таа се пробива претворајќи го мракот во светлина. Исусовите следбеници треба да ја пробијат темнината на овој свет во соседството, во своите села, населби, градови – и да ги осветлат со Божјата слава.

**Откако ги разгледавме Исусовите зборови во текстот Јован 17,15-18, како треба да ја разбереме идејата за одвојувањето од светот и избегнувањето на светот? Дали тоа е едно исто? Што мислел Исус кога се молел Неговите следбеници да бидат во светот, но не и од светот? Како да го постигнеме тоа?**

# ИСУСОВОТО ОДНЕСУВАЊЕ СО ЛУЃЕТО

Исусовата цел била да го изнесе пред луѓето на виделина она што е најдобро во луѓето. Дури и кога околностите биле необично предизвикувачки, Тој одговарал со благодат. Евангелието според Лука бележи дека сите луѓе „им се восхитуваа на благодатните зборови, што излегуваа од Неговата уста“ (Лука 4,22), а Евангелието според Јован додава дека „преку Исуса Христа дојдоа благодатта и вистината“ (Јован 1,17). Неговиот пристап кон луѓето бил таков што ги разоружувал. Неговите благи зборови ги допирале чувствителните нишки во човечкото срце.

**Прочитајте ги текстовите Матеј 8,5-10 и Марко 12,34. Кои зборови полни со надеж Исус неочекувано им ги упатил на овие двајца – римскиот капетан и еврејскиот книжевник?**

---

Исусовите зборови упатени до римскиот воен заповедник биле револуционерни. Помислете како би морал да се чувствува овој прекален војник кога Исус изјавил дека тој степен на вера не го нашол дури ни во Израел. Исто така, запрашајте се што ли помислил еврејскиот книжевник кога Исус рекол: „Не си далеку од царството Божјо“. Исус ја имал таа способност од луѓето да го извлече она најдоброто. Многу малку може така успешно да ги отвори срцата за евангелието како што тоа може пофалбата. Затоа побарајте го она што е најдобро во луѓето околу вас и ставете им до знаење дека ги цените.

**Споредете ги следните текстови: Исаија 42,3; Колошаните 4,5.6 и Ефешаните 4,15. На кои клучни принципи нè учат овие текстови кога станува збор за делењето на нашата вера со другите и нашиот однос кон нив?**

---

Кога нашите зборови се охрабрувачки и благонаклони, тие вршат позитивно влијание на животот на другите. Пророчките зборови на Исаија откриваат дека Исус „скршената трска нема да ја здроби“ и „чадливата ламба нема да ја угасне“. Со други зборови, Исус бил толку сочувствителен што водел сметка непотребно да не повреди некој кој тукушто пристапува кон верата и да не го изгасне ни најслабиот пламен на вера во нечие срце.

**Зошто начинот на кој нешто кажуваме е исто толку важен, ако не и поважен од она што ќе го кажеме? Што мислите за следната изјава: „Вистината е вистина и луѓето треба да ја прифатат како таква или во потполност да ја отфрлат“? Што е погрешно во оваа инаку вистинита изјава?**

# ИСУСОВАТА СЛУЖБА НА ИСЦЕЛУВАЊЕ – 1 ДЕЛ

Евангелскиот метод на нашиот Господ подразбира нешто повеќе од говори научени напамет и однапред подготвени презентации – тој е богат и динамичен како и самиот живот. Ние секој ден наидуваме на луѓе кои имаат секакви потреби – физички, ментални, емотивни и духовни. Христос копнее преку нас да ги задоволи тие потреби – така што ќе покажуваме дека сме заинтересирани за човечката осаменост, за нивните маки и болки, но и за нивните радости, надежи и соништа.

Исус служел на непосредните потреби на луѓето за на крајот да може да ги задоволи нивните најдлабоки потреби. Доживеаната потреба е подрачје на животот во кој луѓето веќе чувствуваат дека не можат сами да го решат проблемот. Тоа може да биде потреба да престанат да ги користат цигарите, да преминат на поздрав начин на исхрана или да го намалат стресот. Тоа може да биде потреба за храна или здравствена нега. Тоа исто така може да биде потреба за брачно или за семејно советување.

Меѓутоа, крајната потреба е она што на луѓето најмногу им недостасува, а тоа е личната врска со Бога и увидувањето дека нивниот живот има вечно значење. Помирувањето со Бога во овој расипан свет е нашата најголема потреба.

**Прочитајте ги сторите за парализираниот човек во текстот Матеј 9,1-7 и за жената која боледувала од течење крв во текстот Марко 5,25-34. Какви обележја наоѓаме во овие две стории за тоа како Исус го поврзувал физичкото исцелување со исполнувањето на човековата крајна потреба – помирување со Бога?**

---

Исусовата исцелителска служба опфаќала многу повеќе од физичко и емотивно исцелување. Исус копнеел луѓето да ја доживеат целокупноста која гревот им ја одзел. За Христа, физичкото лечење без духовно исцелување било непотполно. Ако Божјата љубов нè поттикнува некому да му посакаме физичко и емотивно добро, таа уште повеќе ќе нè придвижува кон таа личност за да ѝ посакаме духовно добро – да ја искуси полнотата на животот овде и во вечноста. Всушност, секоја личност што Исус ја исцелил, на крајот умрела. Според тоа, вистинската потреба на тие луѓе пред сè била духовна, зар не?

**Каква иницијатива би можела нашата црква да покрене во општеството за да ги задоволи различните потреби и да им покаже на луѓето дека навистина се грижи за нив? Размислувајте за луѓето во вашата општествена средина. Што презема вашата црква за да го подобри нивниот живот?**

## ИСУСОВАТА СЛУЖБА НА ИСЦЕЛУВАЊЕ – 2 ДЕЛ

**Прочитајте ги текстовите Матеј 4,23-25 и Матеј 9,35. Кој троен пристап бил основа за Христовата служба? Како Тој ги задоволувал човечките потреби и какво влијание имало тоа на нивниот живот?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Исус вршел тројна служба: поучување, проповедање и исцелување. Ги изнесувал вечните начела за да може секој од нас да води живот кој има своја цел и смисла. Изјавил: „Јас дојдов за да имаат живот и да го имаат изобилно“ (Јован 10,10). Неговата служба откривала огромно изобилство на благодети. А Исус дошол да нè оспособи да водиме живот на „огромно изобилство“ сега и во вечноста.

**Прочитајте го текстот Марко 1,32-39. Исус цел ден лечел болни и истерувал демони. Откако поминувал одредено време во молитва, следното утро, кога уште многу други луѓе дошле да бараат исцелување, Тој отишол во друг град. Зошто не ги исцелил сите нив? Забележете ја причината која самиот Тој ја наведува во текстот Марко 1,38,39.**

________________________________________________________

________________________________________________________

Таа приказна ни дава значаен увид. Откако претходниот ден исцелил голем број луѓе, Исус утредента го напушта мноштвото кое Го бара и кое сè уште има потреба за исцелување. Во објаснувањето што им го дал, Тој истакнува дека целта на Неговото доаѓање на овој свет е да го проповеда евангелието. Исус не бил само некој спектакуларен чудотворец. Тој бил Божји Син кој дошол во спасоносна мисија. Нему не било доволно да лекува само физички болести. Копнеел народот да го прими дарот на вечниот живот што тој им го нуди. Јасно ја навел целта на своето доаѓање на Земјата со следните зборови: „Зашто Човечкиот Син дојде да го бара и да го спаси изгубеното“ (Лука 19,10). Секој чин на исцелување претставувал можност да го открие Божјиот карактер, на луѓето да им ги олесни страдањата и да им пружи прилика за вечен живот.

**Дали може човек да води изобилен живот, што Исус го нуди, ако е болен или погоден од сиромаштија? Дали Исус им нуди на луѓето нешто подлабоко од физичко исцелување? На кои практични начини можеме да ги водиме луѓето кон духовните вистини додека им служиме на нивните физички и емотивни потреби?**

## ШТО МУ Е НА ИСУСА НАВИСТИНА ВАЖНО?

Исусовата порака упатена до Неговите ученици во текстот Матеј 24, која ги спојува настаните поврзани со разорувањето на Ерусалим и времето непосредно пред Неговото враќање, следат три параболи за последното време, запишани во текстот Матеј 25. Тие параболи ги откриваат карактерните особини на оние кои го чекаат Исусовото второ доаѓање, а кои Нему навистина му се важни. Параболата за десетте девојки ја нагласува важноста на вистинскиот, доследен духовен живот. Параболата за десетте таланти ја истакнува важноста за верната употреба на даровите што Бог му ги доверил на секој од нас. Параболата за овците и јарците ни открива дека вистинското христијанство навистина служи за потребите на оние кои Бог секојдневно ги воведува во нашиот живот.

**Прочитајте го текстот Матеј 25,31-46. Како Исус го опишува вистинското христијанство? Наведете ги областите на службите за кои зборува овој текст.**

---

Иако оваа парабола зборува за задоволувањето на вистинските физички потреби на луѓето – што е еден од аспектите на оваа приказна кој не треба да се занемари – дали е можно тука да постои нешто повеќе? Во човечката душа постои скриена глад и жед која тежнее да биде задоволена (Јован 6,35; Јован 4,13.14). Сите ние сме дојденци кои копнеат за дом сѐ додека не го пронајдеме вистинскиот идентитет во Христа (Ефешаните 2,12.13.19). Ние сме духовно голи сѐ додека не се облечеме во Неговата праведност (Откровение 3,18; 19,7.8).

Старозаветните пророци често ја опишувале состојбата на човекот како таков кој е неизлечиво болен (Исаија 1,5; Еремија 30,12-15). Болеста на гревот е смртоносна, но пророкот нѐ упатува на лекот: „Но Јас ќе те исцелам, ќе ти ги залечам раните – зборува Господ. Те викаа ‘Истераната’ и ‘Сионка’, за која никој не прашува“ (Еремија 30,17). Исус е лекот за болеста на нашата душа која е опасна по животот.

Параболата за овците и јарците нѐ опоменува да ги исполнуваме физичките потреби на оние околу нас, но и многу повеќе од тоа. Тоа е приказна за Христос кој ги задоволува најдлабоките потреби на душата, а воедно и повик да соработуваме со Него во служењето на луѓето околу нас. Да живееме егоцентрично и да ги занемаруваме физичките, умствените, емотивните и духовните потреби на другите значи да ризикуваме да ја изгубиме вечноста. Во оваа парабола, оние кои го даваат својот живот за нешто поголемо од нив самите добиваат благодарност од својот Господ и добредојде во вечноста, додека оние кои себично ги следат своите планови и ги занемаруваат потребите на другите бидуваат осудени од Господа.

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Многумина немаат вера во Бога, а изгубиле доверба и во човекот. Сепак, тие ги ценат делата на сочувство и помош. Кога ќе видат дека некој доаѓа во нивниот дом и, без да очекува никаква овоземна благодарност и надомест, им помага на болните, ги храни гладните, ги облекува голите, ги теши жалосните и ненаметливо укажува на Оној поради чија љубов и сочувство човекот што работи е само гласник – кога ќе го видат, нивните срца се трогнати. Се раѓа благодарност. Се разгорува верата. Луѓето тогаш сфаќаат дека Бог се грижи за нив и подготвени се да слушаат кога се отвора Неговата Реч“ (Е. Вајт, *Во потрага по подобар живот,* стр. 145 ориг.).

Исусовата несебична служба ги отвора срцата, ги руши предрасудите и создава приемчивост за евангелието. Црквата е Христово тело кое со љубов ги задоволува потребите насекаде околу себе. Христос нè испраќа во нашите општествени заедници за да внесуваме промена во Негово име. Иако, извесно, мораме да водиме сметка да не бидеме заразени од светот (а тоа е многу реална и опасна закана за нашата црква), сепак мораме да научиме како да допреме до луѓето таму каде што се наоѓаат и да му дозволиме на Бога да нè употреби, бидејќи Тој сака да ги одведе од таму каде што се наоѓаат и да ги доведе таму каде би требало да бидат.

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Зошто Христовата сочувствителна служба е толку моќна во кршењето на предрасудите и отворањето на луѓето за слушање на духовните вистини? Обидете се да замислите колку нашето сведочење како народ би било поуспешно кога би ја покажувале истата несебична грижа за другите како што го правел тоа Исус.**
2. **Сетете се на моментите кога сте кажале нешто што можеби било вистинито, правилно, дури и потребно, но тоа сте го направиле на погрешен начин, т.е. со погрешен тон и со погрешно држење. Што сте научиле од тоа искуство што би можело да ви помогне тоа да не го повторите, и на пример, да почекате да се смирите пред да проговорите, или нешто слично?**
3. **Позанимавајте се повеќе со таа мисла дури и кога сите луѓе би биле исцелени, па дури и подигнати од мртвите, и повторно на крај би умреле. Што ни кажува тоа за начинот на кој би требало да ги водиме своите програми и служби за луѓето околу нас?**
4. **Каков вид служба во заедницата би можела вашата црква да почне, а со која во моментот не се занимавате?**
5. **Како можеме да создадеме духовни прилики за оние кои трагаат по вистината преку нашите служби за задоволување на различните потреби?**

**Поука 9**
**22 - 28 август 2020**

# ИЗГРАДУВАЊЕ СТАВ КОЈ ОСВОЈУВА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Јован 4,27-30.39-42; Матеј 15,21-28; 2. Солуњаните 1,1-4; Римјаните 15,7; Ефешаните 4,32; 1. Петрово 3,15.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Туку осветувајте Го во своите срца Христа како Господа, секогаш подготвени за одговор на секого, кој ја бара причината на надежта, која е во вас, но со кротост и со страв“ (1. Петрово 3,15).**

Колку повеќе го проучуваме Исусовиот живот, сè повеќе се восхитуваме на Неговата способност да ги прифати и поддржи луѓето. Иако им упатил остри прекори на религиозните водачи на своето време, Тој со радост ги примал оние кои се борат со гревот, кои се оптоварени со вина или изложени на осуда. Неговата благодат била наменета токму за нив. Неговата милост ги опфаќала дури и најлошите грешници. Длабочината на неговото проштавање била бескрајно поголема од длабочината на гревот. Неговата љубов не знаела за граници.

Исус никогаш не покажувал ни трошка гордост, ниту надмоќ. Тој во секого гледал човечко суштество које е создадено според Божјиот лик, иако ослабено од гревот – и кое Тој дошол да го спаси. Никој не бил надвор од досегот на Неговата љубов. Никој не паднал толку ниско за да не може Неговата благодат да го досегне. Покажувал почит кон сите со кои доаѓал во допир и се однесувал кон нив со достоинство какво што заслужувале. Вршел влијание со кое ги освојувал луѓето за царството, бидејќи верувал во луѓето. Нивниот живот се менувал во Негово присуство, бидејќи Тој толку длабоко се грижел за нив. Луѓето се издигнувале за да станат она што Тој верувал дека би можеле да бидат.

Во поуката за оваа седмица малку подлабоко ќе го проучиме Исусовиот став кон луѓето и ќе откриеме како да ги примениме тие принципи во сопствениот живот.

## ПРИЕМЧИВИ ЗА ЕВАНГЕЛИЕТО

**Прочитајте го текстот Јован 4,27-30.39-42. На кој начин Исусовиот разговор со жената Самарјанка ни ја открива вистината дека сите типови луѓе се отворени за евангелието, дури и кога се наоѓаат таму каде што не ги очекуваме?**

---

Последното место на кое учениците очекувале да пронајдат срца приемчиви за евангелието била Самарија. Самарјаните биле во постојан судир со Евреите во врска со учењата и богослужението. Тоа непријателство било со векови старо. Самарјаните сакале да учествуваат во изградбата на храмот во Ерусалим, но таа можност им била скратена поради нивните мешовити бракови со припадниците на паганските култури од опкружувањето, но и поради нивните неправоверни сфаќања. Како последица на тоа, Самарјаните изградиле сопствен храм на гората Геризим. Поради сето тоа, учениците радо ја заобиколиле Самарија сметајќи ја како неплодно тло за ширење на евангелието.

Меѓутоа, Исус го видел она што учениците не го виделе – приемчиво срце. Извештајот на Јован за таа средба со жената кај бунарот започнува со следните зборови: „Ја напушти Јудеја и се врати пак во Галилеја. А требаше да помине преку Самарија“ (Јован 4,3.4). Исус „требаше“ да помине низ Самарија, бидејќи Светиот Дух го уверил дека на тоа неочекувано место ќе наиде на приемчиви срца. Кога нашите очи се божествено помазани со Светиот Дух, ние гледаме можности таму каде што останатите гледаат само потешкотии. Ние гледаме богата жетва на души за Божјето царство таму каде што другите гледаат само неплоден терен.

**Прочитајте Дела 8,4.5.14. Кој бил крајниот резултат на Исусовата служба во Самарија?**

---

Учениците би ја заобиколиле Самарија не пружајќи им можност на Самарјаните да ја слушнат вистината од Божјата Реч. Меѓутоа, Исус видел нешто што тие не го виделе. Тој забележал дека срцето на една жена, со делувањето на Светиот Дух, станало приемчиво, а нејзинито драматично обратување влијаело на многу луѓе во градот. Иако секогаш нема да ги видиме непосредните резултати на своето сведочење, ако го сееме семето во приемчиво срце, тоа еден ден ќе донесе жетва на слава на Бога.

**Никогаш не можеме со сигурност да знаеме какво влијание извршиле нашите дела и зборови на другите, било на добро или на лошо. Имајќи го тоа предвид, зошто можеме секогаш да внимаваме што зборуваме и што правиме во присуство на другите?**

## ПРИЛАГОДУВАЊЕ НА СТАВОТ

Нашите ставови често ја одредуваат нашата способност да влијаеме на другите. Остриот, критички и непријателски став ќе ги избрка луѓето од вас, па дури и ако успеете да им сведочите, многу помала е веројатноста дека вашите зборови, колку и да се вистинити, ќе бидат прифатени.

Спротивно на тоа, позитивниот став и верувањето во другите ги привлекува кон нас. Тоа создава пријателски врски. Исус убаво го резимирал овој принцип кога кажал: „Не ве наречувам веќе слуги; зашто слугата не знае што прави неговиот господар; а вас ве нареков пријатели, зашто ви соопштив сè што чув од Мојот Татко“ (Јован 15,15). Пријателите се прифаќаат едни со други, и покрај нивните слабости и грешки, и слободно ги делат своите радости и таги.

**Прочитајте ги текстовите Матеј 15,21-28 и Марко 14,6-9. Овие текстови опишуваат две жени во сосема различни околности. Исус навидум е остар кон едната, а благ кон другата. Меѓутоа, кои обележја ги пронаоѓате во самите текстови дека Исус со својата спасоносна благодат допрел до двете, со цел да ја придобие нивната доверба?**

________________________________________________________

________________________________________________________

Жената за која станува збор во текстот Матеј 15 е Хананка. Исус првично намерно го отфрла нејзиното барање за да може, како што таа ќе станува сè поупорна, нејзината вера да расте. Тој на крајот ја исполнува нејзината желба, а потоа дава неверојатна изјава каква што ниту еден верски водач во Јудеја не би упатил на некоја сиромашка Хананка. Тој јавно ќе каже: „О жено, голема е твојата вера“ (Матеј 15,28). Со тоа ѝ го дава еден од најголемите комплименти што воопшто би можел да ги даде. Можете ли да замислите колку се радувало нејзиното срце и колку се променил нејзиниот живот?

Жената што ќе изврши помазание на Исусовата глава со скапоценото мирисно масло е Еврејка – жена на лош глас, која тешко потклекнала и често грешела, но на која ѝ е простено, која е преобразена и преродена. Додека другите ја критикуваат, Исус ја пофалува и ги одобрува нејзините постапки. Тој дури и изјавува: „Каде и да биде проповедано евангелието, по целиот свет, ќе се раскаже и што направи таа, за нејзин спомен“ (Марко 14,9).

**Со оглед на двете приказни што ги прочитавме, која е суштината на позитивниот став што ги освојува луѓето? Кој вид на прилагодување вам ви е потребен, не само кога станува збор за сведочењето, туку и во животот воопшто?**

## ДА СЕ ЗБОРУВА ВИСТИНАТА СО ЉУБОВ

Пријателството само по себе не е доволно за да ги придобиеме луѓето за Христа. Можеме да имаме многу пријатели – луѓе со кои уживаме и кои уживаат да бидат со нас – но ако никогаш не им кажеме колку Исус ни значи и како Тој го променил нашиот живот, нашето пријателство ќе има многу мало влијание за вечноста. Секако, на луѓето може да им биде забавно во наше друштво, но Бог нѐ повикува на нешто повеќе од тоа. Меѓутоа, иако пријателството само по себе нема да ги приближи луѓето кај Христа, непријателските ставови можат да ги оддалечат од Него.

Апостолот Павле нѐ потсетува да зборуваме „говорејќи ја вистината, во љубов“ (Ефешаните 4,15). Пријателските врски се изградуваат кога ние се согласуваме со луѓето колку што е тоа можно, кога ги прифаќаме и пофалуваме, секогаш кога тоа е соодветно. Колку е важно да ја создадеме таа навика во луѓето да го бараме она што е добро наместо она што е лошо!

**Прочитајте 2. Солуњаните 1,1-4. Наведете некои од конкретните подробности за кои Павле ги пофалува Солуњаните.**

____________________________________________________________

____________________________________________________________

Некои како да уживаат да го бараат она што е лошо кај другите луѓе, ако не поради друго, тогаш за да се чувствуваат подобро во врска со самите себе.

Апостол Павле постапувал сосема спротивно. Тој го барал она позитивното во црквите во кои служел. Секако, тој укажувал на грешките и не трпел грев, но во центарот на неговото внимание бил духовниот напредок на црквите што тој ги основал. Еден од начините на кои тој го постигнувал тоа, бил да го истакне она доброто што тие го правеле.

Изјавата на Елена Вајт за важноста на позитивните односи е вредна за нашето внимание. „Кога би се понизиле пред Бога и би биле љубезни, учтиви, нежни и сочувствителни, би имало стотици обратувања таму каде што сега има само едно“ (*Testimonies for the Church,* vol. 9, p. 189).

**За момент размислете за оваа изјава. Што би значело тоа за нашата црква и кога љубезноста, учтивоста, милосрдието и сочувствителноста би се прелевале од срцата на секој верник? Како би изгледала таквата црква? Задлабочете се во сопственото срце и поставете си го себеси прашањето на кој начин би можеле да се поправите на тоа подрачје.**

# ОСНОВА НА ПРИФАЌАЊАТА

**Прочитајте ги текстовите Римјаните 15,7 и Ефешаните 4,32. Како вие би ја опишале основата на заемното прифаќање? Која е суштината на таквиот став кој овозможува прифаќање на другите?**

---

Во овие два текста апостол Павле ги изнесува начелата кои лежат во основата на заемното прифаќање. Бидејќи Христос на секој од нас ни простил и секој од нас го прифатил, имаме ли ние воопшто право да не постапуваме на ист начин? Всушност, токму затоа што Исус нѐ прифатил и ние можеме да ги прифатиме другите, и покрај нивните мани.

Добро размислете што значи тоа. Размислете за себе и за нешто што сте направиле, или со што сѐ уште се борите – нешто што можеби само вие го знаете и би биле исплашени кога и другите би дознале за тоа.

А сепак, што се случува? Преку верата вие сте прифатени во Христа, кој го знае за вас она што другите можеби не го знаат ништо. Да, Тој го знае сето тоа а сепак ве прифаќа, не поради вашата добрина, туку поради својата.

Во тој случај, каков би требало да биде вашиот став кон другите?

Еве нешто што на многумина им е тешко да го разберат: искреното прифаќање подразбира дека ние луѓето ги прифаќаме такви какви што се, со сите нивни грешни навики, бидејќи тие се човечки суштества создадени според Божјиот лик, затоа што Христос умрел за нас „уште додека бевме грешни“ и нѐ помирил со Бога „уште додека бевме непријатели“, и ние можеме да им простиме на другите и да ги прифатиме. Неговата љубов кон нас и самата станува темел на нашето проштавање и прифаќање на другите (Римјаните 6,6-10).

Но, кога ќе се воспостави таквиот однос на заемна грижливост и прифаќање, често е неопходно, кога другата личност ја соочуваме со вистините на Светото писмо, тоа да го правиме со голема љубов. Ако не го правиме така, би значело да занемариме да покажеме љубов. Како пријатели, ние доволно се грижиме за другите кога ги споделуваме со нив вечните вистини кои го менуваат животот.

Исусовиот став не бил: „Правете што сакате. Тоа е во ред. Јас сѐ уште ве прифаќам.“ За разлика од тоа, Неговиот став бил: „Што и да сте сториле, јас сум подготвен да ви простам и да ви обезбедам сила да се промените.“ Библиската вистина која се изложува понизно, во Христов дух и со благ став, ги придобива срцата и го менува животот.

**Како да се прифати некој поединец, а да не се прифати неговото грешно однесување? Како да бидеме подготвени да ги прифаќаме луѓето, а истовремено да не го оправдуваме и да не го толерираме гревот?**

## ВИСТИНАТА ДА СЕ ПРЕТСТАВУВА СО ЉУБОВ

Исус не го занемарувал изнесувањето на вистината „заради љубовта" бидејќи тогаш тоа не би било љубов. Љубовта секогаш го бара она што е најдобро за другиот. Нема судир меѓу љубовта и вистината. Вистината изречена понизно и љубезно, всушност е потврда на љубовта. Исус рекол: „Јас Сум Патот, и Вистината, и Животот" (Јован 14,6). Исус е единствениот пат на спасение (Дела 4,12). Неговата благодат нè спасува, така што можеме да ја спознаеме Неговата вистина и да живееме со Неговиот живот. Вистината без љубов води во сувопарен легализам кој го задушува духовниот живот. А повторно, таканаречената „љубов" без вистината води во трпелив сентиментализам без суштина, која го остава поединецот изгубен во морето од несигурности. Единствено вистината претставена со љубов води кон вистинското христијанство кое дава јасен правец, цел и сигурност.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Петрово 3,15; 2. Тимотеј 4,2 и Тит 3,4.5. Кои изрази во овие стихови упатуваат на рамнотежа меѓу претставување на библиската вистина и понизниот трпелив дух?**

---

Новозаветните писатели никогаш не ја нагласуваат љубовта повеќе од вистината. Тие на убав начин ги обединуваат љубовта и вистината, законот и благодатта, сомилоста и честитоста. Петар им советува на верните да бидат „секогаш подготвени за одговор на секого, кој ја бара причината на надежта, која е во вас, но со кротост и страхопочит" (1. Петрово 3,15). Со други зборови, треба да знаеме во што веруваме, зошто веруваме во тоа и да бидеме во состојба тоа и да го објасниме. Тоа не значи дека ги имаме сите одговори, ниту пак дека сме обврзани другите да ги убедиме во нашите верувања. Тоа само значи дека „со кротост и страхопочит" – т. е. понизно и со чувство за големината на она што е во прашање – можете да ја објасните и да ја браните својата вера. Павле го советувал својот млад штитеник, Тимотеј: „Проповедај го словото, настојувај во време и во невреме, изобличувај, прекорувај, охрабрувај со сета трпеливост и со поука" (2. Тимотеј 4,2). Тој го потсетува и Тит дека токму Божјата милост и љубов ги спасиле оние што се препородени во Него (Тит 3,5).

И ние исто така сме повикани да ја изнесуваме вистината со љубов и сета кротост. Нашиот Господ нè повикува со љубов и трпелив став да Му се придружиме во објавувањето на Неговата порака за последното време, упатена на овој свет кој умира без Христа.

**Ако некој ве запраша: „Зошто си христијанин?" – што би му одговориле и зошто?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Во Христа се наоѓа нежност на пастир, љубов на родител и неспоредлива милост на Спасител полн со сочувство. Своите благослови ги дава под најприфатливи услови. Не е задоволен само да ги објави овие благослови; Тој ги изнесува на најпривлечен начин за да разбуди желба да ги поседуваме. Така неговите слуги треба да го изнесуваат богатството на славата на тој неискажлив Дар. Христовата прекрасна љубов ќе ги смекне и ќе ги потчини срцата, додека само со повторување на учењето не може ништо да се постигне. ‘Тешете го, тешете го мојот народ, вели вашиот Бог’. ‘Качи се на висока гора, Сионе, весниче на радосната вест! Подигни го силно својот глас, Ерусалиме, весниче на радосната вест! Подигни се, не бој се, кажи им на градовите јудејски: ‘Еве го вашиот Бог... Како пастир го пасе своето стадо, на раце ги зема јагнињата, ги носи во прегратки’ (Исаија 40,1.9-11)“ (Елена Г. Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 826, 827 оригинал).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

**1. Тоа е тажно, но некои луѓе се чувствуваат подобро кога укажуваат на маните на другите. Како можеме да бидеме сигурни дека и ние не сме западнале во иста таква состојба на умот?**

**2. Разгледајте го следното сценарио: Некој ваш пријател тукушто се вратил од погреб и вели: „Толку ми е мило што мојата тетка сега е на небото и ме гледа одозгора. Се чувствувам многу добро поради тоа“. Врз основа на принципот на кој проучувавме оваа седмица, како вие би реагирале? Колку и да е вистината за состојбата на мртвите важна, зошто тогаш не е вистинскиот момент на својот пријател да му одржите библиски час на таа тема?**

**3. Разговарајте за следната изјава во светлината на нашето сведочење на другите: „Самиот чин на барање зло во другите, развива зло кај оние што го бараат тоа. Занимавајќи се со грешките на другите, ние се менуваме во истиот тој лик. Сепак, гледајќи на Исуса, зборувајќи за Неговата љубов и за совршенството на Неговиот карактер, ние се преобразуваме во Неговиот лик. Размислувајќи за високите идеали што Тој ги става пред нас, ќе се издигнеме до непорочната и света атмосфера, до Божјето присуство. Кога остануваме во неа, од нас се шири светлина што ги осветлува сите што се наоѓаат во наша близина“ (Елена Вајт, *Евангелски работници,* стр. 479, оригинал).**

Поука 10
Од 29 август до 4 септември 2020

# ВОЗБУДЛИВ НАЧИН ДА СЕ ВКЛУЧИМЕ



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 1. Мојсеева 1,1.2.26; 2. Мојсеева 18,21-25; 1. Коринќаните 12,12-25; Дела 16,11-15.40; Дела 4,31; Дела 12,12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Тогаш им рече на Своите ученици: 'Жетвата навистина е голема, а работници малку, молете Го тогаш Господарот на жетвата да испрати работници во Својата жетва'" (Матеј 9,37.38).**

Некој еднаш рекол: „Има сила во броевите". Во извесна смисла, тоа е точно. Дали некогаш сте забележале дека сте далеку помотивирани за вежбање ако тоа го правите во група со други луѓе, отколку секој ден сами? Многу луѓе се придружуваат на здравствени клубови, одат во спортски сали и рекреациони центри затоа што веруваат дека подобро ќе вежбаат, и дека во тоа повеќе ќе уживаат, ако тоа го прават заедно со други. Бог нѐ создал за дружење. Ние сме социјални суштества и она што важи за вежбањето, важи и за многу други области од животот – подобро се чувствуваме кога имаме систем на социјална поддршка. Тоа е голема вистина и на духовен план.

Во целата Библија, малите групи се истакнуват како еден од Божјите методи за јакнење на нашата вера, подобро запознавање на Неговата реч, продлабочување на молитвениот живот и оспособување на поединецот за сведочење. Отецот, Синот и Светиот Дух земале учество во службата на малите групи. Мојсеј бил водач на една мала група. Исус ја основал својата мала група на ученици, а апостолот Павле го пропатувал римскиот свет ширејќи го евангелието со мала група свои сопатници.

Во текот на оваа седмица, ќе посветиме внимание на библиската основа за организирање на малите групи, а вие ќе откриете како на возбудлив начин ќе можете да се вклучите во Божјето дело.

## МАЛИ ГРУПИ – БОГ ПРВ ГИ ОСМИСЛИЛ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Мојсеева 1,1.2.26; Евреите 1,1.2 и Ефешаните 3,8.9. На кој начин овие текстови ни го откриваат единството кое владее во самото Божество?**

---

Отецот, Синот и Светиот Дух заедно учествувале во Создавањето. Секој од нив имал различна улога, но работеле заедно како неделива целина. Таткото бил главниот Планер, големиот архитект. Тој своите планови ги спроведувал преку Исуса, како главен учесник во Создавањето, и во потполна согласност со силата на Светиот Дух. Таквиот моќен натприроден чин ја надминува нашата моќ на поимање. Но, она што сепак можеме да го сфатиме, и тоа сосема јасно, не е само реалност на создадениот свет и вселената, туку и фактот дека Бог лично сето тоа го создал (видете Римјаните 1,18-20).

Бог прв ги осмислил малите групи. Иако мораме да бидеме внимателни кога користиме аналогии во врска со многу таинствени аспекти на Божјата личности, сепак ќе употребиме една од нив во послободна смисла, и да кажеме дека Отецот, Синот и Светиот Дух ја сочинувале првата „мала група“ во историјата на спасението. Тие заемно соработувале во создавањето на човечкиот род, а потоа и во неговото откупување по падот во грев.

**Споредете ги стиховите Јован 10,17.18 со Римјаните 8,11 и 1. Коринќаните 15,15. На кој начин Христовото воскресение го открива единственото дејствување на Отецот, Синот и Светиот Дух во планот на спасението?**

Отецот, Синот и Светиот Дух обединети се како „мала група“ чија изричита цел е спасение на човечкиот род. „Планот на спасението имал своето место во советот на Бесконечниот уште од вечни времиња“ (Ellen G. White, *Fundamentals of Christian Education*, p. 186).

Нема ништо што на Бога му е поважно од спасението на што поголем број луѓе (1. Тимотеј 2,4; 2. Петрово 3,9). Малите групи можат да имаат различни намени, како што ќе проучуваме во поуката за оваа седмица, но нивната првенствена цел е да се сосредоточат на придобивање на изгубените луѓе за Исус. Бидејќи, со работата во мали групи, ние можеме да си помогнеме не само себеси, туку и на другите. Според тоа, крајна цел на малите групи би требало да биде придобивањето на души.

**Размислувајте за таинствената целокупност на нашиот Бог. Тешко е тоа да се сфати, зар не? Но, и покрај тоа, можеме целосно да веруваме и да се надеваме во она што не го разбираме во потполност – зар не е така? Зошто е суштински важно христијаните да се придржуваат кон тоа начело кога станува збор за верата?**

## МАЛИТЕ ГРУПИ ВО СВЕТОТО ПИСМО

Библијата наведува бројни примери на мали групи во кои луѓето заедно се молеле, се дружеле, заемно се храбреле и работеле за Христа. Тие групи им овозможувале на припадниците на Божјиот народ прилика да ги делат одговорностите и во потполност да ги искористат своите различни дарови. Малите групи, всушност, му овозможуваат на Господа сите нас во потполност да нè употреби.

**Прочитајте 2. Мојсеева 18, 21-25. Кој мудар совет му упатил Мојсеј на својот дедо Јотор, со што значајно му помогнал? Зошто тој план бил од толку пресудна важност?**

---

Секој поединец во израелскиот логор станал дел од група од десет души што ја предводел побожен судија. Тие мали групи биле место на кое се решавале проблемите, но и многу повеќе од тоа. Тие биле место на заедништво, каде што постоела можност за спречување на проблемите и каде се негувал духовниот живот. Тоа било место каде настанувале визии, каде се зборувало за Божјите планови за Израел. Во таквите групи луѓето воспоставувале цврсти и срдечни врски, и заедно го решавале секој проблем со кој се соочувале. Нема сомнение дека и тогаш, како и сега, луѓето се бореле со нешто во што и другите можеле да им помогнат. Малите групи пружаат прилика за топло, блиско дружење, духовен раст и решавање на проблемите.

Интересно е тоа што стручњаците за малите групи тврдат дека за воспоставување соодветни меѓусебни односи внатре во самата група, идеално е групата да брои помеѓу шест и дванаесет членови. А токму до тој број се држеле и Мојсеј и Исус при основањето на своите групи.

**Прочитајте ги текстовите: Лука 6,12.13; Матеј 10,1 и Марко 3,13-15. Кои две цели сакал Исус да ги постигне повикувајќи ги учениците и бирајќи ги да бидат дел од Неговата служба во мали групи?**

Исусовата цел при повикувањето на учениците била духовно и практично да ги подготви за нивната мисија во светот. Преку дружењето со Него, тие растеле во благодатта. На собирањата на своите мали групи, научиле како поуспешно да служат. Од ден на ден, гледајќи како Исус да им служи на потребите на луѓето во своето опкружување, имале пример од кој учеле како да ги користат своите дарови. Целта на Исусовите мали групи била и духовна нега и допирање до срцата на другите луѓе.

**Сетете се на некој период кога и самите сте биле дел од група која, во одредени околности, сите се грижеле едни за други и работеле со заедничка цел. Што сте научиле од тоа а би можело да ви помогне да ја разберете вредноста на малите групи во контекст на нашата вера?**

## ОРГАНИЗИРАНИ ЗА СЛУЖБА

**Прочитајте 1. Коринќаните 12,12-25. Во која смисла човечкото тело претставува одлична илустрација на сложна заедничка работа во мали групи?**

___

Павле не само што ја открива важноста на духовните дарови во животот на црквата, туку предлага и модел по кој тие можат да се организираат. Тој зборува за духовните дарови во контекст на Христовото тело и начинот на кој телото функционира.

Проучувањата на анатомијата и физиологијата покажуваат дека телесните органи се дел од различни меѓусебно поврзани системи. На пример, дигестивниот, кардиоваскуларниот, респираторниот и скелетниот систем се само некои од сложените органски системи внатре во телото. А духовните дарови се исто како и различните делови на телото. Тие најдобро функционираат кога се организирани во системи и групи. Во повеќето случаи, тие всушност и не можат да функционираат сами. Нашето тело не е само збир на одвоени органи кои независно дејствуваат. Секоја телесна функција се остварува преку цврсто поврзан систем од органи кои работат со заедничка цел.

Сето тоа нам ни зборува во какво опкружување можеме на најдобар начин да ги употребиме нашите духовни дарови. Лесно можеме да се обесхрабриме кога работиме сами, но кога ќе се најдеме во група со луѓе кои имаат слични интереси и цели, откриваме дека нашите напори можат да бидат многу подобро насочени и многу зголемени.

Малите групи пружаат најдобро опкружување за примена на нашите духовни дарови, и можат да станат витален пулс на мисионската служба на локалната црква.

Важноста на малите групи Елена Вајт ја нагласува со следните зборови: „Оној што не може да направи грешка, ми укажа на основањето мали групи како основа на христијанските напори. Ако црквата има голем број верници, нека се организираат во мали групи кои ќе се залагаат не само за членовите на црквата, туку и за неверниците. Ако во некое место има само двајца или тројца што ја познаваат вистината, тие нека се здружат во една работна група. Нека го зачуваат нераскинливото единство дејствувајќи заедно во љубов и слога, поттикнувајќи се едни со други кон напредок, црпејќи храброст и сила од поддршката на другите“ (*Testimonies for the Church,* vol. 7, pp. 21, 22).

Службата на малите групи ја воспоставил Бог за да му овозможи на секој член на црквата духовно да расне, да доживее топло заедништво со другите и своите од Бога дадени дарови да ги употреби за служба.

**Размислувајте за наведената изјава на Елена Вајт. Анализирајте ја збор по збор. Како би можел тој божествен совет да се примени во вашата црква?**

## НОВОЗАВЕТНИТЕ МАЛИ ГРУПИ

Новозаветната црква имала експлозивен раст. За само неколку години пораснала од мала група верници со заедница од повеќе десетици илјади луѓе. Мноштво фактори придонеле за таквиот прилив на верници и за феноменот на забрзан раст. Исусовата служба го посеала семето на евангелието и го подготвила мноштвото да го прифати проповедањето на учениците. По Христовото вознесение, на денот Педесетница, Светиот Дух со голема сила се спуштил над група ученици што се молела. Уште еден од елементите кои придонеле за брзиот раст на новозаветната црква е нејзината организациона структура во вид на мали групи. Малите групи ја донеле таа промена.

**Прочитајте Дела 18,1-5 и Дела 20,1-4. Што мислите, зошто Лука спомнува имиња на некои од Павловите блиски соработници?**

---

Интересно е да се забележи дека Лука спомнува некои од луѓето со кои Павле соработувал. За него секој од нив бил важен. Секого го знаел по име. Тие се поддржувале еден со друг во службата на проповедање на другите. Иако тука се спомнуваат мал број имиња, сепак гледаме колку е важно да имаме блиска меѓусебна соработка, дури и кога сме малку на број.

Секој од тие луѓе сигурно имал дарови поинакви од оние кои другите ги поседувале. Потекнувале од различни култури и општествени слоеви. Не гледале секогаш исто на работите, но секој давал вреден придонес во Христовото дело. Различноста на нивните дарови, околности и искуства само го подобрувала растот на црквата. Секој придонесувал за мисијата во согласност со сопствените можности и личното искуство со Христа.

**Споредете Дела 16,11-15.40 со Дела 12,11.12. Кој повик Лидија му го упатила на Павле веднаш по своето обратување? Каде отишле Павле и Петар отако биле ослободени од затвор?**

---

Новозаветните верници редовно се состанувале во своите домови. Така христијанските домови станале центри на влијание и средиште на службата на малите групи.

**Дали сте размислувале за тоа да основате мала група во својот дом или да се здружите со некој пријател и заедно да започнете таков вид служба во неговиот дом? Ако веќе сте дел од некоја мала група, размислете за тоа што би можеле оваа седмица да споделите со својата класа во врска со предностите што таа мала група ги донесува?**

## ДИНАМИКАТА НА МАЛИТЕ ГРУПИ

Малите групи се средство кое Бог го користи за раст на својата црква. Тие се „безбедни места“ на кои луѓето можат слободно да ги изнесат своите проблеми и да разговараат за заедничките потреби. Тие пружаат можност за духовен раст во рамките на нивните блиски меѓусебни односи. На многу нехристијани им е попријатно првично да дојдат на собирање на мала група во нечиј дом отколку да присуствуваат на традиционална црковна служба.

**Прочитајте Дела 4,31; Дела 12,12 и Дела 20,17-19.27-32. Наведете ги сите различни елементи на тие новозаветни групи. Во кои активности биле вклучени тие групи?**

---

Раните христијани се состанувале за да посредуваат за другите, се молеле за заеднички потреби, уживале во блиското заедништво, ја проучувале Божјата Реч, се подготвувале за служба, се штителе едни со други од лажните учители и заедно учествувале во работата за ближните.

Малите групи внесуваат промена. Луѓето кои ги здружуваат своите дарови во службата, луѓето кои се повикуваат на силата на Светиот Дух за да допрат до другите, претставуваат моќно оружје во Господовите раце.

**Прочитајте го текстот Матеј 9,37.38. Што вели Исус за жетвата, и какво е Неговото решение за тој проблем?**

---

Учениците виделе малку можности за ширење на евангелието, но Исус ги препознал големите прилики. Тој им ја пренел добрата вест дека „жетвата е голема“, а потоа укажал на проблемот: „а работници има малку“ (Матеј 9,37). Христовото решение било да го молат „Господарот на жетвата да испрати работници на својата жетва“ (Матеј 9,38). Малите групи се одговор на Христовата молитва и тие експоненцијално го зголемуваат бројот на работници за Христовата жетва.

Во фокусот на сите успешни мали групи се наоѓаат сведочењето и службата. Службата на малите групи брзо замира ако е насочена кон внатре наместо кон надвор. Ако малата група служи сама на себе и не претставува ништо повеќе од група за дискусија, таа нема да ја постигне целта и ќе ја изгуби основната причина за своето постоење. Малите групи постојат за да ги водат луѓето кај Исуса, за да ја поттикнуваат нивната вера во Него и да ги оспособуваат да сведочат за Него.

**Дали и вас можеби Бог ве повикува да основате мала група во својот дом? Зошто не почнете да се молите за тоа да дознаете што очекува Бог вие да преземете? Можеби се наоѓате во најплодотворниот духовен период од својот живот.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Пред неколку години, мала црква во близина на еден од главните градови во Европа одлучила да направи нешто значајно за Господа. Црквата била во стагнација. Со години никој не бил крстен. Ако ваквиот тренд продолжел, црквата би имала малку шанси за иднината. Но, пасторот и одборот на црква со сета душа се молеле и внимателно разгледувале што би можело да се направи.

Бидејќи го проучувале Новиот завет, одлучиле да ја воспостават службата на малите групи. Деветмина верници лаици во црквата имале визија. Се посветиле на заедничка молитва и проучување за да можат да ја воспостават службата на мали групи. Наскоро се одлучиле во домовите на секој од нив да направат евангелски центри. Групите учеле како да ги користат своите дарови на различни начини. Воспоставиле и служба на молитви и гостопримство. Се спријателиле со луѓето од својата околина. Правеле љубезни дела на членовите на своите семејства, пријателите и бившите адвентисти. Водачите на тие мали групи започнале проучување на Библијата во девет домови каде што присуствувале околу четириесет гости. Биле одушевени од тоа што го правел Светиот Дух. На крајот седумнаесет од тие четириесет се крстиле. Така, таа мала црква која стагнирала сега сведочи дека малите групи се во состојба да направат огромна промена. Тие се едно од Божјите одбрани средства за да можат што повеќе верници да се вклучат во мисијата на црквата.

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Разговарајте во класата за клучните елементи за работата на секоја мала група, како што е назначено во отсекот за четврток. Во кои други активности би можела да се вклучи малата група? Како таа мала група може да помогне за посебно талентираните поединци тие свои дарови да ги употребат поуспешно од кога било?**
2. **Зошто е важно малите групи да го насочат фокусот кон надвор, на мисијата? Колку и да е важно групата да пружа нега и поддршка на своите членови, зошто нејзината главна цел секогаш мора да биде ширењето на евангелието? Зошто тие мали групи сепак би требало да останат поврзани со локалното црковно тело? Зошто тоа е толку важно?**
3. **Дали некогаш сте биле член на таква мала група или сте слушале за такви групи кои не работеле успешно и на крајот престанале да постојат? Разговарајте за причините кои, според вашето мислење, довеле до тоа.**
4. **Размислувајте за приказната од воведот за денешното проучување – за тоа што се случило во една европска црква благодарение на службата на малите групи. Што мислите, зошто тоа толку добро функционирало? Што правеле тие што било на многу начини, толку едноставно а сепак толку успешно? Зошто работата од „сигурното“ опкружување на домот, наместо од црковната зграда би можело да биде поуспешен начин да се започне служба во блиската општествена заедница?**

**Поука 11**
**5 - 11 септември 2020**

# ШИРЕЊЕ НА ВЕСТА ЗА ИСУС



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Ефешаните 2,1-10; 1. Јованово 4,7-11; Марко 5,1-20; Евреите 10,19-22; Галатјаните 2,20; 1. Коринќаните 1,30.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Ова ви го напишав вам, кои верувате во името на Божјиот Син, за да знаете дека имате вечен живот и да верувате во името на Божјиот Син" (1. Јованово 5,13).**

Како што веќе наведовме во оваа поука, за силата на евангелието ништо не зборува толку јасно како променетиот живот. Луѓето можат да даваат приговори на вашата теологија. Можат да расправаат за доктрините. Можат да го доведат во прашање вашето разбирање на Светото писмо, но ретко кој ќе го побие вашето лично сведочење за тоа колку Исус ви значи и што направил во вашиот живот.

Всушност, сведочењето е објавување на ова што го знаеме за Исус. Тоа е запознавање на другите со тоа колку Тој ни е важен и што направил за нас. Меѓутоа, ако нашето сведочење се сведува само на докажување дека она во што ние веруваме е правилно, а она во што другите веруваат е погрешно, ќе наидеме на силно противење. Од друга страна, ако нашето сведочење за Исус извира од срце кое е преобразено од Неговата благодат, освоено од Неговата љубов и одушевено од Неговата вистина, тогаш начинот на кој таа вистина во која веруваме влијае на нашиот живот ќе остави силен впечаток на другите. Вистината што ја изнесуваме врши вистинско влијание единствено во контекст на променетиот живот.

Кога Христос е средиште на секоја доктрина, и кога секое библиско учење го одразува Неговиот карактер, многу е поверојатно дека оние на кои им зборуваме за Светото писмо навистина и ќе ја прифатат Неговата реч.

## ИСУС – ТЕМЕЛ НА НАШЕТО СВЕДОЧЕЊЕ

Како христијани, сите ние имаме лична приказна за тоа како Исус го променил нашиот живот и што сè направил за нас.

**Прочитајте Ефешаните 2,1-10. Какви сме биле пред да го запознаеме Христа? А што имаме откако сме Го прифатиле?**

А. Пред да го запознаеме Христа (Ефешаните 2,1-3).

___

___

Б. Отако сме го запознале Христа (Ефешаните 2,4-10).

___

___

Каква неверојатна промена! Пред да го запознаеме Христа, ние „бевме мртви поради гревовите наши“, владеејќи се „според животот на овој свет“. „Некогаш живеевме според телесните желби“ и „по природа бевме како и другите, чеда на гневот“. Едноставно кажано, пред да го запознаеме Христа, сме оделе бесцелно низ животот, целосно изгубени.

Можеби сме искусиле нешто што личело на среќа, но и понатаму сме чувствувале жед на душата и недостиг на цел во животот. Но, кога сме дошле кај Христа и сме ја доживеале Неговата љубов, сè се променило. Сега во Христа сме навистина „живи“. Од Бога, „кој е богат со милост“, преку „големата Негова љубов “ која Тој ја има кон нас, го примаме дарот на спасението. Тој „нè воскресна со Него и нè постави на небесата во Христос Исус, за да им го покаже на идните векови преизобилното богатство на Својата благодат во добрина кон нас преку Христос Исус“. Во Христа животот поприма ново значење и има потполно нова цел. Како што вели Јован: „Во Него беше живот и животот им беше светлина на луѓето“ (Јован 1,4).

**Прочитајте Ефешаните 2,10. Што ни кажува тоа за пресудната важност на добрите дела за верата на еден христијанин? Како ја разбираме таа идеја во контекст на спасението со вера „без делата на Законот“ (Римјаните 3,28)?**

___

___

**Како вашиот живот се променил благодарение на Христа, и како таа промена би можела да му помогне на некој друг да дојде со сознание за Него?**

## ПРЕОБРАЗУВАЧКАТА СИЛА НА ЛИЧНОТО СВЕДОЧЕЊЕ

Јован и Јаков, синовите на Зеведеј, биле познати како „синови на громот“ (Марко 3,17). Всушност, Исус им го дал тој прекар. Како илустрација на Јовановата склоност гневно да реагира, може да послужи и настанот што се одиграл додека Исус и Неговите ученици патувале низ Самарија. Кога се обиделе да најдат место на кое би пренокиле, наишле на одбивање поради предрасудите кои Самарјаните го имале кон Евреите. Не им било одобрено дури ни најскромното сместување.

Јаков и Јован веднаш помислиле дека имаат решение за тој проблем. „Кога го видоа тоа учениците, Јаков и Јован рекоа: ‘Господи, сакаш ли да заповедаме да слезе оган од небото и да ги истреби, како што направи и Илија’“ (Лука 9,54). Меѓутоа, Исус ги прекорил браќата и сите тивко го напуштиле тоа село; зашто, Исусовиот пат е пат на љубов а не на насилство.

Под влијание на Исусовата љубов, Јовановата избувливост и гнев се преобразиле во благонаклоност и нежен сочувствителен дух. Така наоѓаме дека во 1. Јованово послание, зборот љубов се спомнува 40 пати, а во своите различни облици дури 50 пати.

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Јованово 1,1–4; 1. Јованово 3,1; 1. Јованово 4,7-11 и 1. Јованово 5,1-5. Што ни кажуваат тие за сведочењето на Јован и за промената која се одиграла во неговиот живот поради поврзаноста со Исуса?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Едно вечно начело владее во вселената. Елена Вајт правилно го формулира со следните зборови: „Насилството е спротивно од начелата на Божјето владеење. Тој сака само служба од љубов, а љубовта не може да се изнуди; таа не може да се задобие со сила или со власт. Само љубовта може да разбуди љубов“ (*Копнежот на вековите,* стр. 22 оригинал).

Кога сме посветени на Христа, Неговата љубов сјае од нас кон другите. Најдоброто сведоштво во прилог на христијанството е променетиот живот. Тоа не значи дека никогаш нема да правиме грешки и дека секогаш ќе бидеме добри проводници на Божјата љубов и благодат, како што би требало да бидеме. Меѓутоа, тоа би требало да значи дека во идеален случај, Христовата љубов се прелева од нашиот живот и дека ќе бидеме на благослов на луѓето околу нас.

**Колку успешно ја одразувате Христовата љубов кон другите? Размислете за тоа што вашиот одговор молкома подразбира.**

## ДА СЕ ПРОПОВЕДА ЗА ИСУС

Кои биле првите мисионери што Исус некогаш ги испратил меѓу луѓето? Тоа не биле некои од Неговите ученици и долгогодишни следбеници. Првите мисионери што Тој ги испратил во светот биле луѓе опседнати од демони, кои само неколку часови пред тоа ја малтретирале својата околина и им влевале невиден страв на жителите на блиските градови.

Еден од опседнатите луѓе со натприродна демонска сила ги кинел синџирите со кои бил врзан, испуштал ужасни крици и го сакател сопственото тело со остри камења. Агонијата која можела да се почувствува во гласовите на тие луѓе била само одраз на уште подлабоката агонија во нивната душа (Матеј 8,28.29; Марко 5,1-5).

А потоа го сретнале Исуса и животот им се променил. Никогаш повеќе не биле исти. Демоните што го измачувале народот, Исус ги избркал во стадото свињи, а потоа низ стрмината право во морето (Матеј 8,32-34; Марко 5,13.14).

**Прочитајте Марко 5,1-17. Што им се случило на тие луѓе и каква сцена затекнале нивните сограѓани кога дошле да видат што се случува?**

---

Сега тоа биле нови луѓе, преобразени со Христовата сила. Жителите на градовите ги затекнале како седат покрај Исусовите нозе и го слушаат секој збор од устата на својот Учител. Треба да забележиме дека во Евангелието според Матеј се наведува дека двајцата опседнати биле ослободени, додека Евангелието според Марко се сосредоточува на сторијата за само еден од нив. Но, суштината е во тоа дека Исус тие луѓе ги обновил во физичка, ментална, емотивна и духовна смисла.

**Прочитајте го текстот Марко 5,18-20. Очигледно е дека тој, некогаш опседнат а сега новообратен човек, сакал да остане со Исуса. Меѓутоа, каде го испратил Исус и што му рекол да прави?**

„Овие луѓе имале предимство да го слушаат Исусовото учење само неколку мига. До нивните уши никогаш не допрела ниту една проповед од неговите усни. Не можеле да го поучуваат народот како што можеле тоа да го прават учениците кои секојдневно биле со Исуса. Меѓутоа, во себе носеле докази дека Исус бил Месија. Можеле да го кажат она што го знаеле; она што самите го виделе и чуле и го почувствувале од Христовата сила. Тоа е она што може да го стори секој чиешто срце го допрела Божјата милост“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 340 оригинал). Нивното сведочење ги подготвило жителите на Декапол – десетте градови на брегот на Галилејското Море да ги прифатат Исусовите учења. Тоа е силата на личното сведочење.

## СВЕДОЧЕЊЕ СО УБЕДУВАЊЕ

**Прочитајте ги следните текстови: 1. Јованово 5,11-13; Евреите 10,19-22 и 1. Коринќаните 15,1.2. Какви уверувања ни даваат овие текстови во врска со вечниот живот, а ни овозможува за спасението во Христа да сведочиме со сигурност?**

---

Ако не чувствуваме сигурност во поглед на своето спасение во Христа, нема да можеме ни да ја споделиме со некој друг. Не можеме да делиме нешто што ние самите го немаме. Има совесни христијани кои живеат во состојба на постојана несигурност, прашувајќи се дали некогаш ќе бидат доволно добри за да бидат спасени. Меѓутоа, како што еден мудар стар проповедник во една прилика рекол: „Кога гледам во себе, не гледам како би можел да бидам спасен. Но, кога гледам во Исус, не гледам како би можел да бидам изгубен.“ Господовите зборови, кои со векови одѕвонуваат, ни влеваат сигурност: „Обратете се кон Мене за да се спасите, сите краишта на земјата, зашто Јас Сум Бог и нема друг“ (Исаија 45,22).

Господ сака секој од нас да се радува на спасението коешто Тој бесплатно го нуди. Нашиот Бог копнее за тоа ние да искусиме што значи да се биде оправдан со неговата благодат и слободен од осудата што ја носи вината за гревот. Како што вели Павле во посланието до Римјаните: „И така, бидејќи оправдани преку верата, имаме мир со Бога, преку нашиот Господ Исус Христос“ (Римјаните 5,1). Тој додава дека ние можеме да пронајдеме сигурност во тоа што „сега нема осудување за оние, кои се во Христа Исуса“ (Римјаните 8,1). Апостол Јован потврдува: „Кој го има Синот, има живот; кој го нема Божјиот Син, нема живот“ (1. Јованово 5,12).

Ако со верата сме го прифатиле Христа, и ако Тој со посредство на Духот престојува во нашето срце, дарот на вечниот живот ни припаѓа уште денес. Тоа сепак не значи дека Божјата благодат и спасението во Христа што еднаш сме ги доживеале, не можеме никогаш повеќе да ги изгубиме (2. Петрово 2,18-22; Евреите 3,6; Откровение 3,5). Ние се уште ја имаме слободата на избор и можеме да одлучиме да се оддалечиме од Господа. Но, кога ќе ја доживееме Неговата љубов и ќе ја сфатиме длабочината на Неговата жртва, не би требало никогаш повеќе да избереме да се оддалечиме од Оној кој толку многу нѐ сака. Наместо тоа, би требало од ден во ден да бараме прилика за да можеме со другите да ја делиме благодатта којашто нам ни е дадена во Исуса.

**Имате ли сигурност во поглед на спасението во Исуса? Ако имате, на што ја засновате? Зошто ја имате таа сигурност? Каде ја пронаоѓате? Од друга страна, ако не сте сигурни, што е причината за тоа? Како можете да ја пронајдете таа сигурност?**

## НЕШТО ЗА ШТО ВРЕДИ ДА СЕ СВЕДОЧИ

**„Со Христа сум распнат на крстот; и јас веќе не живеам, туку Христос живее во мене: а животот што сега го живеам во телото, го живеам преку верата во Божјиот Син, Кој ме возљуби и Се предаде Себеси за мене“ (Галатјаните 2,19.20).**

---

Несомнено е дека прифаќањето на Христа подразбира одредени жртви. Има работи од кои Тој ни вели да се откажеме. Исус отворено кажува каква посветеност е потребна за да го следиме: „И на сите им зборуваше: ‘Ако некој сака да оди по Мене, нека се одрече од себеси и нека го земе својот крст секој ден, и нека Ме следи!’“ (Лука 9,23). Смртта на крстот е болна. Кога својот живот ќе го потчиниме на Христовите барања и кога нашиот „стар човек“ ќе се распне (види Римјаните 6,6), тоа е болно. Болно е да се откажеме од омилените желби и долгодишните навики, но наградата која нè чека ја надминува таа болка.

Сведоштвото кое врши силно влијание на другите и го менува нивниот живот, се сосредоточува на она што Христос го направил за нас, а не на она од што сме се откажале поради Него – на Неговата жртва, а не на нашите таканаречени жртви. Бидејќи Христос никогаш од нас не бара да се откажеме од нешто што би било во наш најдобар интерес да го задржиме.

Сепак, историјата на христијанството е полна со вистински приказни за оние кои морале да поднесат огромни жртви поради Христа. Не станува збор за тоа дека тие луѓе, на некој начин, го заработиле своето спасение, ниту пак нивните дела, без разлика колку се несебични и пожртвувани, дале некои заслуги пред Бога. Во повеќето случаи, тие мажи и жени, сфаќајќи што направил Христос за нив, биле подготвени сè да положат на олтарот и да одговорат на повикот што Бог им го упатил.

**Прочитајте ги следните текстови: Јован 1,12; Јован 10,10; Јован 14,27 и 1. Коринќаните 1,30. Нашето сведочење секогаш се заснова на она што Христос го направил за вас. Наведете некои од даровите на Неговата благодат што се споменуваат во овие текстови.**

---

Во светлината на горенаведените текстови, сетете се што направил Христос за вас. Можеби целиот живот сте биле посветени христијани, или, пак, во еден момент сте доживеале некое драматично обратување. Размислувајте за тоа колку Исус бил добар кон вас, и за мирот, среќата и чувството на цел што ви го пружил. Сетете се на моментите во кои Тој ви давал сила додека сте поминувале низ тешките животни искуства.

**Какви жртви сте биле повикани да поднесете поради Христа? Што сте научиле од своите искуства што би можело да биде благослов за другите?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

Прочитајте го текстот Марко 5,25-34.

„Зачуденото мноштво што се туркало околу Исуса не препознало никакво струење на животната сила. Меѓутоа, кога болната жена ја протегнала раката и го допрела, верувајќи дека ќе оздрави, почувствувала исцелувачка сила. Така е и во духовниот живот. Да се зборува површно за верата, да се моли без душевен глад и без жива вера, не вреди ништо. Формалната вера во Христа што го прифаќа само како Спасител на светот не може никогаш да ја исцели душата. Верата што спасува не е само согласување на разумот со вистината... Не е доволно само да се верува за Христа; ние мораме да веруваме во него. Единствена вера што ќе ни користи е онаа што го прифаќа Христа како личен Спасител, што ги усвојува неговите заслуги...

Нашето признавање на неговата верност е избрано небесно средство за откривање на Христа пред светот. Ние треба да ја препознаеме неговата милост онака како што ја објавиле светите луѓе во минатото; но најделотворно од сè е сведоштвото на нашето лично искуство. Ние сме Божји сведоци додека во себе го откриваме дејствувањето на божествената сила. Секој поединец има живот што се изделува од сите други и искуство што суштински се разликува од нивното. Бог сака нашата благодарност да се издигнува кон него обележана со нашата посебност. Тие и таквите драгоцени сведоштва за убавината на неговата милост, поддржани со христијанскиот живот, имаат неодолива сила што дејствува за спасение на душите“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 347 оригинал).

### ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Кои се елементите на убедливото сведочење? Прочитајте го сведочењето на Павле пред Агрипа во текстот Дела 26,1-23. На што се засновало тоа?**
2. **Што мислите, зошто нашето лично сведочење за она што го сторил Христос за нас остава толку силен впечаток? Како би одговориле ако некој сепак ви го постави прашањето: Во ред, тоа е твоето искуство, но што ако јас не сум доживеал/доживеала такво нешто? Зошто твоето исксутво треба да ме убеди да го следам Исуса?**
3. **Што би требало да избегнувате кога го изнесувате своето искуство пред некој што не верува?**
4. **Размислувајте за прашањето во врска со сигурноста на спасението. Зошто тоа е толку важен дел од христијанското искуство? Како можеме да бидеме сигурни во своето спасение, а да не бидеме едновремено и премногу задоволни од себеси?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 12**
**12 до 18 септември 2020**

# ДА СЕ ЉУБИ МИЛОСТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: 2. Петрово 1,12.16-21; Откровение 19,11-18; Откровение 14,14-20; Проповедник 12,13.14; Откровение 14,6-12.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „И видов друг ангел како лета посреде небото, имајќи вечно Евангелие, за да им го проповеда на жителите на земјата: и на секоја народност и на секое племе и јазик и народ, и зборуваше со силен глас: „Бојте се од Бога и подајте Му слава, зашто дојде часот на Неговиот суд, и поклонете Му се на Оној, Кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откровение 14,6.7).**

Христовата откупителска смрт имала сеопшто значење. Тој умрел за сите луѓе што некогаш живееле, без оглед каде и кога. Според тоа, евангелието им се обраќа на луѓето од секое говорно подрачје, култура и потекло. Тоа ја премостува етничката поделба. Неверојатно добра вест е тоа дека Исус, со својот живот, смрт и воскресение, триумфирал над поглаварствата и силите на пеколот. Евангелието во потполност се однесува на Исуса. Тој умрел за нас, и сега живее за нас. Тој дошол еднаш да нè спаси од казната за гревот и од силите на гревот, и ќе дојде повторно да нè спаси од присуството на гревот. Умрел со смрт каква што ние заслужуваме, за да можеме да имаме живот таков каков што Тој заслужува. Во Христа сме оправдани и посветени, а еден ден ќе бидеме и прославени.

Библијата ни го свртува вниманието на две Исусови доаѓања. Тој еднаш дошол за да нè откупи, а ќе се врати за да ги однесе дома оние кои толку скапо ги платил. Последната книга во Библијата, Откровението, е напишана посебно за да го подготви светот за Исусовото враќање. Таа претставува итна порака за оваа генерација. Во поуката за оваа седмица, ќе го проучуваме значењето на Откровението за општеството во 21 век. Заедно одново ќе го откриеме Исусовиот повик за Неговата црква да ја објави оваа порака за последното време.

## СЕГАШНАТА ВИСТИНА НА ПЕТАР

Во текот на целата историја на спасението, Бог, преку пророчката Реч, редовно испраќал посебни пораки за да ги подготви луѓето за она што доаѓа. Бог никогаш не бил затекнат од настаните (Исаија 46,9.10). Тој го подготвува својот народ за иднината, праќајќи ги пророците да ја објават Неговата порака пред да дојде осудата (Амос 3,7). Во деновите пред потопот, Бог преку Ное го предупредувал светот дека доаѓа уништување. Во Египет Бог го подигнал Јосифа за да може, во текот на седумте години изобилие, да ја подготви земјата за гладот што ќе следи. Еврејските пророци ги предупредувале израелските водачи за претстојното уништување на Ерусалим од страна на вавилонската војска. Пораката на Јован Крстител за покајанието го подготвила народот за Исусовото прво доаѓање.

**Прочитајте го текстот 2. Петрово 1,12. Кој израз го користи Петар за да ја опише Божјата порака на неговата генерација?**

______________________________________________________________

**Прочитајте го текстот 2. Петрово 1,16-21. Како гласела „сегашната вистина“ што ја објавувале Петар и останатите ученици?**

______________________________________________________________

Пораката од вечно значење за првиот век гласела: Христос дојде! Преку Христовата жртва на крстот се открила љубовта на Отецот. Иако „платата, што ја дава гревот, е смрт“, преку Христа вечниот живот е обезбеден за сите. На нас е да одлучиме дали со вера ќе го примиме (Римјаните 3,23; 6,23; Ефешаните 2,8). Таа порака за спасението во Исуса никогаш нема да застари. Тоа е сегашна вистина за секоја генерација.

Последната книга од Библијата, Откровението, го прикажува Исуса и Неговото вечно спасение во контекст на последното време, за да ги подготви луѓето за Неговото скоро доаѓање. Таа ја разоткрива лажната втемеленост на човечката традиција и егоцентричната религиозност. Откровението, од почеток до крај, пред нашиот поглед ни го изложува Исуса и неговото дело во полза на човештвото.

Исус е вистинскиот сведок за карактерот на својот Отец. Тој е „Господар на земните цареви“. Тој е оној „кој нѐ љуби и кој нѐ изми од нашите гревови во својата крв, и нѐ направи цареви и свештеници на Бога, и на Својот Татко“ (види Откровение 1,1-6). Откровението во потполност е посветено на Исуса и на Неговата порака за последното време, кое треба да го подготви Божјиот народ за Неговото скоро враќање.

**Кога размислувате за книгата Откровение, што ви паѓа прво на ум? Дали во своите мисли повеќе се занимавате со ѕверовите и пророчките симболи отколку со Исуса? Што мислите, зошто Исус ни ги дал пророштвата од Откровението? Како тие ги откриваат Неговите добри планови за човештвото?**

## ФОКУС НА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ ВО КНИГАТА ОТКРОВЕНИЕ

Евангелието првенствено се занимава со Христовото прво доаѓање. Тоа ја изнесува сторијата за Неговото раѓање, живот и служба, смрт и воскресение. Иако зборува и за Неговото второ доаѓање, неговиот акцен не е на тоа. Меѓутоа, во книгата Откровение, во центарот на вниманието е врвот на повеќевековниот космички судир. А секое од нејзините главни пророштва се завршува со славното враќање на нашиот Господ.

**Прочитајте Откровение 1,7; 11,15; 14,14-20 и 19,11-18. Кои слични заклучоци ги забележувате во секој од овие текстови?**

---

Од првата до последната глава на книгата Откровение, врвот на секое пророштво е Исусовото доаѓање. „Закланото Јагне“ (Откровение 5,12) доаѓа повторно како Цар над царевите и Господар над господарите (Откровение 19,16). Тој ќе ги порази сите непријатели кои го поробуваат и прогонуваат Неговиот народ (Откровение 17,14). Тој ќе ги спаси од ноќните кошмари на гревот и ќе ги доведе во куќата во слава. Големата борба меѓу доброто и злото ќе заврши. Земјата ќе биде обновена, а искупените засекогаш ќе живеат со својот Господ (Откровение 21,1-4).

Во текстот Откровение 22,7 (видете и Откровение 22,12.17.20), Исус вели: „Еве, доаѓам скоро; блажен е оној кој ги пази пророчките зборови на оваа книга!“. Значи, Исус го упатува последниот повик до сите луѓе да одговорат на Неговата љубов, да ја прифатат Неговата благодат и да ја следат Неговата вистина за да се подготват за Неговото скоро доаѓање. Откровението завршува со Исусовиот повик: „Духот и невестата велат: ‘Дојди!’ И кој слуша нека рече: ‘Дојди!’“ (Откровение 22,17).

Нашиот Господ ги повикува сите оние што трагаат за вечен живот да дојдат кај него. Тој потоа нè повикува нас, кои сме ја прифатиле пораката за спасението и желно го чекаме Неговото враќање, да Му се придружиме во повикувањето на другите да ја прифатат пораката за Неговата љубов. Тој нè испраќа во мисија да ја објавуваме Неговата порака, за да го подготвиме светот за Неговото скоро враќање. Нема ништо друго што пружа такво чувство на исполнетост како соработката со Христа во Неговиот план на спасение за последното време.

**Значи, Христос наскоро ќе дојде? Јован ги запишал тие зборови пред отприлика 2000 години. Меѓутоа, имајќи го предвид нашето сфаќање за состојбата на мртвите, зошто за секој од нас, во нашето лично искуство, помеѓу нашата смрт и Христовото доаѓање ќе помине само еден момент? Како тој факт ни помага да сфатиме колку Христос навистина брзо ќе дојде?**

# ПОРАКА ЗА ПОСЛЕДНОТО ВРЕМЕ ВО КНИГАТА ОТКРОВЕНИЕ

Епицентарот на Откровение е 14 глава. Тоа е глава од најголема важност за Божјиот народ кој живее во последните денови од човечката историја. Тоа ни ја открива Божјата порака за последното време упатена до целото човештво. Таа порака е од суштинска важност за Божјиот народ и за целокупниот човечки род.

**Прочитајте Откровение 14,14-20. Која симболика се користи овде за да се долови враќањето на нашиот Господ?**

________________________________________________

Жетвата како симболика се користи во целата Библија за да го опише Христовото враќање (Матеј 13,37-43; Марко 4,29). Во 14. глава од Откровение, жетвата на зрелото жито претставува откупување на праведните, а жетвата на презреаното грозје ни го доловува уништувањето на злите. Текстот Откровение 14,6-12 содржи итна порака за последното време, за да можат мажите и жените да се подготват за последната жетва на Земјата.

**Прочитајте Откровение 14,6.7. Која е суштината на пораката што ја наоѓаме во овие два стиха? Како тие ни помагаат да сфатиме кои сме ние како христијани адвентисти?**

________________________________________________

Пораката на првиот ангел од Откровение 14 глава, се обраќа до генерацијата на 21 век која копнее да ја пронајде смислата во својот живот. Тоа е објава на евангелието за Божјата благодат која им нуди проштавање на сите, која нè чисти од вината за гревот и ни дава сила да станеме победници. Нагласувајќи го фактот дека Христос нè создал и нè откупил, таа порака ни дава основа да се сметаме себеси вредни. Таа истакнува дека секоја неправда еден ден ќе заврши на Божјиот суд. Тоа е неверојатно добра вест, бидејќи открива дека неправдата нема да трае засекогаш.

„Адвентистите се, во посебна смисла, поставени во светот како чувари и носители на светлина. Ним им е доверена последната опомена за светот што чекори кон пропаст. Тие се осветлени од чудесната светлина што светли од Божјата реч. Ним им е дадена работа со исклучително свечен карактер – работа да ја објавуваат првата, втората и третата ангелска вест. Ниту една друга работа не е толку важна. Тие не смеат да дозволат ништо друго да го одвлече нивното внимание“ (Елена Г. Вајт, *Евангелизам,* стр. 119, 120 оригинал). Како, како црква, и што е уште поважно – како победници, да ги примиме во нашето срце овие зборови?

## ПОТПОЛНО РАЗБИРАЊЕ НА БОЖЈАТА ПОРАКА

Пораката за последното време во книгата Откровение го прикажува Исуса во полнотата на Неговата спасоносна благодат кон целото човештво (Откровение 14,6). Сериозен е повикот да имаме „страхопочит кон Бога“, односно, да Му укажеме длабока почит – да ги цениме Неговите заповеди и да бидеме послушни на Неговиот закон во светлината на Божјиот суд (Откровение 14,7). Да имаме „страхопочит кон Бога“, тоа е нешто што се однесува на нашето размислување. Тоа е повик да живееме за да му угодиме на Бога и да Му дадеме прво место во своите мисли. Тоа е став на послушност кој нè води кон побожно живеење (Мудри изреки 3,7; Дела 9,31; 1. Петрово 2,17). Таа порака, исто така, нè повикува да го славиме – „подајте Му слава“ на Бога. Оддавањето слава на Бога го подразбира она што ние го правиме во секој аспект од својот живот.

**Прочитајте Проповедник 12,13.14 и 1. Коринќаните 6,19.20? Како овие текстови ни помагаат да разбереме што значи да имаме страхопочит кон Бога и едновремено да Му оддаваме слава?**

---

Во оваа доба на морална неодговорност, кога милиони луѓе сметаат дека не се должни никому да му полагаат сметка освен на самите себеси, таа порака за часот на судот нè потсетува дека сепак сме одговорни за своите постапки. Постои поврзаност помеѓу ставот на длабоко почитување кон Бога, послушноста кон Бога и Божјиот суд. Послушноста е плод на спасоносниот однос со Исуса. Единствено Неговата праведност е доволно добра за да го поднесе судот и, покриени со таа праведност, ние сме сигурни. Врз основа на Исусовата праведност, ние живееме за да го славиме Неговото име во сè што правиме.

**Прочитајте Откровение 14,7; 4,11; 1. Мојсеева 2,1-3 и 2. Мојсеева 20,8-11. Што претставува основа на секое вистинско богослужение и на кој начин саботата го одразува тоа сфаќање?**

---

Сатаната ја нападнал саботата затоа што знае дека таа е главната артерија на вистинското богослужение. Таа го воздигнува Христа како создател и ги повикува мажите и жените насекаде во светот да му се поклонат на „Оној, кој го создал небото и земјата, морето и водните извори“ (Откров. 14,7). Таа станува посебно значајна во оваа доба на еволуција, бидејќи нè повикува да се вратиме кон обожавањето на Исуса кој нè создал и во кого го наоѓаме вистинското чувство на сопствената вредност.

**Размислете колку е важна саботата како потсетник на фактот дека Бог е нашиот Создател, и дека Тој, според тоа, е единствениот кој е достоен да го обожаваме. Всушност, кое друго учење е толку важно и за кое Бог барал да одвоиме една седмина од своето време секоја седмица, за да се сеќаваме дека Тој е наш Создател?**

# ПОСЛЕДНИОТ БОЖЈИ ПОВИК

**Прочитајте Откровение 14,8; 17,3-6 и 18,1-4. Што дознаваме за духовниот Вавилон врз основа на овие стихови?**

__________________________________________________________

Во книгата Откровение, изразот „Вавилон“ означува лажен религиозен систем заснован на човечките дела, традициите и погрешните учења. Тој ги издигнува човечките суштества и нивната самоправедност над Исус и Неговиот безгрешен живот. Тој ги поставува заповедите на човечките верски учители над Божјите заповеди. Вавилон бил центар на идолатријата, обожавање на сонцето и лажното учење за бесмртноста на душата. Тој лажен верски систем во своето богослужение незабележително вградил многу од древните вавилонски верски обичаи. Божјата порака за последното време упатена до оваа планета што изумира е пораката за Исус и за Неговата праведност. Таа одѕвонува од небото повикувајќи: „Падна, падна големиот Вавилон... Излезете од неа, народе Мој“ (Откровение 18,2.4). Бог ја подигнал Адвентистичката црква на седмиот ден за таа да ја велича пораката за Христа во сета нејзина полнота. Да се велича Исус значи да се воздигнува сѐ што Тој поучувал. Тоа значи да се објавуваат делата на Оној кој е „Патот, и Вистината, и Животот“ (Јован 14,6). Тоа исто така значи да се разоткриваат заблудите на Вавилон кои противречат на Исусовите вистини.

**Прочитајте Откровение 14,7.9-11. Кои спротивставени предмети на обожавање се истакнуваат во овие стихови?**

__________________________________________________________

__________________________________________________________

Откровение 14 опишува две различни богослуженија – обожавање на Создателот и обожавање на ѕверот. Окосница за двата вида верска служба е Божјиот ден за богослужение – вистинската или лажната сабота. Вистинската сабота претставува одмор, доверба и сигурност што ги наоѓаме во Христа, нашиот Создател, Откупител и Цар кој доаѓа. Лажната сабота претставува замена заснована на човечкото мислење и црковните декрети.

**Прочитајте Откровение 14,12. Што ни кажува овој текст, особено во контекст на она што му претходи? На кој начин законот и благодатта се откриени во тој текст, и што можеме да заклучиме врз основа на фактот дека благодатта и законот се неразделни аспекти на евангелието?**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Бог ја повикал својата црква во ова време, како што го повикал стариот Израел, да биде светлина за светот. Со моќното сечило на вистината – пораките на првиот, вториот и третиот ангел – Тој одвоил народот од црквите и од светот, со цел да го доведе во неговата света близина. Тој го направил чувар на својот закон и му ги доверил големите вистини од пророштвата за ова време. Како и пророчките списи што му биле доверени на стариот Израел, тие се свето наследство кое мора да им се пренесе на луѓето.

Трите ангели од Откровение 14 глава, го претставуваат народот кој ја прифаќа светлината на Божјите пораки и излегува како Негов претставник да ја објави опомената по целата планета. Христос им рекол на своите следбеници: 'Вие сте светлината на светот' (Матеј 5,14). На секоја душа што го прифаќа Исуса, крстот од Голгота порачува: 'Погледнете колкава е вредноста на душите.' 'Одете по сиот свет и проповедајте го Евангелието на секое создание' (Марко 16,15). Со ништо не смееме да дозволиме да се спречи извршувањето на таа задача. Тоа е дело од пресудна значење за ова време и мора да биде далекусежно како вечноста. Љубовта што Исус ја покажал кон човечките души, преку жртвата што ја направил за нивно откупување, ќе ги придвижи сите негови следбеници.

Христос го прифаќа – и тоа со каква радост! – секое човечко суштество што му се предава Нему. Тој го здружува човекот со божественото, со цел да му ги открие на светот тајните на отелотворената љубов. Разговарајте за тоа, молете се за тоа, пејте за тоа, преплавете го светот со пораките од Неговата реч и продолжете да освојувате нови подрачја" (Ellen G. White, *Counsels for the Church,* pp. 58, 59).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Во која смисла пораките на тројцата ангели од Откровение 14 ја одредуваат суштината на Адвентистичката црква на седмиот ден?**
2. **Размислувајте за саботата и за важноста што таа ја има. Како што видовме оваа седмица, пораката која е содржана во неа, е толку важна што Бог ни заповеда да одвоиме една седмина од својот живот за да се сеќаваме на Него како на свој Творец и Спасител. Ние не сме обврзани на одиме на некоја света гора, ниту пак во некој свет град за да го славиме Бога. Секоја седмица саботата доаѓа до нас со брзина од илјада и шестотини километри на час (барем околу екваторот). Како овој факт дополнително ни помага да ја разбереме важноста на тој ден, како и она на што тој нѐ упатува?**
3. **Како идејата за падот на Вавилон и поимот за жигот на ѕверот да ги објасниме на најприфатлив начин? Односно, како тие вистини да ги изнесеме на најмалку навредлив начин, иако мораме да се помириме со тоа дека, и покрај сиот наш труд, некои луѓе сепак ќе се најдат навредени?**

*Ви препорачуваме во сабота да ја проучите целата поука за идната седмица*

**Поука 13**
**19 до 25 септември 2020**

# ЧЕКОР ВО ВЕРАТА



**ПРОЧИТАЈТЕ ГИ БИБЛИСКИТЕ ТЕКСТОВИ: Филипјаните 2,5-11; Матеј 4,18-20; Дела 9,3-6.10-20; Јован 21,15-19; 1. Јованово 3,16-18.**

**ЗАПОМНЕТЕ ГО СТИХОТ: „Имајте ја во себе истата мисла, која беше и во Исуса Христа; Кој, иако е во Божјо обличје, не го сметаше како грабнато - тоа што е еднаков со Бога, туку се лиши Самиот Себе, и зеде обличје на слуга станувајќи сличен со луѓето“ (Филипјаните 2,5-7).**

Напуштањето на славата на небото, обожавањето на ангелите, заедништвото со Отецот, претставувало незамислива жртва. Да, Исус дошол на овој свет на страдање и смрт за да го открие карактерот на својот Отец кој е полн со љубов, за повторно да ја придобие наклонетоста на човечките битија и да го откупи целото човештво. „Цената за нашиот откуп не може да биде сфатена сè додека откупените не застанат со својот Откупител пред Божјиот престол. Додека пред нашите восхитени сетила ќе се развива славата на вечниот дом, ние ќе се сетиме дека Исус сето тоа го оставил заради нас, дека не станал само изгнаник од небесните дворови, туку дека заради нас се изложил на опасност од неуспех и од вечна загуба. Тогаш ќе ги положиме нашите круни пред неговите нозе и ќе запееме: ’Достојно е Јагнето кое беше заклано да прими моќ, богатство, мудрост, сила, чест, слава и благослов’ (Откровение 5,12)“ (Елена Вајт, *Копнежот на вековите,* стр. 131 оригинал).

Жртвата што Исус ја принел за нашето спасение, не може да се измери. А кога ние го прифаќаме Неговото водство, кога ќе ја послушаме заповедта и ќе се обединиме со Него во придобивање на изгубените од Неговото царство – тоа и од нас бара жртва. Иако нашите жртви во ниеден поглед не можат да се изедначат со Неговата, службата за придобивање на душите и од нас бара извесен скок во верата. Тоа нè вади од нашата зона на удобност и нè фрла во неистражените води. Нашиот Господ понекогаш од нас бара жртви, но, за возврат, ни дава далеку поголеми радости.

## ИСУСОВАТА САМОПОЖРТВУВАНА ЉУБОВ

Апостол Павле нѐ охрабрува да „дозволиме“ или да му „овозможиме“ на Христовиот ум да престојува во нас. Тоа доведува до некои интересни прашања. Каков бил Христовиот ум? Што управувало со Неговите мисловни токови? Што претставувало основа на Неговото размислување?

**Прочитајте Филипјаните 2,5-11. Како тие стихови ни ја откриваат суштината на Христовото размислување и образецот кој управувал со целиот Негов живот?**

---

Исус од вечни времиња бил еднаков со Бога. Павле ја објавува таа вечна вистина со следните зборови: „Кој, иако е во Божјо обличје, не го сметаше како грабнато – тоа што е еднаков со Бога“ (Филипјаните 2,6). Зборот „обличје“ е превод од грчкиот збор *morphē*. Тој ја означува самата суштина не кој поим, односно го поврзува со два поими од подеднаква вредност. Според Адвентистичкиот библиски коментар, „тоа го доведува Христов во рамноправна положба со Отецот и Го издигнува над секоја друга сила. Павле ја нагласува таа вистина за да може поживописно да ја долови длабочината на Христовото доброволно понижување“ (The SDA Bible Commentary, Volume 7, p. 154). Зборувајќи за Неговата вечна природа, Елена Вајт додава: „Во Христа лежи исконски, непозајмен, нестекнат живот“ (*Копнежот на вековите*, стр. 530 оригинал).

Исус, иако еднаков на Бога од вечните времиња, „Сам Себе се понизи“ (Филипјаните 2,7). Тука, исто така, употребен е и еден интересен грчки израз, кој во буквален превод би можел да се преведе со зборот „испразнил“. Исус доброволно се „испразнил себеси“ (или „лиши“; заб. прев.) од своите предимства и привилегии што ги имал како Оној кој е еднаков со Бога, за да земе човечки лик и да стане скромен слуга на човештвото. А како слуга, Тој во целата вселена го открил небесниот закон на љубовта, и во завршниот чин, ја покажал најголемата љубов на крстот. Го дал својот живот за да нѐ спаси за цела вечност.

Основата на Исусовото размислување е самопожртвуваната љубов. Оттука, да го следиме Исуса, значи да сакаме како што Тој сакал, да служиме како што служел Тој, да проповедаме како што Тој проповедал. Меѓутоа, да му дозволиме на Исуса, преку Светиот Дух да нѐ „испразни“ од нашите себични амбиции, ќе нѐ чини нешто. Исуса тоа го чинело сѐ. Но, Светото писмо за Него вели: „Затоа и Бог Го превозвиши и Му подари име, што е над секое име“ (Филипјаните 2,9).

Небото ќе биде вредно за секоја жртва што ја принесуваме на Земјата. Да, има жртви долж патот, но радоста на службата веќе ги надминува, а вечната младост на живеење со Христа низ сета вечност ќе направи секоја жртва што овде ја трпиме да изгледа безначајно.

**Кога последен пат навистина сте морале да „умрете за себеси“ поради Христа? Што ви зборува вашиот одговор за вашиот христијански пат?**

## ПОВИК НА ПОСВЕТУВАЊЕ

Замислете дека сте Петар или Јован. Сонцето само што изгреало над Галилеја бркајќи го студенилото на ноќниот воздух. Мислите ви се насочени само кон едно – да се уловат што повеќе риби. Рибарењето ви одело од рака во последно време и вие му се радувате на уште еден успешен ден. А потоа, во бледата утринска светлина, гледате како ви пристапува Тој – Исус од Назарет. Не сте свесни дека за само неколку моменти целиот живот ќе ви се промени. Никогаш повеќе нема да бидете исти.

**Прочитајте го текстот Матеј 4,18-20. Што мислите, зошто Симон Петар и Андреј биле подготвени да направат толку радикален чекор за да го следат Христа? Што во овој текст ни укажува дека Исус ги повикувал на нешто повозвишено отколку што било ловењето на риби?**

Од Евангелието според Јован дознаваме дека тие повеќе од половина година знаеле нешто за Исуса, но не Му се посветиле веднаш. Сепак, мора да постоело нешто во Христовото однесување, во Неговата појава, во зборовите и постапките што на тие галилејски рибари им укажувало дека Тој ги повикува во една повозвишена служба. Причината да ги напуштат своите чамци, занимањето и семејното опкружување за да Го следат, била таа што тие се почувствувале повикани на нешто повозвишено. Тие обични рибари сфатиле дека се повикани на нешто што е повеќе од обично. Можеби Бог, денес, и вас ве повикува да го напуштите своето занимање, но сепак ве повикува на повозвишена цел – а тоа е да ја делите Неговата љубов и да сведочите за Неговата вистина на слава на Неговото име.

**Разгледајте го повикот упатен на Матеј, собирачот на данок, во текстот Матеј 9,9. Што забележувате во овој текст што навистина е вредно за внимание?**

Собирачите на данок во римскиот свет често се занимавале со изнуда, користејќи ги своите сопствени овластувања за да го угнетуваат обичниот народ. Тие спаѓале во најомразените и најпрезираните личности во целиот Израел. Христовиот повик „Врви по мене“ ни навестува дека Матеј уште пред тоа слушнал за Исуса и дека во своето срце копнеел да Го следи. И така, кога стигнал повикот, тој бил подготвен. Бил одушевен од фактот дека Христос го прифатил и го повикал да биде еден од Неговите ученици.

Длабоко во срцето на секој од нас постои копнеж за нешто повозвишено во животот. И ние сакаме да живееме за нешто што е вредно за почит, за некоја поголема и поблагородна цел. Затоа Христос и нас нѐ повикува, како и Матеј, да Го следиме.

**Размислете од што сѐ луѓето мораат да се откажат за да го следат Исуса. Зошто тоа на крајот сепак ќе се исплати?**

## ПАВЛЕ – БОЖЈИОТ ОДБРАН САД

Кога Павле го прифатил Исуса, неговиот живот од корен се променил. Христос му дал една потполно нова иднина. Го повел од неговата зона на удобност кон искуства какви што тешко можел и да замисли. Под водството на Светиот Дух, апостолот Павле ја проповедал Божјата Реч на илјадници луѓе ширум медитеранскиот свет. Неговото сведочење ја променило историјата на христијанството и на целиот свет.

**Прочитајте Дела 9,3-6.10-20. Како тие стихови ни откриваат дека Исус имал само една возвишена цел за животот на Павле?**

___

Исус често избира поединци од оние од кои најмалку се очекува да сведочат во Негово име. Сетете се на луѓето опседнати од демоните, жената Самарјанка, собирачите на данок, проститутките, галилејските рибари, а потоа и тој огорчен прогонител на христијаните. Сите тие биле најпрво преобразени со благодатта, а потоа испратени со радост во срцето да раскажуваат за она што Христос го направил во нивниот живот. На никој од нив никогаш не му здосадило да зборува за тоа. Бидејќи она што Христос го направил за нив било толку чудесно што морале тоа да го споделат со другите. Едноставно не можеле да молчат.

**Споредете ги стиховите во Дела 28,28-31 и 2. Тимотеј 4,5-8. Кои обележја ги наоѓаме овде дека Павле никогаш не се поколебал во својата цврста одлука целиот живот да му го посвети на Христа и на службата за придобивање души?**

___

При крајот на својот живот, додека се наоѓал во домашен притвор во Рим, Павле потврдува „дека спасението од Бога им е испратено на незнабошците, тие и ќе чујат!“ (Дела 28,28). Извештајот вели дека тој ги примал сите оние што доаѓале да го посетат и им ја проповедал Божјата Реч (Дела 28,30.31). Додека му се наближувал крајот, го охрабрувал Тимотеја да го извршува делото на евангелист, а за себе мирно можел да каже: „Извојував добра борба, го завршив трчањето, ја запазив верата“ (2. Тимотеј 4,7).

Иако нашиот повик можеби не е толку драматичен како оној на Павле, Бог сепак нè повикува сите нас да соработуваме со Христа во Неговото настојување да го промени светот. Павле, очигледно, и покрај сите потешкотии со кои се соочил во текот на годините (види 2. Коринќаните 11,25-30), останал верен на своето звање во Господа. А приказната за тоа како еден некогашен гонител на Исусовите следбеници станал највлијателниот и најзначајниот (со исклучок на Исус) застапник на христијанската вера, останува моќно сведоштво за тоа што Господ може да направи преку некој кој ќе го посвети својот живот на Неговото дело.

**На каква работа Бог ве повикал? Дали ја извршувате?**

## БАРАЊЕ НА ЉУБОВТА

Љубовта секогаш се покажува на дело. Нашата љубов кон Христа нè принудува да направиме нешто за изгубеното човештво. Павле тоа јасно го потврдува обраќајќи се на црквата во Коринт: „Бидејќи љубовта Христова нè гони" (2. Коринќаните 5,14). Христијанството првенствено не е отфрлање на нешто што е лошо за да можеме да бидеме спасени. Исус не се „откажал" од нешто лошо на небото за да може Тој самиот да биде спасен. Тој се откажал од добрите работи за можат другите да бидат спасени. Исус нè повикува само да го посветиме своето време, таленти и пари на Неговото дело. Тој нè повикува да Му го предадеме својот живот.

На еден утрински состанок со учениците на брегот на Галилејското езеро, Исус јасно ги изложил барањата на божествената љубов.

**Прочитајте го текстот Јован 21,15-19. Кое прашање Исус трипати му го поставил на Петар, и каков бил неговиот одговор? Зошто Исус трипати го повторил ова прашање?**

___

Петар трипати се откажал од својот Господ, а Исус трипати извлекол од усните на Петар признание на љубов. Во присуство на останатите ученици, Тој одново го градел убедувањето на Петар дека му е простено со божествена љубов, и дека Исус за него сè уште има работа во Божјето дело.

**Повторно Прочитајте го текстот Јован 21,15-19, обраќајќи посебно внимание на тоа како Исус одговара на Петровите изрази на љубов кон Него. Што бара Исус од него во таа прилика?**

___

Божествената љубов е активна, а не пасивна. Вистинската љубов е нешто повеќе од топло чувство или од некоја пријатна замисла. Таа подразбира посветување. Љубовта не тера на акција. Таа нè наведува да посегнеме кон изгубениот свет, полн со Божји деца во очајна потреба. Кога Исус му рекол на Петар: „Паси ги јагненцата Мои", тоа истовремено било и заповед, но и утешно охрабрување. Учителот барал одговор на љубовта, уверувајќи го Петар дека сè уште има работа за него, и покрај неговото навистина срамно однесување по Исусовото апсење. Петар не само што негирал дека го познава Исуса туку и се заколнал токму онака како што Господ предвидел дека ќе стори.

Затоа, во што е поентата? Можеби и вие срамно сте го изневериле својот Господ. Можеби со своите постапки повеќе пати сте се откажале од Него. Сепак, добрата вест гласи дека благодатта сè уште ви е на располагање и дека Бог сè уште не завршил со вас. Сè уште има место за вас во Неговото дело доколку сте подготвени да го прифатите тоа.

**Дали некогаш, како и Петар, сте се „откажале" од Господа? Ако сте го сториле тоа, што ви порачува, не само сторијата за откажувањето на Петар, туку и она што Христос му го кажал после тоа?**

## ЗАВЕТ НА ЉУБОВТА

При крајот на тој разговор меѓу Петар и Исуса, ги гледаме и двајцата како одат по песочниот брег. Додека брановите се удираат од брегот, Исус му зборува на Петар за цената на ученештвото. Тој сака на Петар да му биде сосема јасно со што сè ќе соочува ако го прифати Исусовиот повик да ги „пасе неговите јагненца“.

**Прочитајте Јован 21,18.19. Што му рекол Исус на Петар за цената на ученештвото? Што мислите, зошто Исус му открил на Петар нешто такво вознемирувачко, токму во овој момент од неговиот живот?**

______________________________________________________________________

Со тие зборови, Христос ја прорекол маченичката смрт што Петар ќе ја доживее еден ден. Неговите раце ќе бидат закованi на крст. Откривајќи му го тоа, Христос на Петар му понудил избор. Му ја понудил најголемата животна радост – да ги види душите освоени за Божјето царство. На денот Педесетница ќе ги гледа илјадните како доаѓаат кај Христа. Ќе се прават чуда во Исусово име и ќе Го прославaт уште пред многу илјади луѓе. Ќе ја имаат вечната радост на заедништвото со Христа во Неговата мисија.

Но, таа привилегија ќе има своја цена. Таа ќе бара жртва, и тоа онаа најголемата. Значи од Петар се барало да се заветува со широм отворени очи. Затоа Петар сега знаел дека нема таква жртва која би го спречила да се придружи на Исуса во Неговата мисија на овој свет.

**Прочитајте 1. Јованово 3,16-18. За Јован љубовта е нешто повеќе од нејасна апстракција. Како Јован ја дефинира крајната жртва на љубовта?**

______________________________________________________________________

Во вечноста, ништо што сме направиле нема да ни изгледа како жртва. Напротив, ќе ни изгледа дека тоа што овде сме го вложувале своето време, труд, па и својот живот, е повеќе од изобилно наградено. Каква е таа радост кога љубовта ќе ја преточиме во акција, а намерите во преданост! Бидејќи, кога без никакво притеснување ќе одговориме на божествената љубов, настојувајќи да им сведочиме на другите како Христови амбасадори, ние всушност ја исполнуваме целта на својот живот и ја доживуваме најголемата можна радост. Како што Исус умесно забележал: „Кога го знаете ова, блажени сте – ако го исполнувате тоа“ (Јован 13,17). Најголемата животна радост и трајна среќа настануваат кога ќе ја оствариме смислата на своето постоење, прославувајќи го Бога со својот начин на живот, делејќи ја Неговата љубов и вистина со светот.

**Тешко е да се разбере поимот вечност кога сè за што знаеме е ова малку време што го имаме. Сепак, да се потрудиме, колку што е во нашата моќ, да го замислиме вечниот живот – добриот вечен живот, подобар од што било од она што овде го поседуваме, и потоа да си претставиме зошто ништо што имаме овде, во ова делче од времето, не е вредно за да го загубиме вечниот живот што ни го ветува Исус.**

## ЗА НАТАМОШНО ПРОУЧУВАЊЕ

„Оние кои вршат духовен надзор над црквата треба да изнајдат средства и начини на секој верник да му се овозможи на некој начин да учествува во Божјето дело. Тоа многу често било занемарувамно во минатото. Не биле јасно изложени, ниту спроведувани во дело плановите врз основа на кои талентите на сите верници би биле употребени во активна служба. Малкумина сфаќаат колку е изгубено поради тоа.

Водечките луѓе во Божјето дело мораат, како мудри војсководачи, да прават планови за напредување долж целата борбена линија. Тие во своето планирање треба да обратат посебно внимание на работата која можат да ја извршат обичните членови за своите соседи и пријатели. Божјето дело на оваа земја не може да биде довршено сѐ додека мажите и жените – членовите на нашата црква – не се впрегнат да работат и не се придружат на напорите на проповедниците и службениците во црквата.

Спасувањето на грешниците бара сериозни напори, лични залагања на секој поединец. Ние мора да им го однесеме на луѓето зборот на животот, а не да чекаме тие да ни пристапат. О, кога би можела да пронајдам такви зборови кои би ги разбудиле мажите и жените и би ги поттикнале на сесрдна работа. Ни преостанува уште само малку време. Се наоѓаме на самата граница на вечниот свет. Не смееме да губиме време. Секој момент е како злато вреден и премногу скапоцен за да го употребуваме за да си угодуваме себеси. Кој сесрдно ќе го бара Бога и од Него ќе црпи сила и милост и кој ќе стане Негов верен работник во мисионското поле?

Во секоја црква има дарови кои со правилна употреба можат да се развијат така што можат да бидат од голема помош за делото. За изградување на нашите цркви е потребно ревносно залагање на мудри работници кои ќе ги воочат и развијат ’талентите‘ во црквата – ‘таленти’ кои можат да се усовршат за служба на Учителот“ (Ellen G. White, *Testimonies for the Church,* vol. 9, pp. 116, 117).

ПРАШАЊА ЗА РАЗГОВОР

1. **Која е главната порака на Елена Вајт во наведениот текст? Какво влијание би можела да има таа на вашето лично сведочење и на службата на вашата црква?**
2. **На кој начин секогаш се покажува вистинската љубов? Кои се тие лажни облици на љубов, кои имаат многу заедничко со вистинската љубов?**
3. **Разговарајте во класата за жртвите кои луѓето ги претрпеле за Господа, вклучувајќи ја и загубата на животот. Што можете да научите врз основа на тие стории?**
4. **Сетете се на својот одговор на прашањето поставено при крајот на поуката за недела, за тоа што би жртвувале вие за Христа. Што всушност сте жртвувале вие? Зошто сте го направиле тоа? Дали вредело? Како некому, кој не е христијанин, би му објасниле што сте направиле и зошто сте го направиле тоа?**

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – ЈУЛИ

# ДОЈДИ БРЗО, ГОСПОДИ

### ИСУС СЕ ГРИЖИ ЗА НАС

| | | |
|---|---|---|
| *1. Среда* | **Филипјаните 2,28–30.** | *Сочувствителен Спасител* |
| *2. Четврток* | **1. Петрово 5,2.3.** | *Сите вие сте браќа* |
| *3. Петок* | **1. Петрово 5,5.6.** | *Нема место за горде独ливост* |
| *4. Сабота* | **1. Петрово 5,7.** | *Исус се грижи за нас* |

### ДОЈДИ БРЗО, ГОСПОДИ

| | | |
|---|---|---|
| *5. Недела* | **2. Коринќаните 4,2.** | *Вистината ќе победи* |
| *6. Понеделник* | **Исаија 8,12.** | *Проповедајте ја Речта* |
| *7. Вторник* | **Матеј 23,25.** | *Плодови на покајание* |
| *8. Среда* | **1. Петрово 4,7.** | *Дојди брзо, Господи* |
| *9. Четврток* | **Исаија 59,19.** | *Знаме наспроти непријателот* |
| *10. Петок* | **Матеј 20,26.27.** | *Слава нека е на Бога* |
| *11. Сабота* | **Матеј 5,13.** | *Духовна сол* |

### СОВРШЕНА ВЕРА

| | | |
|---|---|---|
| *12. Недела* | **Јован 17,22.23.** | *Неспоредлива љубов* |
| *13. Понеделник* | **1. Солуњаните 2,9.** | *Работата е благослов* |
| *14. Вторник* | **Мудри изреки 3,5.** | *Совршена вера* |
| *15. Среда* | **Тит 1,14.** | *Безумен фанатизам* |
| *16. Четврток* | **Мудри изреки 4,20–22.** | *Исхрана за живот* |
| *17. Петок* | **Матеј 5,16.** | *Живот како Неговиот* |
| *18. Сабота* | **Римјаните 12,5.6.** | *Дарови доверени за служба* |

### ОТВОРЕНА ВРАТА

| | | |
|---|---|---|
| *19. Недела* | **Наум 1,7.** | *Постојано присутна помош* |
| *20. Понеделник* | **Проповедник 10,17.** | *Јадете за да имате сила* |
| *21. Вторник* | **Дела 1,8.** | *Вашата светлина нека заблеска* |
| *22. Среда* | **Јов 23,10.** | *Отворена врата* |
| *23. Четврток* | **1. Јованово 5,10–12.** | *Го познавате ли својот Господ?* |
| *24. Петок* | **Матеј 10,7–10.** | *Сејте покрај сите води* |
| *25. Сабота* | **1. Коринќаните 3,11.** | *Дали ѕидате на Карпата?* |

### НАГРАДА ЗА ВЕРНОСТА

| | | |
|---|---|---|
| *26. Недела* | **Матеј 9,29.** | *Во согласност со вашата вера* |
| *27. Понеделник* | **Еремија 18,14.** | *Мали луѓе – големи теми* |
| *28. Вторник* | **Лука 21,34.** | *Награда за верноста* |
| *29. Среда* | **Псалм 144,12.** | *Божје ветување на родителите* |
| *30. Четврток* | **2. Петрово 1,4.** | *Ветено: Сила за секој ден* |
| *31. Петок* | **2. Петрово 1,4.** | *Ветено: Сила за секој ден* |

# УТРИНСКИ СТИХОВИ – АВГУСТ
# ВО СВЕТОТ, НО НЕ ОД СВЕТОТ

## УЧЕСНИЦИ ВО БОЖЕСТВЕНАТА ПРИРОДА

*1. Сабота Исаија 5,20.21.* *Учесници во божествената природа*

## СИЛАТА НА ВИСТИНАТА

| | | |
|---|---|---|
| *2. Недела* | ***Јован 3,16.*** | *Исус, ваш пријател на судот* |
| *3. Понеделник* | ***Исаија 58,6.*** | *Силата на вистината* |
| *4. Вторник* | ***Псалм 19,14.*** | *Зборовите се многу важни* |
| *5. Среда* | ***Филипјаните 3,9.*** | *Покриени со Христовата правда* |
| *6. Четврток* | ***Исаија 57,15.*** | *Бог ја наградува понизноста* |
| *7. Петок* | ***Откровение 3,17.*** | *Разбирање на должноста* |
| *8. Сабота* | ***Даниел 12,3.*** | *Како ѕвезди секогаш и засекогаш* |

## ПОГЛЕДНЕТЕ КОН СВЕТЛИНАТА

| | | |
|---|---|---|
| *9. Недела* | ***Исаија 49,15.*** | *Мајчинската љубов* |
| *10. Понеделник* | ***1. Коринќаните 2,14.*** | *Сатанските лукавства* |
| *11. Вторник* | ***Псалм 31,20.*** | *Одење со невидливиот Бог* |
| *12. Среда* | ***Римјаните 12,12.*** | *Погледнете кон Светлината* |
| *13. Четврток* | ***1. Солуњаните 5,16–18.*** | *Не изговарајте обесхрабрувачки зборови* |
| *14. Петок* | ***Евреите 11,7.*** | *Ноевото време, и нашето* |
| *15. Сабота* | ***2. Коринќаните 5,21.*** | *Божествена Замена* |

## БОЖЈЕ ПРАВО НА ВАС

| | | |
|---|---|---|
| *16. Недела* | ***Псалм 78,1.*** | *Можете ли да го барате Божјиот печат?* |
| *17. Понеделник* | ***1. Коринќаните 4,9.*** | *Негувајте среќен дух* |
| *18. Вторник* | ***1. Петрово 4,8.*** | *Негувајте благост во својот дом* |
| *19. Среда* | ***Јаков 1,8.*** | *Опасност од нерешителност* |
| *20 . Четврток* | ***1. Мојсеева 1,31.*** | *Преку природата до Бога на природата* |
| *21. Петок* | ***Матеј 24,14.*** | *Под контрола на Големиот Дизајнер* |
| *22. Сабота* | ***Римјаните 6,13.*** | *Божје право на вас* |

## ВО СВЕТОТ, НО НЕ ОД СВЕТОТ

| | | |
|---|---|---|
| *23. Недела* | ***Јаков 1,22.*** | *Испит на искреноста* |
| *24. Понеделник* | ***Псалм 89,19.*** | *Држете се за божествената сила* |
| *25. Вторник* | ***Псалм 89,14.*** | *Божјиот закон е непроменлив* |
| *26. Среда* | ***Исаија 8,19.*** | *Чувајте се од окултното* |
| *27. Четврток* | ***Јаков 4,4.*** | *Во светот, но не и од светот* |
| *28. Петок* | ***Марко 2,17.*** | *Прецртување на Христовите методи* |
| *29. Сабота* | ***Амос 5,13.*** | *Христијанска претпазливост* |

## ТАЈНАТА НА ДУХОВНИОТ РАСТ

| | | |
|---|---|---|
| *30. Недела* | ***Лука 9,23.*** | *Вистинска посветеност* |
| *31. Понеделник* | ***Ефешаните 4,13.*** | *Тајната на духовниот раст* |

## УТРИНСКИ СТИХОВИ – СЕПТЕМВРИ

# СИТЕ ЛУЃЕ СЕ БРАЌА

### НАШИОТ ВОДИЧ НИЗ ЦЕЛАТА ВИСТИНА

| | | |
|---|---|---|
| *1. Вторник* | **1. Коринќаните 3,8.** | *Примете за да можете да дадете* |
| *2. Среда* | **Псалм 25,9.** | *За наша наука е напишано* |
| *3. Четврток* | **Псалм 130,3.4.** | *Попривилегирани и од ангелите* |
| *4. Петок* | **Јован 8,44.** | *Невидливи сили во судирот* |
| *5. Сабота* | **Јован 14,16.** | *Наш Водич низ целата вистина* |

### ХРИСТИЈАНИТЕ ДЕНЕС

| | | |
|---|---|---|
| *6. Недела* | **Даниел 2,23.** | *Можеш да победиш* |
| *7. Понеделник* | **1. Коринќаните 10,12.** | *Пред погибелта доаѓа гордеднивоста* |
| *8. Вторник* | **Псалм 34,2.** | *Твојата вера да не престане* |
| *9. Среда* | **Јован 3,30.** | *Свест за простените гревови* |
| *10. Четврток* | **1. Коринќаните 12,18–21.** | *Христос не е поделен* |
| *11. Петок* | **Јован 13,15.** | *Држење на курсот* |
| *12. Среда* | **1. Јованово 2,28.** | *Христијаните денес* |

### СИТЕ ЛУЃЕ СЕ БРАЌА

| | | |
|---|---|---|
| *13. Недела* | **Матеј 4,4–10.** | *Внимавајте на своите зборови* |
| *14. Понеделник* | **1. Петрово 3,10.** | *Негувајте ја христоликата љубов* |
| *15. Вторник* | **Јован 13,18.** | *Кога Јуда би се покајал* |
| *16. Среда* | **Филипјаните 4,6.** | *Држете го Исуса за збор* |
| *17. Четврток* | **Дела 17,24–26.** | *Сите луѓе се браќа* |
| *18. Петок* | **Матеј 12,35.** | *Никогаш не ги понижувајте заблудените* |
| *19. Сабота* | **Евреите 11,16.** | *Како уште овде да се има Небото* |

### БОЖЈИ СОРАБОТНИЦИ

| | | |
|---|---|---|
| *20. Недела* | **Јован 14,8.9.** | *Христос е Патот* |
| *21. Понеделник* | **Евреите 11,3.** | *Бог е личност* |
| *22. Вторник* | **1. Јованово 3,14.** | *Дали сте преминале од смрт во живот?* |
| *23. Среда* | **Јован 15,24.** | *Тој секогаш е со мене* |
| *24. Четврток* | **1. Коринќаните 3,7.** | *Божји соработници* |
| *25. Петок* | **1. Коринќаните 9,16.** | *Божествената милост, наша најголема потреба* |
| *26. Сабота* | **1. Тимотеј 5,25.** | *Божјиот постојан повик* |

### ТРЧАЊЕ КОН ЦЕЛТА

| | | |
|---|---|---|
| *27. Недела* | **Матеј 6,27.28.** | *Не занемарувајте ги подробностите* |
| *28. Понеделник* | **Филипјаните 3,14.** | *Трчање кон целта* |
| *29. Вторник* | **Мудри изреки 22,29.** | *Ваша работа е Божјата работа* |
| *30 . Среда* | **1. Коринќаните 14,8.9.** | *Голема работа што треба да се сработи* |

# Цркви, групи и поединци на Христијанската адвентистичка црква во Република Македонија



# СЕКОЈДНЕВНО ЧИТАЊЕ НА БИБЛИЈАТА

## *Јули*

| | |
|---|---|
| 1. | Псалм 115-117 |
| 2. | 118 |
| 3. | 119,1-88 |
| **4.** | 119,89-176 |
| 5. | 120-121 |
| 6. | 122-124 |
| 7. | 125-127 |
| 8. | 128-130 |
| 9. | 131-133 |
| 10. | 134-136 |
| **11.** | 137-139 |
| 12. | 140-142 |
| 13. | 143-147 |
| 14. | 148-150 |
| 15. | Изреки 1-3 |
| 16. | 4-6 |
| 17. | 7-9 |
| **18.** | 10-12 |
| 19. | 13-15 |
| 20. | 16-19 |
| 21. | 20-22 |
| 22. | 23-25 |
| 23. | 26-28 |
| 24. | 29-31 |
| **25.** | Проповедник 1-3 |
| 26. | 4-6 |
| 27. | 7-9 |
| 28. | 10-12 |
| 29. | Песна над пес. 1-3 |
| 30. | 4-6 |
| 31. | 7-8 |

## *Август*

| | |
|---|---|
| **1.** | Исаија 1-3 |
| 2. | 4-6 |
| 3. | 7-9 |
| 4. | 10-13 |
| 5. | 14-17 |
| 6. | 18-20 |
| 7. | 21-23 |
| **8.** | 24-26 |
| 9. | 27-29 |
| 10. | 30-32 |
| 11. | 33-36 |
| 12. | 37-40 |
| 13. | 41-43 |
| 14. | 44-46 |
| **15.** | 47-49 |
| 16. | 50-52 |
| 17. | 53-55 |
| 18. | 56-59 |
| 19. | 60-62 |
| 20. | 63-66 |
| 21. | Еремија 1-3 |
| **22.** | 4-6 |
| 23. | 7-8 |
| 24. | 9-11 |
| 25. | 12-16 |
| 26. | 17-20 |
| 27. | 21-23 |
| 28. | 24-26 |
| **29.** | 27-29 |
| 30. | 30-32 |
| 31. | 33-35 |

## *Септември*

| | |
|---|---|
| 1. | Еремија 36-39 |
| 2. | 40-42 |
| 3. | 43-45 |
| 4. | 46-49 |
| **5.** | 50-52 |
| 6. | Плач 1-3 |
| 7. | 4-6 |
| 8. | Езекиел 1-4 |
| 9. | 5-7 |
| 10. | 8-10 |
| 11. | 11-12 |
| **12.** | 13-15 |
| 13. | 16-18 |
| 14. | 19-21 |
| 15. | 22-26 |
| 16. | 27-29 |
| 17. | 30-32 |
| 18. | 33-35 |
| **19.** | 36-38 |
| 20. | 39-41 |
| 21. | 42-44 |
| 22. | 45-48 |
| 23. | Даниел 1-4 |
| 24. | 5-8 |
| 25. | 9-12 |
| **26.** | Осија 1-3 |
| 27. | 4-6 |
| 28. | 7-9 |
| 29. | 10-14 |
| 30. | Јоил 1-3 |

## *Јули*

1. Псалм 1.
2. Псалм 2.
3. Псалм 3.
**4.** Псалм 4.
5. Псалм 5.
6. Псалм 6.
7. Псалм 7.
8. Псалм 8.
9. Псалм 9.
10. Псалм 10.
**11.** Псалм 11.
12. Псалм 12.
13. Псалм 13.
14. Псалм 14.
15. Псалм 15.
16. Псалм 16.
17. Псалм 17.
**18.** Псалм 18,1-15.
19. Псалм 18,16-30.
20. Псалм 18,31-50.
21. Псалм 19.
22. Псалм 20.
23. Псалм 21.
24. Псалм 22,1-15.
**25.** Псалм 22,16-31.
26. Псалм 23.
27. Псалм 24.
28. Псалм 25.
29. Псалм 26.
30. Псалм 27.
31. Псалм 28.

## *Август*

1. Псалм 29.
2. Псалм 30.
3. Псалм 31,1-14.
4. Псалм 31,15-24.
5. Псалм 32.
6. Псалм 33.
7. Псалм 34.
**8.** Псалм 35,1-14.
9. Псалм 35,15-28.
10. Псалм 36.
11. Псалм 37,1-19.
12. Псалм 37,20-40.
13. Псалм 38.
14. Псалм 39.
**15.** Псалм 40.
16. Псалм 41.
17. Псалм 42.
18. Псалм 43.
19. Псалм 44,1-12.
20. Псалм 44,13-26.
21. Псалм 45.
**22.** Псалм 46.
23. Псалм 47.
24. Псалм 48.
25. Псалм 49.
26. Псалм 50.
27. Псалм 51.
28. Псалм 52.
**29.** Псалм 53.
30. Псалм 54.
31. Псалм 55.

## *Септември*

1. Псалм 56.
2. Псалм 57.
3. Псалм 58.
4. Псалм 59.
**5.** Псалм 60.
6. Псалм 61.
7. Псалм 62.
8. Псалм 63.
9. Псалм 64.
10. Псалм 65.
11. Псалм 66.
**12.** Псалм 67.
13. Псалм 68,1-35.
14. Псалм 61,1-16.
15. Псалм 69,17-36.
16. Псалм 70.
17. Псалм 71,1-14.
18. Псалм 71,15-24.
**19.** Псалм 72.
20. Псалм 73,1-15.
21. Псалм 73,16-28.
22. Псалм 74.
23. Псалм 75.
24. Псалм 76.
25. Псалм 77.
**26.** Псалм 78,1-14.
27. Псалм 78,15-28.
28. Псалм 78,29-42
29. Псалм 78,43-56.
30. Псалм 78,57-72.

*Им предлагаме на верниците овие текстови да ги читаат во текот на вечерното богослужение во своето семејство.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| МЕСТО | ДАТУМ | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | **3.** | **10.** | **17.** | **24.** | **31.** |
| **Виница** | 20:08 | 20:06 | 20:02 | 19:56 | 19:49 |
| **Колешино** | 20:05 | 20:03 | 19:59 | 19:53 | 19:46 |
| **Стар Дојран** | 20:05 | 20:03 | 19:59 | 19:53 | 19:46 |
| **Куманово** | 20:12 | 20:10 | 20:06 | 20:00 | 19:53 |
| **Неготино** | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:57 | 19:50 |
| **Струмица** | 20:06 | 20:04 | 20:00 | 19:54 | 19:47 |
| **Кочани** | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:57 | 19:49 |
| **Велес** | 20:11 | 20:08 | 20:04 | 19:59 | 19:51 |
| **Кавадарци** | 20:09 | 20:06 | 20:02 | 19:57 | 19:50 |
| **Дебар** | 20:15 | 20:13 | 20:09 | 20:03 | 19:56 |
| **Скопје** | 20:13 | 20:10 | 20:06 | 20:01 | 19:54 |
| **Битола** | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:58 | 19:52 |
| **Кичево** | 20:13 | 20:11 | 20:07 | 20:01 | 19:54 |
| **Лаки** | 20:07 | 20:05 | 20:01 | 19:55 | 19:48 |
| **Чифлик** | 20:08 | 20:05 | 20:01 | 19:56 | 19:49 |
| **Штип** | 20:09 | 20:07 | 20:03 | 19:57 | 19:50 |
| **Тетово** | 20:15 | 20:12 | 20:08 | 20:03 | 19:55 |
| **Јегуновце** | 20:14 | 20:12 | 20:08 | 20:02 | 19:55 |
| **Росоман** | 20:09 | 20:07 | 20:03 | 19:57 | 19:50 |
| **Гевгелија** | 20:06 | 20:03 | 20:00 | 19:54 | 19:47 |
| **Свети Николе** | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:58 | 19:51 |
| **Делчево** | 20:07 | 20:05 | 20:01 | 19:55 | 19:48 |
| **Валандово** | 20:06 | 20:04 | 20:00 | 19:54 | 19:47 |
| **Охрид** | 20:12 | 20:10 | 20:06 | 20:01 | 19:54 |
| **Радовиш** | 20:08 | 20:05 | 20:01 | 19:56 | 19:49 |
| **Прилеп** | 20:10 | 20:08 | 20:04 | 19:58 | 19:51 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| АВГУСТ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 7. | 14. | 21. | 28. |
| Виница | 19:41 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Колешино | 19:38 | 19:29 | 19:19 | 19:08 |
| Стар Дојран | 19:38 | 19:29 | 19:19 | 19:08 |
| Куманово | 19:44 | 19:35 | 19:24 | 19:13 |
| Неготино | 19:41 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Струмица | 19:39 | 19:30 | 19:19 | 19:09 |
| Кочани | 19:41 | 19:32 | 19:21 | 19:10 |
| Велес | 19:43 | 19:34 | 19:23 | 19:12 |
| Кавадарци | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Дебар | 19:48 | 19:38 | 19:28 | 19:17 |
| Скопје | 19:45 | 19:36 | 19:25 | 19:14 |
| Битола | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |
| Кичево | 19:46 | 19:37 | 19:26 | 19:15 |
| Лаки | 19:40 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Чифлик | 19:41 | 19:31 | 19:21 | 19:10 |
| Штип | 19:42 | 19:32 | 19:22 | 19:11 |
| Тетово | 19:47 | 19:38 | 19:27 | 19:16 |
| Јегуновце | 19:47 | 19:37 | 19:27 | 19:15 |
| Росоман | 19:42 | 19:33 | 19:22 | 19:11 |
| Гевгелија | 19:39 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Свети Николе | 19:43 | 19:33 | 19:23 | 19:12 |
| Делчево | 19:40 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Валандово | 19:39 | 19:30 | 19:20 | 19:09 |
| Охрид | 19:46 | 19:36 | 19:26 | 19:15 |
| Радовиш | 19:40 | 19:31 | 19:21 | 19:09 |
| Прилеп | 19:43 | 19:34 | 19:24 | 19:13 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

## ЗАОЃАЊЕ НА СОНЦЕТО

ПОЧЕТОК НА САБОТНИОТ ДЕН

| СЕПТЕМВРИ 2020 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| МЕСТО | ДАТУМ | | | |
| | 4. | 11. | 18. | 25. |
| Виница | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Колешино | 18:56 | 18:44 | 18:32 | 18:20 |
| Стар Дојран | 18:56 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Куманово | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |
| Неготино | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Струмица | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Кочани | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Велес | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:24 |
| Кавадарци | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Дебар | 19:06 | 18:54 | 18:42 | 18:29 |
| Скопје | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Битола | 19:02 | 18:50 | 18:38 | 18:26 |
| Кичево | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Лаки | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Чифлик | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Штип | 18:59 | 18:47 | 18:35 | 18:23 |
| Тетово | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Јегуновце | 19:04 | 18:52 | 18:39 | 18:27 |
| Росоман | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Гевгелија | 18:57 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Свети Николе | 19:00 | 18:48 | 18:36 | 18:24 |
| Делчево | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:20 |
| Валандово | 18:57 | 18:45 | 18:33 | 18:21 |
| Охрид | 19:04 | 18:52 | 18:40 | 18:28 |
| Радовиш | 18:58 | 18:46 | 18:34 | 18:22 |
| Прилеп | 19:01 | 18:49 | 18:37 | 18:25 |

**Податоците во табелата изведени се според летното сметање на времето.*

# НАКОРО: ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА НА ИНТЕРНЕТ




Дописната библиска школа – „Библијата зборува“ наскоро ќе биде достапна и на интернет; извонредна можност многу луѓе да се запознаат со Библијата и нејзините вистини. Најновата веб-страница нуди осум нови дописни школи: Славните вистини на Библијата, Археологијата – ископување на минатото, Тајните на пророштвата, Сторијата за апостол Павле, Потрага, Здравјето на дофат и Верувањата на раните христијани.

**ПОРАЧКИ:**

- кај вашиот повереник за литература,
- на поштенски фах 215, 1000 Скопје
- или на тел. 02 / 20 30 777

# ДОПИСНА БИБЛИСКА ШКОЛА



**Проучувајте ја Библијата БЕСПЛАТНО по дописен пат и во 24 лекции дознајте што кажува таа за:**

- *Животот и личноста на Исус Христос*
- *Десетте Божји Заповеди*
- *Тајната за градење среќно семејство*
- *Здравиот начин на живот*
- *Пророштвата за нашево време*
- *Сигурноста во несигурниот свет...*

и многу други теми со извонредна важност!

Адресата каде што сакате да Ви пристигаат бесплатните лекции испратете ни ја на **Поштенски фах 215, 1000 Скопје**

**www.adventisti.org.mk**
**www.sdakavadarci.com**
**www.blagodativistina.mk**

## МОЈ ДНЕВНИК НА ПОСРЕДНИЧКА МОЛИТВА

„Според Божјиот план, како одговор на нашата молитва со вера, Бог ќе ни го даде она што не би ни го дал кога за тоа не би го молеле“ (Елена Вајт, *Големата борба,* стр. 442). „Развивајте ја навиката да разговарате со Спасителот. ... Вашето срце секогаш нека се издигнува во тивка молитва за помош, за светлина, за сила, за мудрост. Секој ваш здив нека биде молитва“ (Елена Вајт, *Пат во подобар живот,* стр. 328).

## МОИТЕ МОЛИТВЕНИ ИСКУСТВА

**„Нема ниедно поглавје во нашето искуство што за него би било премногу мрачно да го чита; нема проблем кој за него би бил премногу тежок да го реши. Нема несреќа што би го снашла најмалечкото негово дете, нема грижа што би ја мачела душата, нема радост што би разгалила, нема искрена молитва што би полетала од усните на нашиот небесен Отец да не ја види, веднаш да не се заинтересира“ (Елена Вајт, *Патот кон Христа,* стр. 99).**